УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ", СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА

# МОТИВАЦИСКАТА ПРИСТРАСНОСТ ВО ПРИПИШУВАЊЕТО НА ОДГОВОРНОСТА ЗА НЕСРЕЌНИ НАСТАНИ

- магистерски труд -

ментор,
д-р Јаков Лазароски

изработил,
Михајло Поповски

Скопје, 1993 год.

# С О Д Р Ж И Н А


ВОВЕД ........................................ 1

ТЕОРИСКАТА ОСНОВА НА ПРОУЧУВАЊЕТО НА ПРИПИШУВАЊЕТО НА ОДГОВОРНОСТА .................... 4

ХАЈДЕРОВИОТ МОДЕЛ НА ПРИПИШУВАЊЕТО НА ОДГОВОРНОСТА .................................. 18

- Емпириска проверка на развојните аспекти на Хајдеровиот модел на припишувањето на одговорноста .................... 22

- Кумулативната природа на Хајдеровите нивоа на припишувањето на одговорноста .................................. 28

ОДНОСОТ МЕЃУ ПРИПИШУВАЊЕТО НА КАУЗАЛНОСТА И ПРИПИШУВАЊЕТО НА ОДГОВОРНОСТА ................ 30

МОТИВАЦИСКАТА ПРИСТРАСНОСТ ВО ПРИПИШУВАЊЕТО НА ОДГОВОРНОСТА ЗА НЕСРЕЌНИ НАСТАНИ ............ 38

- Одбранбено-атрибутивна хипотеза .................... 41

- Емпириска проверка на одбранбено-атрибутивната хипотеза .................... 48

- Одбранбено-атрибутивната хипотеза и алтернативните мотивациски концепти .............. 59

- Одбранбено-атрибутивната хипотеза и немотивациските објаснувања на промените во припишувањето на одговорноста ............ 67

ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ............................ 74
- Вовед во проблемот на истражувањето ............... 74
- Проблем и хипотези ................................ 77
- Варијабли ......................................... 78
МЕТОД ............................................... 81
- Експериментален нацрт ............................. 81
- Стимулус-приказни ................................. 81
- Постапка на испитувањето .......................... 86
- Примерок .......................................... 90
РЕЗУЛТАТИ ........................................... 92
ДИСКУСИЈА ........................................... 101
ЗАКЛУЧОК ............................................ 111

ЛИТЕРАТУРА .......................................... 115

ПРИЛОГ А. ........................................... 122
ПРИЛОГ Б. ........................................... 135

# ВОВЕД

Развитокот на социјалната психологија во последните децении се карактеризира со се́ поизразена доминација на когнитивистичката ориентација во проучувањето на повеќето социјално-психолошки појави, при што, една од средишните точки кон која се сосредоточени голем број на теориски и емпириски проучувања претставуваат проблемите на социјалната перцепција.

Општо земено, проучувањето на социјалната перцепција,т.е. проучувањето на начините на коишто луѓето ги сознаваат и толкуваат социјалните објекти и социјалните настани, настојува да одговори на неколку фундаментални прашања што се однесуваат на различни, но сепак меѓусебно тесно поврзани феномени. Тоа се прашањата за тоа, на кој начин ние ги перцепираме лицата како единки со низа одредени особини, на кој начин ние се перцепираме самите себеси, како ги перцепираме социјалните групи и како ги перцепираме интерперсоналните односи. Овие прашања, на извесен начин претставуваат и појдовни основи во настојувањата на истражувачите да ја разберат и објаснат сложената природа на социјалната перцепција, при што се смета дека клучот за разбирањето на перцепцијата на повеќето социјални објекти и настани лежи, пред се́, во разбирањето на процесот на перцепирањето на лицата, бидејќи "лицата се актери или учесници во социјалната интеракција и сите социјални настани, тие се членови на социјалните групи, крајно целосен и конкретен елемент на секоја социјална структура, тие се творци, застапници и почитувачи на социјалните вредности, очекувања и норми, а освен тоа, тие се на ист начин и во иста

мерка актери на социјалните промени и истовремено се на причинската и на последичната страна на тие промени" (Havelka, 1992, стр. 53). Согласно на тоа, најголемиот дел од теориските и емпириските студии во областа на социјалната перцепција се однесуваат на особеностите на процесот на перцепирањето на лицата. Притоа, вниманието на истражувачите главно е сосредоточено кон два основни проблема: прво, како тече процесот на формирањето на импресиите за другите лица, односно на кој начин ние ги комбинираме и интегрираме перцептивните дразби и другите видови податоци во релативно поврзани и хомогени слики за лицата што ги перцепираме; и второ, како се одвива процесот на атрибуцијата, односно на кој начин ние ги создаваме атрибуциите, т.е. каузалните објаснувања за однесувањето на лицата што ги перцепираме.

Атрибуциите, како една од појавите што непосредно доаѓаат до израз при перцепирањето на лицата, се основен предмет на проучување на теоријата на атрибуцијата, којашто всушност претставува збирка на повеќе теориски поставки и емпириски сознанија за начините на коишто луѓето во текот на перцепирањето на настаните во социјалниот свет доаѓаат до каузални објаснувања за човековото однесување. Општо земено, теоретичарите и истражувачите на атрибуциите, поаѓајќи од претпоставаката дека перцепирањето на каузалните односи во социјалниот свет претставува прилично значајна одредница на човековото однесување, се обидуваат да ги специфицираат факторите што посматрачите ги поттикнуваат во нивното трагање за каузално релевантни информации, начинот на којшто тие информации се обработуваат при припишувањето на причините на настаните, и когнитивните и бихевиоралните консеквенци од создавањето на една за разлика од некоја друга, по-

тенцијална атрибуција. Значи, од атрибуциска перспектива, на посматрачите се гледа како на "конструктивни мислители" или како на "наивни психолози" кои ги бараат причините за настаните, изведуваат заклучоци за луѓето и околностите во коишто тие се наоѓаат, и делуваат со посредство на таквите когнитивни структури.

Во рамките на атрибуциските истражувања, покрај тоа што се настојува да се идентификуваат и опишат основните законитости на атрибуцискиот процес, предмет на проучување се и поедини специфични атрибуциски феномени, меѓу кои еден од најчесто истражуваните е и начинот на којшто луѓето ја припишуваат одговорноста за постапките и исходите на постапките на другите лица. Она што во досегашните студии на припишувањето на одговорноста било во средиштето на вниманието на речиси сите истражувачи коишто се бавеле со овој атрибуциски феномен се следните две групи прашања: прво, дали луѓето одговорноста ја припишуваат на различни нивоа - во рамките на кои доаѓаат до израз различни атрибуциски критериуми, и во кој степен примената на тие критериуми е развојно детерминирана; и второ, кога и зошто во припишувањето на одговорноста може да дојде до вплетување на мотивациските фактори, и какви ефекти можат да произлезат од нивното влијание.

Овие две групи прашања се предмет на анализа и на овој труд, во рамките на кој е направен обид за критичка презентација на најзначајните сознанија што произлегуваат од досегашните емпириски истражувања на овие прашања, при што вниманието, пред сѐ е сосредоточено кон оние сознанија што се однесуваат на појавата на мотивациската пристрасност во припишувањето на одговорноста за несреќни настани.

## ТЕОРИСКАТА ОСНОВА НА ПРОУЧУВАЊЕТО НА ПРИПИШУВАЊЕТО НА ОДГОВОРНОСТА

Основните прашања за начинот на којшто луѓето ја припишуваат одговорноста и за појавата на мотивациската пристрасност при изведувањето на заклучоците за одговорноста се поставени во рамките на **теоријата на атрибуцијата**, која во последните две децении од развитокот на социјалната психологија претставува појдовна основа во теоретската и истражувачката работа на многу психолози во повеќе области на социјалната психологија, а посебно во проучувањата на проблемите на социјалната перцепција и интерперсоналното однесување.

Јадрото на теоријата на атрибуцијата, чиј основен предмет на проучување се начините на коишто луѓето во текот на перцепирањето на настаните во социјалниот свет доаѓаат до каузални објаснувања за човековото однесување, го сочинуваат три комплементарни теориски концепции за законитостите на атрибуцискиот процес: Хајдеровата теорија на "наивната" психологија (Heider, 1944, 1958), теоријата на кореспондентното заклучување на Џоунс и Дејвис (Jones i Davis,1965) и Келиевата теорија на атрибуцијата (Kelley, 1967, 1972). Овие теории, во кои всушност се опишани основните правила или стратегии што луѓето ги применуваат при создавањето на атрибуциите, претставуваат појдовни точки во проучувањето на речиси сите атрибуциски феномени.

Хајдеровата теорија на "наивната" психологија. Почетоците на теоријата на атрибуцијата се врзани за работата на Ф. Хајдер, кој врз основа на анализата на "здраворазумската" или "наивната"

психологија се обидел да го разјасни начинот на кој луѓето ги перцепираат и интерпретираат настаните во социјалниот свет.

Хајдер во својата теорија поаѓа од еден модел на перцепцијата наречен "сочива", развиен од страна на Брунсвик (Brunswik, 1956) за објаснување на начинот на кој луѓето ги перцепираат физичките објекти. Според тој модел, објектите никогаш не се перцепираат директно, односно начинот на кој тие се перцепираат зависи од својствата на самите објекти, од контекстот во кој се перцепираат, од начинот на кој се перцепираат и од карактеристиките на лицето што перцепира. Значи, перцепцијата или исходот на процесот на перцепирањето е условен од повеќе елементи: објектот, контекстот, медијацијата и посматрачот. Хајдер смета дека перцепирањето на физичките објекти и перцепирањето на лицата имаат повеќе заеднички карактеристики, при што во процесот на перцепирањето на лицата се инволвирани многу од истите задачи и проблеми на заклучувањето што доаѓаат до израз во процесот на перцепирањето на објектите. Имено, слично како и во случајот со перцепирањето на објектите, перцепирањето на лицата е функција на однесувањето на лицата, контекстот во кој тоа однесување се јавува, начинот на кој посматрачот тоа го доживува и карактеристиките и преконцепциите на посматрачот за начините и причините што доведуваат до посматраното однесување. Меѓутоа, според Хајдер и покрај сличностите постојат суштински разлики меѓу перцепирањето на лицата и перцепирањето на објектите. Имено, лицата за разлика од објектите се перцепираат како центри на акциите, и како такви тие можат нам нешто да ни направат. Тие можат да ни направат нешто добро или нешто лошо, а истото тоа и ние можеме ним да им го направиме. Лицата имаат способности, желби и сентименти, тие делу-

ваат целисходно, и се свесни дека перцепираат и дека истовремено можат и самите да бидат перцепирани. Оттаму, нивниот статус како каузални суштества има централно значење во процесот на атрибуцијата.

Една од основните претпоставки на Хајдеровиот пристап во проучувањето на перцепцијата на каузалноста на однесувањето, е дека секој човек има изразена потреба за разбирање и предвидување на однесувањето на другите лица, бидејќи тоа му овозможува полесно да се снаоѓа и поуспешно да ги контролира настаните во сопствената средина. За да го постигне тоа, тој едноставно не ги перцепира или ментално регистрира однесувањата на другите, туку применува извесна "психолошка анализа" со цел да ги открие причините на однесувањата, при што настојува да ги идентификува постабилните причини, т.е. диспозициските својства на поединците и средината.

Според Хајдер, акциите на поединците се перцепираат како исход на комбинацијата на **персоналните** и/или **срединските сили** што учествуваат во нивното создавање. Односот меѓу персоналните и срединските сили е адитивен, така што за појавата на одредена акција не е неопходно истовременото учество на овие две генерални класи на сили, бидејќи акцијата може да се појави и тогаш кога само едните од нив се присутни. Персоналните сили, или внатрешноличните конституенти на акцијата се состојат од способности (знаење, интелигенција, талент, вештини и сл.) и мотивација којашто во себе вклучува намера и вложување напор. Притоа, способностите на поединците се стабилни, инваријантни диспозициски својства кај кои можат да се јават промени само во подолги временски интервали, а мотивацијата е варијабилно својство и

промените кај неа можат да бидат чести, брзи и големи. Додека пак, најзначајните елементи на срединските сили се тежината на задачата (акцијата) којашто е инваријантно диспозициско својство на средината и склопот на околностите којшто всушност претставува израз на делувањето на променливите срединскі фактори.

За илустрација дека акциите на поединците се перцепираат како исход на комбинацијата на персоналните и/или срединските сили може да послужи следниот пример: Некој е можеби способен да му помогне на својот пријател за да тој го поправи својот расипан автомобил, но ако тој не е мотивиран за тоа, тој тоа нема да го стори. Или, втора алтернатива, тој сака нему да му помогне, но не може бидејќи не знае. Освен тоа, на овие фактори можат да им бидат додадени или одземени срединските сили који се во состојба да го олеснат или да го отежнат дадениот исход. На пример, ако дефектот на автомобилот е лесен, тогаш можеби неговата мотивација и знаење ќе бидат доволни за неговата поправка, но ако дефектот е тежок можеби тие нема да бидат доволни. Според тоа, дали некој ќе изврши определена акција зависи од неговите способности и тежината на акцијата, а освен тоа и од присутноста на намерата и вложениот напор.

Значи, кога посматрачот врши "наивна анализа" на нечија акција со цел да ја утврди нејзината каузалност, Хајдер смета дека тој поаѓа од своите сознанија за способностите и мотивацијата на поединецот и срединските фактори, и причините ги пронаоѓа во поединецот - **персонална каузалност** и/или средината - **неперсонална каузалност**. Основен критериум за утврдување на видот на каузалноста е сознанието за постоењето, односно непостоењето на намера во предизвикувањето на акцијата од страна на поединецот.

Намерата е всушност централниот фактор во персоналната каузалност и нејзиното перцепирање на посматрачот му овозможува полесно доаѓање до персоналните диспозициски својства што се наоѓаат во основата на акциите. Покрај постоењето на намерата, персоналната каузалност се карактеризира со еквифиналноста, т.е. инваријантноста на целта којашто се сака да се постигне и варијабилноста на применетите средства во нејзиното остварување, и со местото или локацијата на причината, бидејќи поединецот е тој што ги контролира сите каузални насоки што произлегуваат од него, тој не е само првична причина којашто доведува до промени, туку за цело време во текот на некоја активност останува и постојана причина. Во врска со утврдувањето на видот на каузалноста, потребно е да се напомене и тоа дека според Хајдер, доколку при анализата на нечија акција посматрачот дојде до заклучок дека основната причина за акцијата се наоѓа во поединецот, тој помалку ќе го земе предвид каузалното влијание на средината и обратно.

Хајдеровата анализа на каузалното заклучување имала пресудно влијание на останатите две клучни теории на атрибуцискиот процес, во кои неговите поставки се разработени и систематизирани во облик на емпириски проверливи хипотези.

Теоријата на кореспондентното заклучување на Џоунс и Дејвис. Поаѓајќи од Хајдеровите поставки, Џоунс и Дејвис, во рамките на својата теорија на кореспондентно заклучување, први се обиделе попрецизно да ги објаснат начините на коишто луѓето заклучуваат за намерите и диспозициите на другите врз основа на перцепирањето на нивното однесување.

Слично како и Хајдер, Џоунс и Дејвис сметаат дека во ситуациите кога некој посматрач анализира нечие однесување со цел да

објасни зошто посматраното лице така се однесувало и зошто ја избрало токму дадената акција, тој поаѓа од ефектите на акцијата (под ефекти на акцијата, Џоунс и Дејвис подразбираат карактеристични или потенцијално карактеристични консеквенци на одредена акција) и трага за нејзините причини, но во тоа трагање тој не оди бесконечно наназад низ причинско-последичниот синџир, туку секогаш се запира кога ќе утврди намера или мотив, а после тоа акцијата ја припишува на стабилните диспозициски својства на лицето (на личните особини, ставовите, интересите и сл.). Значи, за да посматрачот би можел акцијата да ја припише на диспозициите, тој мора прво да утврди постоење на намера во изведувањето на акцијата. Притоа, Џоунс и Дејвис претпоставуваат дека припишувањето на намерата се базира на претпоставките на посматрачот за знаењето на поединецот дека акцијата ќе ги има дадените ефекти, и за неговите способности да ги предизвика тие ефекти ако тој тоа би го сакал.

Според Џоунс и Дејвис, целта на атрибуцискиот процес е изведувањето на **кореспондентни заклучоци** за лицата коишто се предмет на перцепирањето. Кореспондентноста се однесува на степенот во кој одредена акција и диспозиција што се наоѓа во нејзината основа на сличен начин се опишуваат при заклучувањето. Посматрачот создава кореспондентни заклучоци, кога непосредно од однесувањето на посматраното лице заклучува за неговите намери и диспозиции. На пример, посматрачот може да заклучи дека некое лице поседува особина на доминантност врз основа на тоа што лицето во различни ситуации се однесува на доминантен начин спрема другите луѓе. Меѓутоа, Џоунс и Дејвис сугерираат дека изведувањето на кореспондентните заклучоци често пати не е така едноставен процес,

бидејќи секоја акција обично е исход на избор помеѓу повеќе алтернативи со бројни ефекти коишто во одреден степен можат и да се преклопуваат. Затоа, за да може посматрачот врз основа на ефектите на однесувањето да изведе заклучоци за намерите и диспозициите на посматраното лице, или актерот, тој мора да се сосредоточи на оние ефекти што се поинформативни за диспозициите, т.е. најпрво мора да утврди кои ефекти се повредни за актерот, или кои ефекти се цел на актерот. Според тоа, трагањето за диспозициите обично изискува покомплексна анализа.

Основното средство што на посматрачот му овозможува полесно да дојде до диспозициите и кореспондентните заклучоци претставува **анализата на незаедничките ефекти.** Кога некој ќе утврди дека актерот имал можност да делува на повеќе различни начини, тој се прашува зошто актерот ја избрал дадената акција, а не избрал некоја друга, и притоа преку споредување на ефектите на избраната акција со ефектите на неизбраните акции, тој се обидува да ги идентификува карактеристичните ефекти на акцијата. На пример, ако на некој невработен лекар во исто време му се укаже можност да се вработи во градот во којшто живее и во некое мало од градот оддалечено место, и ако во обата случаја постојат идентични услови за работа и унапредување во струката, освен што за работата во малото место тој би добивал поголема плата, доколку лекарот ја прифати втората алтернатива, некој може да заклучи дека тој е заинтересиран за пари. Покрај тоа, ако избраната алтернатива содржи повеќе негативни елементи (секојдневно патување, помалку време за семејството, поголем замор и сл.) во однос на неизбраната алтернатива, тогаш може да се заклучи дека позитивните елементи (парите) се многу значајни за него. Значи, анализата на незаед-

ничките ефекти преку идентификација на карактеристичните ефекти што произлегуваат од акцијата води кон кореспондентни заклучоци. Помал број такви ефекти, посигурен заклучок. Повеќе негативни елементи содржани во избраната алтернатива, поголем степен на увереност во значењето на незаедничките ефекти.

Меѓутоа, анализата на незаедничките ефекти понекогаш може да доведе и до двосмислени заклучоци за диспозициите на актерот, бидејќи за посматрачот не е секогаш лесно да ги утврди како алтернативните текови на акцијата, така и нивните ефекти и нивните незаеднички ефекти. Според Џоунс и Дејвис, еден од најчестите начини за редуцирање на двосмисленоста при изведувањето на кореспондентните заклучоци е перцепцијата на **општествената пожелност на ефектите**. Имено, сознанието за општествената пожелност е важен критериум при одредувањето на каузалноста, бидејќи однесувањата многу често се обусловени од општествената прикладност. Кога луѓето не се однесуваат во склад со нормите и вообичаените правила на однесување, ние со поголема сигурност заклучуваме дека таквите однесувања се израз на нивните реални уверувања, бидејќи тие на тој начин ризикуваат да бидат "оцрнети", односно ризикуваат да трпат различни општествено непријатни консеквенци. Затоа, ако ефектите на избраната акција се општествено пожелни, т.е. ако таквите ефекти, општо земено, настојуваат да ги остварат повеќето луѓе, тогаш тие малку зборуваат за актерот и заклучокот врз основа на тие ефекти би бил помалку кореспондентен. Меѓутоа, ако ефектите се помалку општествено пожелни, посматрачот може со поголема сигурност да изведе заклучок за одредена диспозиција на актерот и истовремено да дојде до поголема кореспондентност.

Постои и друг елемент кој исто така му помага на посматрачот во заклучувањето за диспозициите, а тоа е, сознанието дека акцијата всушност е **избор** на самиот актер и дека таа малку била обусловена од факторите на ситуацијата. Доколку акцијата е условена од ситуацијата таа поретко се врзува за некое стабилно својство на актерот. Меѓутоа, ако таа е исход на неговиот избор, и ако таа неколку пати се појавила во слични ситуации, тогаш таа може да се земе како основа за подобрување на кореспондентните заклучоци.

Покрај тоа, за посматрачот може да биде многу информативно и сознанието дека акцијата не е дел од некоја **општествена улога** на актерот. Однесувањата коишто се во склад со јасно дефинираните барања на одредени улоги обично не се многу информативни за персоналните основи на однесувањето. Наспроти тоа, акциите на актерите што излегуваат од рамките на добро дефинираните улоги, можат прилично да помогнат во создавањето на кореспондентните заклучоци.

Според Џоунс и Дејвис, освен овие фактори, во процесот на заклучувањето можат да се појават и извесни мотивациски пристрасности, што доаѓаат до израз во оние ситуации кога постои лична вклученост на посматрачот, и кои во одреден степен имаат влијание во донесувањето на кореспондентните заклучоци. Овие пристрасности, Џоунс и Дејвис ги означуваат како хедонистичка релевантност и персонализам. **Хедонистичката релевантност** се однесува на степенот во кој ефектите на избраните акции се мотивационо значајни за посматрачот. Ефектите можат да бидат позитивно или негативно релевантни во зависност од тоа дали тие ги поткрепуваат или оневозможуваат вредностите, интересите и настојувањата на посматрачот. Општо земено, зголемувањето на хедонистичката релевантност доведува

до зголемување на можноста за изведување кореспондентни заклучоци, бидејќи релевантноста на извесен начин овозможува групирање на ефектите и притоа редуцирање на бројот на незаедничките ефекти. Што се однесува пак до **персонализмот**, тој доаѓа до израз во оние ситуации кога посматрачот увидува дека актерот намерно делувал за да нему му направи нешто добро или лошо. Значи, во овој случај, не само што акцијата на актерот е хедонистички релевантна за посматрачот, туку таа од посматрачот е забележана и како намерна и целисходна. Хедонистички релевантните акции коишто се повеќе персоналистички овозможуваат покореспондентни атрибуции за разлика од оние акции што вклучуваат помал степен на персонализам.

Значи, да резимираме, теоријата на кореспондентното заклучување на Џоунс и Дејвис го објаснува процесот на изведувањето на заклучоците за намерите и диспозициите на луѓето врз основа на перцепцијата на нивното однесување. Според неа, луѓето доаѓаат до кореспондентни заклучоци за другите лица во случај кога идентификуваат помал број на незаеднички ефекти на избраната и неизбраните акции, кога акциите на лицата не се во склад со општествените норми и вообичаените правила на однесување, кога се слободно избрани, кога не произлегуваат од општествените улоги, и кога постои поголем степен на хедонистичка релевантност и персонализам.

Келиевата теорија на атрибуцијата. Харолд Кели развил две концепции за атрибуцискиот процес што ја чинат основата на неговата теорија, која всушност исто како и во случајот со теоријата на кореспондентното заклучување претставува попрецизна и посистематична разработка на Хајдеровите идеи. За појавата на каузалното заклучување во случаите кога луѓето се соочуваат со повеќекрат-

ни примери на исти или слични настани, Кели го формулирал моделот на коваријацијата (Kelley, 1967), а за случаите кога луѓето располагаат со информации што се однесуваат само на еден поединечен настан, тој го развил концептот за каузалните схеми (Kelley, 1972). За разлика од теоријата на кореспондентното заклучување, Келиевите формулации го опишуваат процесот на создавањето на атрибуциите за каузалноста кај лицата-посматрачи не само во однос на другите лица, туку и во однос на срединските фактори, а исто така и во однос на самите себеси. Освен тоа, неговите формулации се повеќе нормативни и опишуваат, пред се, идеални начини на каузално заклучување.

**Моделот на коваријацијата** - Според Кели, во случаите кога посматрачот располага со повеќекратни информации за исти или слични настани, заклучувањето за причините на настаните се засновува на принципот на коваријацијата ( под коваријација се подразбира перцепција на заедничко појавување на два настани ). Или, попрецизно, кога посматрачот се обидува да ја открие причината за одреден ефект на однесувањето на посматраното лице X спрема некој ентитет Y ( во овој случај, ентитет може да биде друго лице или објект ), тој ги разгледува коваријациите на ефектот со неколку вида на причини (причини во врска со лицето, ентитетот и ситуацијата) и ефектот го припишува на онаа причина која се перцепира дека најдоследно коварира со него. Информациите за коваријацијата, посматрачот ги анализира со посредство на следните критериуми: **дистинктивност** - дали ефектот на однесувањето на лицето X се јавува само во присуство на ентитетот Y, или се јавува и во присуство на други ентитети. Високата дистинктивност укажува на надворешна причина, а ниската дистинктивност на внатрешна причина;

**конзистентност** - дали ефектот на однесувањето на лицето X секогаш се јавува во присуство на ентитетот Y без оглед на модалитетите на интеракцијата, или не. Високата конзистентност укажува дека причината е врзана или за X, или за Y, а ниската конзистентност укажува дека причината за однесувањето лежи во ситуацијата; и **консензус** - дали ефектите од однесувањата на останатите лица спрема ентитетот Y се исти или не. Висок степен на консензус укажува на надворешна причина, а низок степен на консензус на внатрешна причина. Значи, според Кели, посматрачот до каузалните атрибуции доаѓа врз основа на сознанијата за вредностите на овие фактори и нивните комбинации. На пример: во случај на перцепција на висока дистинктивност, висока конзистентност и висок степен на консензус, посматрачот причината за однесувањето на лицето ќе ја припише на "нешто во ентитетот"; а во случај на перцепција на висока дистинктивност, висока конзистентност и низок степен на консензус, посматрачот причината за однесувањето на лицето ќе ја припише на "нешто во лицето"; додека пак во случај на перцепција на висока дистинктивност, ниска конзистентност и низок степен на консензус, посматрачот причината за однесувањето ќе ја припише на "нешто во ситуацијата". Во врска со примената на принципот на коваријацијата при каузалното заклучување, треба да се напомене и тоа дека било кој исход од неговата примена води кон воопштено локализирање на причините на однесувањето во рамките на поединецот, или надвор од него, т.е. примената на тој принцип не му овозможува на посматрачот да идентификува одредени специфични диспозиции како причини.

Кели, покрај принципот на коваријацијата опишува и други посредни начини на коишто луѓето заклучуваат за причините на нас-

таните. Имено, посматрачот често пати при каузалното заклучување не се соочува со "чисти" ситуации, т.е. тој нема секогаш на располагање употребливи информации за конзистентноста, дистинктивноста на настанот и за други искуства во врска со него, па затоа, за да создаде атрибуции, тој мора да прибегне кон други стратегии или правила во заклучувањето. Според Кели, во такви случаи посматрачот може да го примени или принципот на отфрлување, или принципот на зголемување (Kelley, 1971) . Според **принципот на отфрлување**, посматрачот може да ја отфрли некоја причина за настанот ако на располагање има други поприфатливи причини, додека пак, според **принципот на зголемување**, посматрачот може повеќе да се сосредоточи кон некоја причина за настанот ако постојат и некои отежнувачки фактори кои инхибиторно делуваат на појавата на настанот.

**Каузални схеми.** Според Кели, освен принципот на коваријацијата луѓето употребуваат и друг општ метод при заклучувањето за каузалноста, кој се состои во примена на одредени каузални схеми. Кели, каузалната схема ја одредува како "општа концепција на посматрачот за начинот на којшто одредени видови причини взаемно делуваат во создавањето на специфичен ефект" (Kelley, 1972 , стр. 151). Кели смета дека секој човек во своите искуства со причинско-последичните односи во социјалниот свет, развива одредени апстрактни концепции за начините на кои причините можат да бидат взаемно поврзани во продуцирањето на ефектите. Овие концепции, именувани како каузални схеми, доаѓаат до израз во каузалното заклучување обично кога посматрачите располагаат со ограничени или двосмислени информации за некој поединечен настан. А која схема посматрачот ќе ја примени при создавањето на

атрибуциите, пред се зависи од конфигурацијата на релевантните фактори во врска со конкретниот настан што е предмет на каузална анализа.

*　　*　　*

Теориите на Хајдер, Џоунс и Дејвис, и Кели за законитостие на атрибуцискиот процес, како клучни теориски концепции во рамките на теоријата на атрибуцијата предизвикале бројни и разновидни проучувања на повеќе атрибуциски феномени. Поаѓајќи од основните поими и поставки изложени во овие теории (кои во литературата често се означуваат и како основни или нормативни модели на каузалното заклучување), атрибуциските истражувања се развивале во неколку насоки, при што вниманието на истражувачите главно е сосредоточено кон следните проблеми: перцепирањето на причините на успехот и неуспехот при вршењето на одредена активност; разликите во каузалните објаснувања на сопственото и туѓото однесување; анализа на грешките и пристрасностите што се јавуваат во атрибуцискиот процес; и припишувањето на одговорноста.

*　　*　　*

Проучувањето на проблемот, на кој начин луѓето ја припишуваат одговорноста за постапките и исходите на постапките на другите лица и од кои фактори зависи создавањето на атрибуциите на одговорноста, како една од насоките во кои се движат истражувањата на атрибуцискиот процес, непосредно е иницирано, од една страна, од Хајдеровите поставки за нивоата на коишто луѓето ја припишуваат одговорноста, што тој ги изложил во рамките на својата атрибуциска теорија (Heider, 1958), а од друга страна, од

емпириските наоди на Волстер (Walster, 1966) за појавата на мотивациската пристрасност во припишувањето на одговорноста за несреќни настани. Следствено, основните прашања што се предмет на истражувачката работа на поголемиот број истражувачи што се бават со проблемот на припишувањето на одговорноста се однесуваат на тоа, дали навистина постојат нивоа во припишувањето на одговорноста и во кој степен тие нивоа се развојно детерминирани, и второ, кога и зошто при припишувањето на одговорноста може да дојде до вплетување на мотивациските фактори и какви ефекти можат да произлезат од влијанието на тие фактори.

## ХАЈДЕРОВИОТ МОДЕЛ НА ПРИПИШУВАЊЕТО НА ОДГОВОРНОСТА

Хајдер, во рамките на својата анализа на процесот на перципирањето на каузалноста на однесувањето на другите лица, посебно го разгледува и начинот на којшто луѓето ја припишуваат одговорноста на другите за исходите на нивните акции. Општо земено, тој смета дека во припишувањето на одговорноста луѓето поаѓаат од перцепцијата на каузалноста на одредена акција, односно од перцепцијата на тоа, кој од основните услови - мотивацијата на лицето, личните фактори на моќта или срединските фактори - имал пресудно влијание врз исходот на акцијата. Притоа, најзначајниот фактор во заклучувањето за нечија одговорност (исто како и во случајот со персоналната каузалност) е перцепцијата на постоење намера во изведувањето на акцијата. "Луѓето се сметаат одговорни за

своите намери и напори, но не така стриктно и за своите способности" (Heider, 1958, стр. 112). Затоа, ако некоја акција е видена како исход, на пример, на неумешноста или незнаењето на лицето, т.е. ако таа е објаснета со факторите на способноста, а не со мотивацијата, лицето ќе биде сметано како помалку одговорно за ефектите на акцијата. Меѓутоа, при припишувањето на одговорноста, според Хајдер, многу е значајно дали и во кој степен акцијата е видена и како исход на влијанието на средисннките фактори. Големината на припишаната одговорност може значајно да варира со релативниот придонес на срединските фактори во исходот на акцијата, т.е. ако срединските фактори се перцепирани како повеќе влијателни на исходот отколку персоналните фактори, лицето ќе биде проценето како помалку одговорно, и обратно.

Поаѓајќи од претпоставката дека и заклучувањето за одговорноста е детерминирано од перцепцијата на улогата на персоналните и срединските фактори во исходот на акцијата, Хајдер сугерира дека при припишувањето на одговорноста луѓето користат неколку атрибуциски критериуми, коишто можат да се класифицираат во нивоа во зависност од степенот во кој тие се сосредоточени на внатрешните фактори на лицето наспроти факторите на средината. Според Хајдер, постојат пет нивоа во припишувањето на одговорноста, во кои поимот на личната одговорност различно се одредува, и во кои како што се намалува атрибуцијата спрема лицето така се зголемува атрибуцијата кон средината.

На најпримитивното ниво - **ниво на асоцијација** - одговорноста се припишува прилично глобално. Имено, перцепираното лице се смета одговорно за секој ефект којшто на било кој начин е поврзан со него, или изгледа дека на некој начин нему му припаѓа.

На пример, некој може да биде сметан одговорен за лошите дела што биле направени во далечното минато од страна на неговата земја или религија, или пак некому може да му биде честитано за победата на спортската екипа од неговото место.

На второто ниво - **ниво на каузалност** - лицето се смета одговорно за секој ефект што произлегол од неговата активност, без оглед на тоа што лицето не можело да ги предвиди последиците на својата активност, а нити имало намера нив да ги предизвика. Според Хајдер, ова ниво одговара на она што Пијаже (Piaget, 1932) го означил како "објективна одговорност" која според него претставува првиот развоен степен во моралното расудување, при што лицето не се проценува врз основа на неговите мотиви туку по она што го прави.

На следното ниво - **ниво на предвидливост** - лицето се смета одговорно за секој ефект на неговите активности што можел да се предвиди дека ќе се појави, без оглед на тоа што ефектот не бил дел од неговите цели и намери. На пример, на ова ниво одговорноста може да се припише затоа што е перцепирано дека лицето во предизвикувањето на акцијата било невнимателно, морално слабо, или недоволно разумно.

На четвртото ниво - **ниво на намера** - лицето се смета одговорно за секој ефект на неговите активности којшто бил предвиден и намерно предизвикан од него. Според Хајдер, ова ниво приближно кореспондира со Пијажеовата "субјективна одговорност" кај која мотивите имаат централна улога.

И на највисокото ниво - **ниво на оправдување** - лицето се смета делумно одговорно за секој ефект којшто намерно бил предиз-

викан од негова страна, во случајот кога околностите биле такви што од повеќе луѓе може да се очекува да се чувствуваат и однесуваат на ист начин како што тој постапил. Иако на лицето му се припишува намера во однесувањето, нејзиниот извор се наоѓа во принудувачките околности, при што може да се рече дека: "Тоа што лицето постапило на таков начин не е негова грешка, бидејќи тоа всушност било предизвикано така да постапи". Со други зборови, одговорноста за постапките и нивните исходи на извесен начин се дели со принудувачките околности.

Од оваа концептуализација на нивоата на припишувањето на одговорноста, произлегува дека за Хајдер нивоата претставуваат различни облици на атрибуција, односно различни начини на земање предвид на неколку варијабли во целокупната ситуација. Нивоата всушност се една прогресија од "примитивна" неиздиференцирана атрибуција до една прилично диференцирана "префинета" атрибуција. Освен тоа, иако врз основа на неговата концизна презентација на нивоата не е сосема јасно во кој степен тој имал намера нив да ги прикаже како развојни стадиуми во когнитивно развојна смисла (т.е. во смисла на структуирани целини коишто се јавуваат во еден непроменлив низ, при што секоја целина претставува подготвителна состојба за следната во којашто таа подоцна се асимилира), со потенцирањето на сличноста меѓу своите критериуми на каузалноста и интенционалноста со Пијажеовите степени на моралното расудување, тој имплицитно навестил дека нивоата се поврзани со возраста. Оваа импликација всушност претставува клучниот елемент што ги поттикнал истражувачите повеќе да се позанимаваат со неговиот модел на припишувањето на одговорноста, и преку проучување на развојните аспекти на моделот во извесна смисла да ја проверат и неговата валидност.

<u>Емпириска проверка на развојните аспекти на Хајдеровиот модел на припишувањето на одговорноста</u>. Првиот обид за емпириска проверка на развојноста на нивоата е направен од страна на Шоу и Сулцер (Shaw i Sulzer, 1964), чие истражување претставува прототип за сите истражувања во кои подоцна е проучуван овој проблем. Овие истражувачи, за да ги утврдат развојните разлики во припишувањето на одговорноста примениле постапка којашто се базира на претпоставката дека самиот контекст на некој настан може да имплицира одредено ниво на одговорност, и ако тој контекст прецизно се одреди, припишувањето на одговорноста ќе биде детерминирано од развојното ниво на секој проценувач. Поаѓајќи од таквата претпоставка, Шоу и Сулцер на своите испитаници (деца на возраст од 6 до 9 год. и студенти) вербално им презентирале кратки приказни во кои биле опишани различни постапки на едно исто дете и потоа од нив барале да извршат проценка на неговата одговорност за предизвиканите ефекти. Секоја приказна содржела минимум информации неопходни за припишување на одговорноста на едно од Хајдеровите пет нивоа. А секое ниво било претставено со по четири приказни, од кои две биле со негативни, а две со позитивни исходи.

Резултатите до кои дошле Шоу и Сулцер прилично ја поткрепиле претпоставката за развојноста на Хајдеровите нивоа. Во припишувањето на одговорноста на актерот, како за позитивните така и за негативните исходи на неговите постапки, студентите покажале тенденција на поголемо диференцирање во однос на децата и тоа пред се во оние ситуации во кои можеле да се предвидат последиците на дадената постапка и во ситуациите на намерното однесување, за разлика од оние случаи во кои јасно отсуствувала предвидливост или намера. Освен тоа, студентите за разлика од децата му припишале

поголема одговорност на актерот на нивоата предвидливост, намера и оправдување, а помала на нивоата асоцијација и каузалност. Но интересно е дека кај студентите не се појавила очекуваната диференцијација меѓу интенционалноста и оправданоста, а со тоа не дошло и до значајно смалување на степенот на припишаната одговорност на нивото на оправдување во однос на нивото на намера. Коментирајќи ја појавата на минималното смалување на припишаната одговорност во ситуациите кога околностите влијаеле на исходот на настанот, Шоу и Сулцер сугерираат дека атрибуциската префинетост во однос на околностите побавно се развива и дека таа може да се очекува кај "возрасните граѓани".

Слични разлики во припишувањето на одговорноста меѓу децата и возрасните се евидентирани и во подоцнежните истражувања на Шоу и неговите соработници (Shaw i Schneider, 1969; Shaw i Reitan, 1969; Shaw i Iwawaki, 1972), во кои се употребувани слични стимулус приказни и се опфатени испитаници на различни возрасти и популации.

Меѓутоа, иако резултатите на овие студии даваат сугестивна подршка на развојната интерпретација на Хајдеровиот модел, поради извесни методолошки и концептуални непрецизности присутни во тие студии, некои автори оправдано се посомневале во релевантноста на добиените резултати. На пример, Харис (Harris, 1977) смета дека разликите во припишувањето на одговорноста меѓу двете возрасни групи (деца и студенти) утврдени во истражувањето на Шоу и Сулцер, по се изгледа се посредувани и од нееднаквата способност за меморирање на дадените приказни, а исто така и од различното разбирање на експерименталните инструкции. Оваа забелешка веројатно е оправдана поради долгата процедура применета при групното

тестирање и поради несоодветното објаснување на поимот на одговорноста што им било дадено на децата, во смисла дека одговорноста на актерот била објаснета на воопштен и недоволно податлив начин за децата. Но, ако оваа забелешка на одреден начин има и ограничено значење, бидејќи не се однесува на сите студии, постои и друга забелешка која е далеку посуштинска. Имено, врз основа на анализата на стимулус-материјалот употребен во сите овие студии, прво Харис, а потоа и Финчам и Џаспарс (Fincham i Jaspars, 1979, 198o) утврдиле дека приказните применети од Шоу и неговите соработници не ги репрезентирале на адекватен начин соодветните нивоа на одговорноста, при што во некои приказни не биле доволно јасно операционализирани и меѓусебно диференцирани атрибуциските критериуми (на пример, некои критериуми, меѓу другото, биле помешани и со други атрибуциски фактори, како што се способноста и вложувањето напор). Според овие автори, појавата на детските недиференцирани атрибуции на повисоките нивоа или појавата на смалување на припишаната одговорност за интенционалните наспроти предвидливите исходи, судејќи по се, најверојатно произлегува од несоодветните операционализации на нивоата.

Со цел што повеќе да се минимизираат концептуалните непрецизности во операционализацијата на нивоата, Харис (1977) во своето истражување, наместо приказни, на испитаниците (деца на возраст од 7, 9, 12 и 13,5 год. и студенти) им презентирал видео снимки. На снимките биле прикажани пет варијации на еден настан во рамките на една иста општа ситуација, при што на експлицитен начин биле изнесени неопходните атрибути за репрезентирање на нивоата. Исходот на настанот во сите пет случаи бил идентичен (кршење на столче). После гледањето на секоја снимка, од испитаниците

е барано прво да дадат проценка за степенот на каузалноста, а потоа и за степенот на одговорноста на актерот (деветгодишно девојче) за кршењето на столчето.

Резултатите на ова истражување покажале дека испитаниците на возраст од 13,5 год. и студентите имале подиференциран однос во припишувањето на одговорноста, особено низ последните три нивоа, додека припишаната одговорност од страна на испитаниците на возраст од 7 и 9 год. била помалку диференцирана. Меѓутоа, и покрај евидентираните разлики меѓу возрасните групи, овие резултати даваат само глобална поддршка на развојните импликации на Хајдеровиот модел, бидејќи интеракцискиот ефект меѓу возраста и стимулус-нивоата се покажал како приближно значаен ($p < 0,09$). Освен тоа, Харис за разлика од Шоу и Сулцер открил: прво, дека сите возрасни групи минимално ги диференцирале првите два нивоа; второ, дека сите возрасни групи најголема одговорност и припишале на девојчето во случајот кога таа намерно и без принуда го скршила столчето, при што разликите во степенот на припишаната одговорност меѓу групите на ова ниво не биле значајни; и трето, дека кај сите групи се појавило смалување на припишаната одговорност на нивото на оправдување во однос на нивото на намера.

Како најсеопфатно истражување во оваа област се смета студијата на Финчам и Џаспарс - "Припишување на одговорност кон себеси и другите кај децата и возрасните" (1979). Овие истражувачи, во конципирањето на приказните примениле посложена постапка, при што нивната репрезентативност била проверувана како од недипломирани и дипломирани студенти на психологија така и од наставници коишто работеле со деца. Приказните што тие ги составиле опишувале варијации на еден, за испитаниците (деца на возраст од 6-7,5;

8-9,5; 1о-11,5; 12-13,5 год. и недипломирани и дипломирани студенти) многу реалистичен и секојдневен настан (возење на велосипед). Исходот на настанот во сите варијации бил благо негативен (актерот возејќи велосипед незначително повредува друго лице). Приказните на испитаниците им биле презентирани двапати: во првиот случај, секој испитаник имал улога на актер, а во вториот, како актер се појавувало неутрално лице. После читањето на секоја приказна, од испитаниците е барано прво да проценат колку актерот бил виновен за повредувањето на лицето, а потоа и колку тој самиот е причина за тоа.

Финчам и Џаспарс откриле дека возраста, стимулус-нивоата и нивната интеракција значајно влијаеле на судовите за одговорноста на актерот (без оглед дали се работело за самопроцена или за процена на неутралниот актер). Меѓутоа, обликот на интеракцијата меѓу возраста и стимулус-нивоата бил делимично конзистентен со развојната интерпретација на Хајдеровиот модел. Иако зголемувањето на возраста било поврзано со се позначајни дистинкции меѓу соседните нивоа, сите возрасни групи на актерот му припишувале се поголема вина како што неговото однесување станувало се повнатрешно детерминирано. Покрај тоа, дури и испитаниците на возраст од 8-9,5 год. значајно ја разликувале интенционалноста од оправданоста. Што се однесува пак до диференцијацијата меѓу првите два нивоа, таа кај сите возрасни групи била незначителна. Бидејќи истото тоа го утврдил и Харис, Финчам и Џаспарс сметаат дека разликата меѓу случајно предизвиканите несреќни настани (II ниво) и несреќните настани што не се предизвикани од актерот (I ниво), најверојатно не е така значајна во припишувањето на одговорноста како што се значајни останатите критериуми на Хајдер.

Општо земено, резултатите на Финчам и Џаспарс не ја поткрепуваат во целост развојната интерпретација на Хајдеровите нивоа на припишувањето на одговорноста бидејќи: прво, сите возрасни групи ги диференцирале нивоата согласно начинот на којшто тие се дефинирани од страна на Хајдер; второ, значајната интеракција меѓу нивоата и возраста, пред се, резултирала од зголемувањето на бројот на значајните диференцијации со возраста, така што разликите меѓу возрасните групи биле повеќе квантитативни отколку квалитативни; и трето, иако врз основа на анализата на индивидуалните склопови на одговорите било пронајдено дека извесни склопови на одговори доминирале кај поедини возрасни групи, сепак, не е пронајдена евиденција за постоење на развојни стадиуми.

Според тоа, врз основа на наодите во истражувањата на Харис, Финчам и Џаспарс (во кои биле поадекватно операционализирани нивоата на одговорноста и биле употребени стимулус-настани што се поприродни и поблиски на испитаниците) може да се заклучи дека развојната интерпретација на Хајдеровиот модел не е баш толку соодветна како што на почетокот се претпоставувало.* Иако во тие истражувања е откриено дека разликите во припишувањето на одговорноста се зголемувале со возраста, судејќи по се, до тоа зголемување не дошло поради тоа што различни возрасни групи употребувале различни атрибуциски критериуми, туку поради нивната различна при-

*И самиот Хајдер во 1978 год. образложувајќи ја поврзаноста на нивоата со возраста изјавил: "Јас не сакав да имплицирам дека нивоата временски следат едно по друго во развојот на детето ... (туку) тоа го замислив само како поедноставен начин за презентирање на овие различни видови атрибуции... како различни облици на ментална структура со различна когнитивна длабочина" (Fincham i Jaspars, 1980, стр. 90).

мена на критериумите при разликувањето на степенот на одговорноста. Меѓутоа, мора да се напомене дека и покрај тоа што ова објаснување изгледа прифатливо, тоа во крајна линија не може да се земе како конечен заклучок во врска со прашањето за развојноста на нивоата, бидејќи засега не се располага со наоди за тоа каква е сензитивноста спрема атрибуциските критериуми кај најмладите возрасни групи, т.е. кај претшколските деца.

Кумулативната природа на Хајдеровите нивоа на припишувањето на одговорноста. Втората позначајна карактеристика на нивоата на припишувањето на одговорноста предложени од Хајдер, која во претходно наведените студии била главно занемарувана, е нивната кумулативност. Имено, начинот на којшто нивоата се концептуализирани во извесна смисла сугерира, дека повисоките нивоа можат во себе да ги вклучуваат пониските нивоа (на пример, перцепцијата на намерата имплицира и перцепција на предвидливост, каузалност итн.), така што моделот може да се претстави и како Гутманова скала, а припишувањето на одговорноста како поединечна кумулативна димензија. Прашањето за кумулативноста на нивоата не е посебно елаборирано од Хајдер, туку од страна на Фишбеин и Ајзен (Fishbein i Ajzen, 1973), кои тоа прашање го поставиле врз основа на анализата на постапката применета во студиите за развојните аспекти на моделот. Како што веќе е споменато, основната постапка што е користена во проучувањето на развојноста на нивоата се базира на претпоставката дека припишувањето на одговорноста може да биде функција на два фактора: нивото на одговарањето (т.е. нивото на кое посматрачот врши проценка на одговорноста на лицето што го перцепира) и контекстуалното ниво (т.е. нивото коешто е имплици-

рано во контекстот на стимулус-настанот), така што доколку нивото на едниот фактор се држи под контрола припишувањето на одговорноста ќе биде условено од нивото на другиот фактор. Поаѓајќи од тоа, Фишбеин и Ајзен сугерирале дека ако се изврши промена на редоследот на контекстуалните нивоа на намера и оправданост, со комбинација на бихевиоралните и контекстуалните нивоа може да се создаде класификациска шема која би претставувала совршена Гутманова скала.

Единствената емпириска проверка на оваа шема, а истовремено и потврда на кумулативната природа на нивоата, е направена во рамките на веќе спомената то истражување на Финчам и Џаспарс. Овие истражувачи, со примена на скалограмска анализа на сите проценки на одговорноста, утврдиле дека нивоата навистина формираат Гутманова скала (коефициентот на репродуктивноста изнесувал о,92) и дека според Хајдеровиот модел припишувањето на одговорноста може да се третира како една кумулативна димензија.

На крајот од оваа расправа за карактеристиките на Хајдеровиот модел на припишувањето на одговорноста, потребно е да се истакне и тоа дека ако нивоата на одговорноста се споредат со правните критериуми коишто се применуваат при утврдувањето на нечија вина, може да се забележи дека меѓу нив постојат извесни сличности. Овие сличности се потенцирани од повеќе автори (Hamilton,1978; Fincham i Jaspars, 198o; Fiske i Taylor, 1984) кои, меѓу другото, укажуваат дека дефинициите на различните видови вина во кривичното право, на едно глобално ниво, опфаќаат слични дистинкции што се содржани во Хајдеровиот модел. Постоењето на овие паралели меѓу наивното расудување за одговорноста и кривично правните категории

претставува еден сугестивен пример за тоа дека атрибуциите не се создаваат само затоа што помагаат во личното разјаснување, туку и затоа што одразуваат дистинкции што општеството ги открило дека се значајни како основа за колективно интерпретирање и делување со посредство на искуството.

## ОДНОСОТ МЕЃУ ПРИПИШУВАЊЕТО НА КАУЗАЛНОСТА И ПРИПИШУВАЊЕТО НА ОДГОВОРНОСТА

Една од основните поставки на Хајдеровиот модел на припишувањето на одговорноста е дека перцепцијата на каузалноста во повеќето случаи се појавува како клучен предуслов за припишувањето на одговорноста. Обично луѓето не се обвинуваат ако не е перцепирано дека меѓу нив и исходите на појавите што се поврзани со нив постои причинско-последична врска. Слично и во правото, евиденцијата за постоење на каузалност се зема како најзначаен елемент при утврдувањето на нечија вина. Меѓутоа, тоа што перцепцијата на каузалноста е најчест предуслов за да некому може да му се припише одговорност не значи дека врската меѓу каузалноста и одговорноста е едноставна и непосредна и дека таа мора секогаш да биде нужна. Имено, и самиот Хајдер сугерира дека некому може да му биде припишана одговорност и за акции кои тој не ги предизвикал. На пример, ако таткото кој е возач и кој е во состојба да вози, му дозволи на својот малолетен син кој нема положен возачки испит да во негово присуство вози автомобил, и ако во текот на возењето тој предизвика несреќа, повеќето луѓе одговорноста

за несреќата ќе му ја припишат на таткото иако тој неа не ја предизвикал. Постојат повеќе вакви случаи кога каузалната врска на извесен начин се занемарува и за одговорноста се суди врз основа на моралните норми коишто се експлицитно или имплицитно врзани за одредени положби и улоги.

Припишувањето на одговорноста не само што не мора секогаш да се засновува на перцепцијата на кузалноста, туку и во случаите кога каузалноста се појавува како неопходен услов, тоа во суштина не може да се сведе на каузалните атрибуции. Врската меѓу припишувањето на каузалноста и припишувањето на одговорноста не е непосредна, т.е. таа обично е посредувана од повеќе фактори, кои поединечно или заедно можат значајно да влијаат на заклучувањето за одговорноста. За влијанието на тие фактори поподробно ќе се расправа во рамките на презентацијата на емпириските наоди за мотивациската пристрасност при припишувањето на одговорноста, кои општо земено покажуваат дека изведувањето на заклучоците за одговорноста во поголемиот број случаи е повеќекратно условено.

Како пример за повеќекратната условеност на атрибуциите за одговорноста може да послужи и анализата на поврзаноста меѓу атрибуциите на контролата, каузалноста, слободата и одговорноста, направена од страна на Фиске и Тејлор (Fiske i Taylor, 1984). Шематскиот приказ на поврзаноста меѓу овие атрибуции е даден на сликата 1. Фиске и Тејлор, поаѓајќи од основните поставки за атрибуцискиот процес изложени во теориите на атрибуцијата, во рамките на својата анализа посебно го експлицирале ефектот на перцепцијата на контролата и слободата во однесувањето на посматраното лице врз припишувањето на каузалноста и одговорноста.

Бидејќи атрибуциите произлегуваат од човековата потреба за разбирање, предвидување и контрола над средината, Фиске и Тејлор сугерираат дека свесноста за контролата е прилично значајна при заклучувањето за причините на нечие однесување. Таа подразбира дека некој е одговорен и потенцијално способен за предизвикување на одредени исходи. Во процесот на каузалното заклучување, атрибуциите на контролата се пофундаментални и тие всушност се предуслов на припишаната каузалност. Имено, за да се заклучи дека некое лице е причина за одредена акција, мора прво да се претпостави дека лицето поседува способност за нејзиното изведување. Способноста имплицира постоење на можност нешто да се направи, и ако тоа се направи, тогаш јасно е дека тоа може и да се контролира. Значи, за да посматрачот создаде диспозициска атрибуција, тој мора прво да заклучи дека однесувањето на лицето е под негова контрола. Меѓутоа, припишаната контрола е многу тесно поврзана со перцепцијата на слободата што лицето ја има во однесувањето, така што заклучокот дека диспозициските фактори се наоѓаат во основата на акцијата нужно е посредуван и од припишаната слобода. Односно, припишаната слобода на извесен начин попрецизно ги одредува диспозициските атрибуции, бидејќи ако посматрачот заклучи дека лицето имало поголема слобода во однесувањето тогаш постои поголема веројатност дека акцијата ќе биде припишана на диспозициите. Овде треба да се напомене дека многу значаен предуслов за припишување на поголема слобода е перцепцијата на акцијата дека била избрана од страна на лицето, во случај кога постоеле повеќе опции и кога во изборот не постоела принуда на средината.

Кога станува збор за припишувањето на одговорноста, Фиске




Слика 1. Врските меѓу каузалноста, контролата, слободата и одговорноста (S.T.Fiske and S.E.Taylor, 1984, str. 1o2).

и Тејлор укажуваат дека припишувањето на одговорноста не зависи само од перцепираната каузалност, туку тоа може значајно да биде посредувано и од перцепираната слобода и контрола, коишто имаат слични ефекти како и во случајот кога се создаваат каузалните атрибуции. Во ситуациите кога посматрачот ќе забележи дека некое лице при вршењето на акцијата имало поголема слобода, т.е. кога не постоела принуда на средината и кога акцијата била исход на неговиот избор, постои голема веројатност дека посматрачот нему ќе му припише и поголема одговорност*.

Сличен ефект се појавува и во случајот кога на посматраното лице му се припишува поголема контрола над однесувањето. Меѓутоа, во врска со перцепцијата на контролата неопходно е да се напомене дека на луѓето може да им се припише одговорност не само за настаните што тие можат да ги контролираат, туку и за настаните што тие би морале да ги контролираат (како во случајот со таткото и синот во претходно наведениот пример).

Според тоа, од оваа анализа на поврзаноста на атрибуциите на контролата, каузалноста, слободата и одговорноста произлегува дека овие атрибуции можат да бидат меѓусебно испреплетени, и дека припишувањето на одговорноста не зависи само од перцепираната каузалност, туку и од перцепираната слобода и контрола на однесува-

*Во прилог на оваа претпоставена врска зборуваат и емпириските наоди на Глисон и Харис (Gleason i Harris, 1976), кои проверувајќи го влијанието на перцепираната слобода, сериозноста на штетните последици на настанот и емпатијата врз припишувањето на одговорноста, меѓу другото, откриле дека големината на припишаната одговорност значајно варирала и во зависност од тоа дали сторителот на настанот имал поголема или помала слобода во однесувањето. Имено, кога на испитаниците им било презентирано дека сторителот имал поголема слобода, тие нему му припишувале и поголема одговорност, и обратно.

њето. Меѓутоа, постоењето на взаемната поврзаност на овие атрибуции не значи дека тие во сите случаи мораат заедно да се појавуваат. На пример, некогаш може да се припише каузалност, а да притоа не се припише и одговорност, или некогаш може да се припише одговорност без оглед на тоа што не дошло до перцепција на слободата во однесувањето и сл. Затоа, оправдана е сугестијата на Фиске и Тејлор дека шемата на поврзаноста на атрибуциите прикажана на сликата 1, не значи дека таа укажува на една непроменлива низа на атрибуции коишто нужно зависат една од друга, туку дека таа се однесува на начинот на којшто атрибуциите можат меѓусебно да се сообразат во оние случаи кога тие заедно ќе се појават во процесот на заклучувањето.

Едно друго прашање што нужно се наметнува после оваа анализа за врската меѓу припишувањето на каузалноста и припишувањето на одговорноста, е прашањето за тоа, дали, и во кој степен, при создавањето на атрибуциите на одговорноста, луѓето применуваат исти или слични принципи на заклучување за кои се претпоставува дека доаѓаат до израз при создавањето на каузалните атрибуции. Иако претходната анализа на одреден начин сугерира дека создавањето на атрибуциите на одговорноста е покомплексен процес од создавањето на каузалните атрибуции, во неа пред сé се потенцирани сличностите, а не и разликите меѓу овие атрибуции. Меѓутоа, според мислењето на некои автори (Hamilton, 1980; Fincham i Jaspars, 1980) припишувањето на одговорноста не само што е посложен и позамрсен процес, туку тоа во извесен степен се базира и на поинакви принципи на заклучување од оние што доаѓаат до израз при припишувањето на каузалноста.

Најзначаен обид за попрецизно утврдување на основните

диференцијални обележја на процесот на припишувањето на каузалноста и процесот на припишувањето на одговорноста, е направен од страна на Хамилтон (Hamilton, 198o), којашто во својата анализа на овие процеси пошла од размислувањата на Харт и Хоноре (Hart i Honoré, 1959, 1961) за начинот на којшто прашањето за каузалноста се разгледува во рамките на правото и здраворазумското расудување. Според Харт и Хоноре, постојат два различни процеси на заклучување што доаѓаат до израз при разгледувањето на каузалноста: објаснување и атрибуција. Овие автори, за разлика од теоретичарите на атрибуцијата, под атрибуција подразбираат далеку посложен процес којшто истовремено го опфаќа и објаснувањето, т.е. покрива два вида на аналитички постапки: трагање за објаснувања и трагање за санкции. Основната разлика меѓу овие аналитички постапки лежи, пред сé во нивните појдовни точки. Имено, објаснувањето започнува со ефектот на некој акт и тоа се движи во правец на идентификување на непознатите причини, додека пак санкционирањето поаѓа од две познати точки: актот и ефектот, и резултира во припишување на одговорност.

Поаѓајќи од ваквата диференцијација меѓу објаснувањето и атрибуцијата, Хамилтон сугерира дека во случаите кога човек заклучува за нечија одговорност, тој не размислува како "наивен психолог" туку како "наивен правник". Како што е познато, целта на "наивниот психолог" е пронаоѓање на причините за однесувањето, при што во основата на каузалното заклучување се наоѓа принципот на коваријацијата. Меѓутоа, кога човекот расудува како "наивен правник" неговата цел е санкционирање на однесувањето, при што тој во заклучувањето поаѓа пред сé од принципот дали посматраното лице "можело поинаку да постапи" при изведувањето на акцијата.

Затоа, Хамилтон смета дека одговорноста се припишува за оние постапки што се општествено непожелни и што подлежат на правни или морални санкции, и тоа така што се испитува дали лицето можело поинаку да постапи (т.е. да постапи исправно) или неговите акции биле последица на принуда, незнаење и сл. Дури и во оние ситуации, кога некоја активност е видена како исход на повеќе различни фактори, ако лицето имало можност поинаку да постапи, тоа ќе биде означено како одговорно. "Барањата на улогата, притисокот на средината и општествено прифатените правила на однесување можат да ја ублажат, но не и да ја елиминираат одговорноста. Во зависност од степенот на елиминацијата на овие фактори, некој станува се повеќе и повеќе одговорен, а заклучокот на посматрачот се повеќе и повеќе кореспондентен" (Hamilton, 1980, стр. 770). Согласно на тоа, според Хамилтон, процесот на утврдувањето на одговорноста од страна на "наивниот правник" е многу сличен на моделот на кореспондентното заклучување на Џоунс и Дејвис, а додека Келиевиот модел на коваријацијата одговара на процесот на објаснувањето, т.е. трагањето за каузални атрибуции од страна на "наивниот психолог". И на крајот, Хамилтон, исто како и повеќето истражувачи и теоретичари на атрибуциите на одговорноста, смета дека процесот на припишувањето на одговорноста логички следи по процесот на идентификувањето на потенцијалните причини на однесувањето, меѓутоа, сепак мора да се напомене дека и во рамките на нејзината анализа не е дадено посеопфатно објаснување за природата на нивниот меѓусебен однос.

# МОТИВАЦИСКАТА ПРИСТРАСНОСТ ВО ПРИПИШУВАЊЕТО НА ОДГОВОРНОСТА ЗА НЕСРЕЌНИ НАСТАНИ

Испитувањето на појавата на мотивациската пристрасност во припишувањето на одговорноста за настани што имаат негативни последици, претставува вторист основен правец во кој се движат проучувањата на атрибуциите на одговорноста.

Општо земено, испитувањето на мотивациската пристрасност во припишувањето на одговорноста за несреќни настани е составен дел на оние атрибуциски студии во кои се настојува да се идентификуваат и објаснат различните видови искривувања и неправилности што можат да се појават во атрибуцискиот процес. Имено, во теориите на атрибуцијата на Хајдер, Џоунс и Дејвис, и Кели се опишани всушност, помалку или повеќе, "коректните" начини на коишто социјалните посматрачи би требало да ги создаваат атрибуциите. Односно, овие теории од истражувачите на атрибуциите се означуваат како нормативни бидејќи во нив се опишани соодветните норми и правила за тоа на кој начин би требало да се одвива атрибуцискиот процес. Меѓутоа, како што покажуваат емпириските проверки на основните поставки на овие теории, посматрачите при создавањето на атрибуциите секогаш не ги следат дадените нормативни одредници, т.е. тие често пати манифестираат одредени конзистентни искривувања или отстапувања од нормативните процеси коишто се идентификувани како "грешки" (ако посматрачите применуваат поинаква процедура во заклучувањето, која не е во склад со нормативните процеси) и "пристрасности" (ако посматрачите на систематски начин ја изобличуваат, т.е. премногу или премалку ја ди-

мензионираат некоја, инаку, коректна процедура). Во досегашните истражувања се евидентирани неколку карактеристични искривувања на атрибуцискиот процес (фундаменталната грешка на атрибуцијата, грешката на лажно согласување и одбранбените атрибуции), за кои, општо земено, се претпоставува дека произлегуваат од лимитациите на когнитивните процеси и/или вплетувањето на мотивациските фактори во текот на создавањето на атрибуциите.

Појавата на атрибуциското искривување е евидентирана и кај перцепциите на одговорноста за настаните со трагични последици, како што се природните катастрофи, болестите, криминалот и несреќите. Некои истражувачи утврдиле видливо атрибуциско искривување кај лицата кои се обидувале да ги објаснат наизглед случајните катастрофи. На пример, Велтфорт и Ли (Veltfort i Lee, 1943) соопштиле дека граѓаните на Бостон (САД), после пожарот во еден ноќен клуб во кој загинале поголем број луѓе, повеќе настојувале да пронајдат нечија одговорност отколку да прифатат дека несреќата можела и случајно да се случи. До слични запазувања дошол и Бучер (Bucher, 1957) кога интервјуирал повеќе граѓани за причините на одреден број авионски несреќи. Кодоф, Фридман и Хамбург (Chodoff, Friedman i Hamburg, 1964) откриле дека родителите чиишто деца умреле од неизлечива болест (леукемија), употребувале неколку стратегии при објаснувањето на судбината на своите деца, вклучувајќи и самообвинување, за да би се избегнал заклучокот дека ништо не можело да се направи во превенцијата на појавувањето на болестите кај другите деца.

Слични атрибуциски пристрасности се утврдени и од истражувачите коишто ги проучувале атрибуциските одговори на жртвите на трагичните настани и нивната способност за успешно совладување на

мачните искуства. На пример, Цаноф-Булман и Вортман (Janoff-Bulman i Wortman, 1977) откриле дека лицата што останале парализирани после сериозни несреќи, своето страдање обично го интерпретирале на начин кој укажува на нивната потреба да се потенцираат само одредени поединости во врска со несреќните настани, при што најчесто доаѓале до израз само-обвинувањата. Освен тоа, се покажало дека употребата на само-обвинувачките атрибуции позитивно корелирала со успешното совладување на непријатните искуства. Исто така, Цаноф-Булман (Janoff-Bulman, 1979) вршејќи испитувања во 39 кризни центри за згрижување на жртвите на силување во САД, утврдил дека во повеќето случаи, жртвите, доживеаните напади ги толкувале преку само-обвинувања за сопственото "погрешно" однесување (на пример: "Не требаше да се шетам сама"; "Не требаше да го оставам прозорецот отворен"; "Требаше да го заклучам автомобилот"), додека во мал број случаи кај нив се појавувале карактеролошки само-обвинувања (на пример: "Јас сум таков човек што премногу им верува на другите луѓе"; "Јас сум таква жена што изгледа ги привлекува напаѓачите"). Според Цаноф-Булман, оваа изразита манифестација на само-обвинувачките бихевиорални атрибуции, најверојатно произлегува од потребата преку модификација на однесувањето во иднина да се избегнат појавите на таквите настани.

Сите овие примери, укажуваат дека луѓето при утврдувањето на одговорноста за настаните со трагични последици можат да манифестираат одредени пристрасности, за кои, повеќето истражувачи сметаат дека имаат мотивациска основа.

Улогата и значењето на мотивациската пристрасност во припишувањето на одговорноста за несреќни настани, најсеопфатно е

е проучувана во рамките на оние истражувања во кои е проверувана врската меѓу сериозноста на штетните последици на несреќните настани и степенот на одговорноста што им се припишува на сторителите на таквите настани.

## Одбранбено-атрибутивна хипотеза

Иако Хајдер прв го покренал прашањето за начинот на којшто луѓето им припишуваат одговорност на другите, неговиот модел за нивоата на припишувањето на одговорноста не предизвикал некој посебен интерес кај оние истражувачи, кои се обидувале да ги објаснат специфичностите на атрибуциите на одговорноста за несреќните настани. Главниот поттик за интензивното емпириско испитување на овие атрибуции всушност претставува појавата на експерименталната студија на Е. Волстер: "Припишување на одговорност за несреќен настан" (E. Walster, 1966), која извршила пресудно влијание на истражувачите да се обидат попрецизно да ги утврдат ситуационите и персоналните детерминанти на припишувањето на одговорноста за несреќните настани.

Волстер во својата студија пошла од запазувањето дека често пати кога луѓето ќе слушнат дека се случила некоја несреќа, тие обично настојуваат некого да обвинат за таа несреќа, а тоа настојување, според неа, особено се актуелизира во оние случаи кога последиците на несреќата се прилично сериозни. Имајќи го тоа предвид, таа претпоставила дека заклучувањето за нечија одговорност може да биде значајно условено од перцепцијата на степенот на сериозноста на штетните последици на несреќните настани, во смисла дека со зголемување на сериозноста на последици-

те, кај луѓето се појавува тенденција да им припишуваат се поголема одговорност на сторителите на несреќните настани.

За да ја провери оваа претпоставка, Волстер, на своите испитаници им презентирала четири сообраќајни несреќи, во кои како актер се појавува едно исто лице, и потоа од нив барала да ја проценат одговорноста на актерот за секоја несреќа поединечно. Стимулус-материјалот, во сите случаи, опфаќал идентичен опис на актерот и на неговите активности што им претходеле на несреќите. Несреќите се случиле откако актерот го паркирал својот автомобил на една стрмна улица и излегол од него, а автомобилот потоа сам се придвижил по улицата и предизвикал различни видови штета. Во текот на испитувањето, испитаниците биле поделени во две групи и во рамките на секоја група тие биле соочувани само со две несреќи, при што едната несреќа имала незначителни, а другата, сериозни последици. Разликата меѓу групите се состоела во тоа што на едната група и биле презентирани несреќи со штетни последици што се однесувале само на актерот, а на другата група, несреќи во кои покрај актерот штета претрпуваат и други лица.

Резултатите до коишто дошла Волстер во целост го потврдиле нејзиното предвидување. Испитаниците навистина му припишале поголема одговорност на актерот за несреќите со сериозни отколку за несреќите со незначителни последици. Според Волстер, ваквата поврзаност меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста се должи на појавата на одреден мотив за само-одбрана, кој кај испитаниците дошол до израз со зголемувањето на сериозноста на штетните последици на несреќите. Со цел попрецизно да објасни поради што кај нив бил актуелизиран мотивот за само-одбрана кога се зголемила сериозноста на последиците, Волстер го

дава следното образложение: "Кога ќе слушнеме дека некој претрпел мала штета, ние едноставно сочувствуваме со него и неговиот несреќен настан го припишуваме на случајноста, сметајќи дека такви нешта можат да му се случат секому и без негова вина. Меѓутоа, како што расте големината на несреќниот настан станува се понепријатно да се признае дека тоа е 'нешто што може секому да му се случи'. Тоа признание имплицира дека таква слична несреќа може да ни се случи и нам. Ако несреќата ја категоризираме како грешка на актерот на настанот тоа може да делува смирувачки на нас. Во тој случај, ние едноставно имаме потреба себеси да се увериме дека сме различен тип на човек од актерот или дека поинаку ќе се однесуваме во слични околности и чувствуваме дека на тој начин ќе бидеме заштитени од несреќата" (Walster, 1966, стр. 74). Освен тоа, Волстер смета дека и во оние ситуации кога не располагаме со адекватни податоци за дискредитирање на актерот, ние едноставно се обезбедуваме на тој начин што одговорноста за сериозната несреќа ја припишуваме на некој друг, бидејќи, не сме мотивирани неа да ја припишеме на неконтролабилни сили. Односно, "ако сериозната несреќа е видена како исход на склоп на околности, надвор од нечија контрола или антиципација, ние сме принудени да признаеме дека и нам може да ни се случи таква несреќа. Но ако заклучиме дека настанот бил предвидлив и контролабилен, и ако заклучиме дека некој бил одговорен за неговата појава, тогаш ние можеме да се чувствуваме нешто повеќе способни за да спречиме таква несреќа (Исто, стр. 74).

Значи, според Волстер, причината за појавата на промените во припишувањето на одговорноста кај испитаниците во зависност од сериозноста на штетните последици на несреќните настани, лежи

во актуелизацијата на мотивот за одбрана од евентуалното појавување на такви несреќи кои би имале негативни консеквенци по нив. Меѓутоа, иако ова објаснување изгледа прифатливо, сепак вредноста на нејзините наоди за врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста во некои од подоцнежните студии била доведена во прашање, бидејќи се појавиле тешкотии во однос на репликацијата на оваа врска.

До такви тешкотии најпрво дошла самата Волстер, која една година подоцна (1977), обидувајќи се да ги потврди своите поранешни наоди не ја утврдила врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста. Новата студија се состоела од два експерименти конципирани за проверка на тврдењето дека во случаите кога исходот на некој настан станува се посериозен, во позитивна или негативна смисла, од посматрачите може да се очекува дека тие се повеќе ќе настојуваат да го антиципираат таквиот исход. Стимулус-настаните што биле употребени во експериментите биле претставени како случајно детерминирани. Имено, на испитаниците им биле презентирани описи на еден актер, кој порано вложил одредена сума на пари за купување на куќа, а потоа, како резултат на одреден склоп на ситуациони околности, над кои немал контрола, останал на исто, добил или изгубил различни суми на пари. Резултатите до кои дошла Волстер во првиот од овие два експеримента, значајно отстапувале од оние во поранешната студија: актерот бил проценет како помалку одговорен во случаите кога добил или изгубил отколку во случајот кога исходот бил неутрален. Додека, вториот експеримент, како што и самата авторка признава, уште повеќе го замаглил проблемот на истражувањето, бидејќи не е утврдена систематска врска меѓу добивката-

загубата и припишувањето на одговорноста.

До слични наоди за непостоење на поврзаност меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста дошол и Шејвер (Shaver), кој во два наврати извршил неколку експериментални испитувања (1970-a, 1970-b) во кои ја применил основната експериментална парадигма на Волстер (1966). Во рамките на овие испитувања, покрај проверката на ефектот на сериозноста на последиците, било проверувано и влијанието на други фактори на припишувањето на одговорноста: релевантноста на стимулус-настаните, личната сличност меѓу испитаниците и актерите на настаните, возраста и полот. Шејвер ни во еден случај не открил, дека со зголемувањето на сериозноста на штетните последици на несреќните настани, дошло и до значајно зголемување на припишаната одговорност. Дури, во некои експерименти (1970-b), тој пронашол дека припишаната одговорност, не само што не била зголемена со порастот на сериозноста на последиците, туку таа под одредени услови била и значајно намалена (во услови кога кај испитаниците било стимулирано да перцепираат поголема лична сличност меѓу нив и актерот на настанот).

Со цел да ги усклади очигледните разлики меѓу своите откритија и оние до кои дошла Волстер (1966), Шејвер се обидел попрецизно да објасни под кои услови може да дојде до појава на само-одбранбената тенденција во заклучувањето за нечија одговорност. Според него, до актуелизација на оваа тенденција може да дојде, пред сé, во оние ситуации кога посматраните настани се "релевантни" за посматрачите. Односно, само во такви случаи, посматрачите можат да ги перцепираат настаните како нешто што и нив може потенцијално да ги загрози, а со самото тоа и да ги поттикне

на само-одбрана. На пример, падот на еден воен авион би бил малку значаен за некој студент, но не и за некој воен пилот, за кого таквиот настан би бил прилично релевантен бидејќи има загрозувачки импликации по него. Следејќи ја оваа логика, Шејвер извршил анализа на концептот на релевантноста и притоа утврдил дека релевантноста всушност е детерминирана од две групи на фактори: едната група претставуваат факторите врзани за **ситуационата**, а другата група, факторите врзани со **личната сличност** меѓу посматрачите и лицата коишто се перцепирани како сторители на несреќните настани. Ситуационата сличност се однесува на перцепирањето на сличностите во врска со околностите во кои се наоѓа, или може да се најде посматрачот и актерот на настанот, додека личната сличност се однесува на перцепирањето на сличностите во однос на личните карактеристики меѓу посматрачот и актерот на настанот (т.е. во однос на возраста, полот, изгледот, верувањата, вредностите, ставовите, постапките и сл.). Според Шејвер, диференцирањето на овие сличности е особено значајно поради тоа што тие можат да имаат сосема различни импликации во однос на припишувањето на одговорноста. Во случај кога посматрачот ќе забележи постоење само на ситуациона сличност, односно ќе забележи дека постои реална можност и тој да се најде во исти или слични околности во кои се нашол сторителот на некој несреќен настан, тој, исто како што сугерира Волстер, ќе припише поголема одговорност, бидејќи себеси се посматра како различен тип на човек од сторителот и кај него е присутно уверувањето дека предизвикувањето на таков настан нему не може да му се случи. Меѓутоа, ако во случајот на постоење на ситуациона сличност, тој истовремено перцепира дека постои и висок степен на лична сличност меѓу него и сторителот, таа сличност

тој тешко може да ја избегне и тој ќе настојува несреќниот настан да го припише на случајноста или лошата среќа. Следствено, тој ќе ја намали и одговорноста на сторителот за да би се минимизирала неговата потенцијална вина, бидејќи ќе биде помалку уверен во неможноста и нему да му се случи предизвикување на таков настан.

Според тоа, спрема Шејвер, за да во припишувањето на одговорноста за несреќни настани се побуди само-одбранбената тенденција неопходно е да се перцепира постоење на ситуациона сличност. Штом оваа тенденција се појави, разликите во степенот на личната сличност одредуваат кој од следните два само-одбранбени мотива ќе се актуелизира: **"избегнување штета"** - се јавува во случај на мала лична сличност - при што доаѓа до припишување на поголема одговорност на сторителот заради избегнување на штетни последици од слични настани во иднина. Во овој случај, посматрачот себеси се гледа не како потенцијален сторител, туку како потенцијална жртва; или **"избегнување вина"** - се јавува во случај на голема лична сличност - при што доаѓа до припишување на помала одговорност на сторителот заради избегнување на сопствена вина во некој сличен настан во иднина.

Ова објаснување за мотивациската заснованост на врската меѓу сериозноста на штетните последици на несреќните настани и припишувањето на одговорноста, кое всушност претставува попрецизна елаборација на Волстеровата хипотеза, од страна на Шејвер е означено како **одбранбено-атрибутивна хипотеза**, според која, појавата на пристрасноста во припишувањето на одговорноста за несреќни настани се должи на актуелизацијата на мотивите за избегнување штета или вина.

Емпириска проверка на одбранбено-атрибутивната хипотеза

Иако Шејвер ги идентификувал основните предуслови за појавата на само-одбранбената тенденција и начините на нејзиното манифестирање, и на одреден начин објаснил зошто дошло до неконзистентни наоди за врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста, во втората студија на Волстер (непостоење на ситуациона релевантност) и во некои од неговите експерименти (појава на мотивот за избегнување вина), неговата редефиниција на мотивациската заснованост на оваа врска, не наишла на поголем одзив кај истражувачите коишто подоцна ја проучувале појавата на одбранбено-атрибутивниот феномен. Само во неколку истражувања е направен обид на систематски начин да се провери интеракцискиот ефект на ситуационата и/или личната сличност и сериозноста на последиците на припишувањето на одговорноста. Во најголемиот број емпириски студии од оваа област, интересот на истражувачите главно бил сосредоточен кон проверка на основното Волстерово откритие. Во тие студии, покрај сериозноста на последиците, се испитувани и потенцијалните ефекти на други фактори на припишувањето на одговорноста, како на пример, валенцијата на исходот на настанот, структуираноста на настанот, локусот на контролата, емпатијата и перцепцијата на слободата во однесувањето на актерот на настанот.

Ако наодите на овие студии се споредат со основното откритие на Волстер, тогаш тие во извесен степен го потврдуваат она што веќе било навестено со резултатите до кои дошле Волстер (1967) и Шејвер (1970-а и b). Имено, овие наоди не нудат еднозначна поддршка на врската меѓу сериозноста на последиците и при-

пишувањето на одговорноста. Во некои студии е пронајдено дека со зголемувањето на сериозноста на последиците дошло и до зголемување на припишаната одговорност, но во повеќето од нив, таквата врска не е утврдена. Ваквиот исход на емпириската проверка на врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста, за некои автори (Vidmar i Crinklaw, 1974) бил доволен индикатор за да заклучат дека постои минимална емпириска евиденција за оваа врска, а со самото тоа и да изразат сомневање во оправданоста на претпоставката за појавата на одбранбено-атрибутивниот феномен кај овој вид атрибуции. Меѓутоа, ако се има во вид анализата на Шејвер која покажала дека врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста не е така едноставна како што претпоставувала Волстер, поголемиот број неуспешни репликации на основното Волстерово откритие не може да се земе како адекватен критериум за отфрлување на одбранбено-атрибутивната хипотеза, доколку претходно не се изврши покомплексна анализа како на потенцијалните причини за неуспешните репликации, така и на условите во кои само-одбранбените мотиви подоследно би дошле до израз.

Најзначајната критичка анализа на емпириската евиденција за одбранбено-атрибутивната хипотеза извршена е од страна на Бургер (Burger, 1981), кој во својата анализа опфатил 22 студии во кои е испитувана врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста, публикувани во периодот од 1966 до 1978 год. Бургер, со примена на мета-аналитичка постапка, развиена од страна на Купер (Cooper, 1979) за одредување дали некој ефект во литературата се појавува со поголема брзина отколку што тоа случајно би се очекувало, не само што извршил проверка

на статистичката значајност на врската, туку истовремено статистички ја проценил и нејзината стабилност. Оваа анализа покажала дека и покрај тоа што основното откритие на Волстер било реплицирано само во шест од даесет и две разгледувани студии, мотивите на само-одбрана, онака како што се одредени од Волстер и Шејвер, сепак имале значен ефект на припишувањето на одговорноста. Извесна статистички значајна, но сепак недоволна, поддршка на одбранбено атрибутивната хипотеза е добиена со анализа на комбинираните резултати од сите студии, додека многу посилна поддршка на оваа хипотеза е пронајдена во оние студии во кои биле вклучени и манипулирани варијаблите: ситуациона и/или лична сличност меѓу испитаниците и сторителите на несреќните настани.

Првиот обид за емпириска проверка на Шејверовата претпоставка дека перцепцијата на ситуационата сличност е неопходен предуслов за појава на само-одбранбената тенденција, е направен од Чеикин и Дарли (Chaikin i Darley, 1973). Овие истражувачи, манипулацијата на ситуационата сличност во својата студија, ја извршиле на тој начин што кај испитаниците стимулирале перцепирање на таа сличност или со сторителот, или со жртвата на несреќниот настан со кој тие биле соочени. На сите испитаници тие им презентирале идентична снимка на несреќниот настан во кој учествувале "работник" и "надзорник", ангажирани на една работна задача која што се состоела од сложување на блокови. На снимката било прикажано како надзорникот случајно ги руши веќе сложените блокови, а на испитаниците им било соопштено дека тоа рушење ќе доведе до помала или поголема парична загуба за работникот. После посматрањето на настанот, на една група испитаници им е соопштено дека тие подоцна ќе бидат ангажирани на слична задача во улога на над-

зорник, а на втората група, дека ќе бидат ангажирани во улога на работник. Чеикин и Дарли, согласно на нивните предвидувања, откриле дека идните работници, без оглед на сериозноста на последиците, не ја прифатиле случајноста на појавувањето на настанот и тие настојувале вината за срушените блокови повеќе да му ја припишат на надзорникот. Што се однесува пак до идните надзорници, тие на надзорникот му припишале многу помала одговорност отколку што тоа го направиле идните работници. Освен тоа, пронајдена е минимална значајна интеракција ($p < 0,15$), која сугерира дека идните надзорници помалку тежеле да го обвинат надзорникот во случајот кога последиците на настанот биле посериозни.

Дека врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста може значајно да биде детерминирана од перцепцијата на личната сличност покажало истражувањето што го спровеле Мек Килип и Посавац (McKillip i Posavac, 1975). Овие истражувачи, личната сличност ја операционализирале преку сличноста во ставовите на испитаниците и сторителите на несреќните настани. Испитаниците биле поделени во две групи коишто значајно се разликувале во поглед на нивните ставови за извесен број општествени појави. Едната група ја сочинувале испитаници со слични, а другата група, испитаници со различни ставови во однос на ставовите на сторителот на настанот. Резултатите на истражувањето покажале дека во случајот на незначителните последици на несреќниот настан, испитаниците од двете групи не манифестирале значајни разлики во припишувањето на одговорноста. Меѓутоа, во случајот кога последиците биле сериозни, оние испитаници коишто имале слични ставови со сторителот, нему му припишале помала одговорност за разлика од испитаниците што имале различни ставови.

Најконзистентна потврда на Шејверовата анализа на одбранбено-атрибутивниот феномен е добиена во истражувањето спроведено од Шоу и Мек Мартин (Shaw i McMartin, 1977), во кое истовремено е испитуван ефектот и на ситуационата и на личната сличност. Шоу и Мек Мартин на испитаниците (студенти и студентки) најпрво им презентирале еден неутрален опис на стимулус-лицето, кое било идентификувано или како студент или како студентка, а потоа секој испитаник поединечно го сосчиле со еден од два несреќни настани. Едниот настан се случил во текот на работата во хемиска лабораторија, а другиот, за време на часот на кој се вршела обука за готвење храна. И во двата случаја, настаните имале негативни последици по сторителот на настанот и другите студенти присутни на часовите (незначителни и сериозни последици). Шоу и Мек Мартин претпоставиле дека студентите ќе перцепираат поголема ситуациона сличност во однос на настанот што се случил на часот во хемиската лабораторија и дека ќе перцепираат поголема лична сличност кога сторителот на настанот бил студент, односно дека студентките ќе перцепираат поголема ситуациона сличност во однос на настанот што се случил на часот за готвење храна и поголема лична сличност кога настанот бил предизвикан од студентка. Во склад со нивните очекувања, се покажало дека степенот на припишаната одговорност на сторителот се зголемил со зголемувањето на сериозноста на последиците само во случаите кога личната сличност меѓу испитаниците и сторителите била мала, односно се намалил со зголемувањето на сериозноста на последиците кога личната сличност била голема. Понатаму, ваквиот ефект е откриен само во случаите кога ситуационата релевантност била висока. Според Шоу и Мек Мартин, добиените резултати недвосмислено покажуваат дека кај

испитаниците биле актуелизирани само-одбранбените мотиви специфицирани во рамките на одбранбено-атрибутивната хипотеза. Односно, се покажало дека мотивите за избегнување вина (во случајот на перцепцијата на лична сличност) и за избегнување штета (во случајот на перцепцијата на лична несличност) биле актуелизирани кога испитаниците перцепирале повисок степен на ситуациона сличност и кога настаните имале понегативни последици, при што нивната актуелизација имала спротивни ефекти на припишувањето на одговорноста.

Според тоа, врз основа на наодите на овие студии може да се заклучи дека доколку во испитувањата на врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста се вклучи и манипулира перцепцијата на ситуационата и личната сличност, тогаш постои голема веројатност дека припишувањето на одговорноста ќе биде значајно детерминирано од само-одбранбените мотиви. А бидејќи разликите во степенот на ситуационата и личната сличност, можат да доведат до спротивни одбранбени ефекти, тогаш јасно е зошто во претходно наведените студии не е сосема реплицирано основното Волстерово откритие.

Меѓутоа, и покрај тоа што овие студии недвосмислено сугерираат под кои услови може да се очекува подоследна манифестација на само-одбранбените мотиви во припишувањето на одговорноста за несреќни настани, неконзистентноста на наодите за врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста, не може да се објасни само врз основа на постоењето или непостоењето на манипулацијата на ситуационата и личната сличност. Имено, според Шејверовата анализа, за да би дошло до појава на мотивот за избегнување штета, посматрачите мораат ситуационо да се повр-

зат со сторителот на несреќниот настан и притоа да не се перципираат себеси како лично слични со него. Имајќи предвид дека во повеќето истражувања во кои била применета експерименталната парадигма на Волстер, на испитаниците им биле презентирани стимулус-настани кои се погодни за ситуационо поврзување (на пример, сообраќајни несреќи), во отсуство на манипулација на ситуационата и личната сличност требало сепак да се појават поголем број на репликации на основното Волстерово откритие. Но, бидејќи емпириската евиденција тоа не го потврдува, оправдано е да се претпостави дека во некои случаи врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста веројатно е посложена, т.е. веројатно е посредувана и од други, како лични така и ситуациони фактори, кои можат да ја поттикнат или инхибираат појавата на основниот одбранбено-атрибутивен ефект.

На пример, во истражувањето на Фарс и Вилсон (Phares i Wilson,1972), во кое е евидентирана појавата на основниот одбранбено-атрибутивен ефект, утврдено е дека припишувањето на одговорноста може значајно да варира и од степенот на **структуираноста на стимулус-настаните.** Или поточно, откриено е дека во случаите кога испитаниците ја проценувале одговорноста на сторителите за предизвиканите сообраќајни несреќи, во кои врската меѓу нив, т.е. нивните постапки и последиците на несреќите била непосредна и недвосмислена (структуирани настани), тие ним им припишале поголема одговорност отколку во случаите кога во несреќните настани врската меѓу сторителите и последиците била прилично нејасна (двосмислени настани). Меѓутоа, уште поиндикативен е исходот на интеракцискиот ефект на сериозноста на последиците и структуираноста на настаните. Имено, се покажало дека само кај структуираните нас-

тани дошло до значајно зголемување на припишаната одговорност со зголемувањето на сериозноста на последиците, а не и кај двосмислените настани.

Фарс и Вилсон, во истото истражување исто така откриле дека и индивидуалните разлики во поглед на локусот на контролата, т.е. во континуумот на внатрешно-надворешната контрола на поткрепувањето можат да имаат влијание на врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста. Оваа варијабла на личноста, којашто е концептуализирана од Ротер (Rotter, 1966), се однесува на степенот во кој луѓето ја прифаќаат личната одговорност за она што им се случува (внатрешно ориентирани), наспроти земањето предвид на силите надвор од нивната контрола, како на пример, среќата, судбината, случајноста и сл., како одговорни за исходите (надворешно ориентирани). Се претпоставува дека лицата коишто се внатрешно ориентирани не се перцепираат само себеси како одговорни за настаните, туку исто така ги перцепираат и другите луѓе. Наспроти нив, надворешно ориентираните тежат кон припишување на помала одговорност на другите, исто онака како што тоа го прават и со себе. Резултатите до коишто дошле Фарс и Вилсон навистина ги потврдуваат овие претпоставки. Внатрешно ориентираните испитаници на сторителите им припишале поголема одговорност отколку надворешно ориентираните.* Освен тоа, пронајдено е дека постои значајна интеракција меѓу локусот на контролата, структуираноста на настаните и сериозноста на последиците. При што, за настаните со сериозни последици, внатрешно ориентираните

* Слични разлики во припишувањето на одговорноста за несреќни настани подоцна се евидентирани и од други истражувачи (Sosis, 1974; Lowe i Medway, 1976).

припишале поголема одговорност отколку надворешно ориентираните, но само во случаите кога настаните биле двосмислени. Во однос на структуираните настани не постоела значајна разлика меѓу нив. Меѓутоа, кога последиците не биле сериозни, не постоела разлика во припишаната одговорност меѓу внатрешно и надворешно ориентираните во однос на двосмислените настани, но не и во однос на структуираните, за кои внатрешно ориентираните припишале поголема одговорност отколку надворешно ориентираните.

Овие резултати не само што укажуваат дека меѓу испитуваните варијабли постојат односи на сложена меѓузависност, туку тие истовремено сугерираат дека во проучувањето на врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста, неопходно е да се контролира и потенцијалното влијание на варијаблите: структуираност на стимулус-настаните и локус на контролата, бидејќи, доколку не се контролира нивното влијание постои поголема можност за појава на неконзистентни наоди за врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста. Оваа можност, пред сé се однесува на првата варијабла (во ниедно од другите истражувања нејзиното влијание не е контролирано), бидејќи анализата на степенот на структуираноста на несреќните настани применети во останатите истражувања од оваа област сугерира дека таа веројатно претставува една од значајните одредници на стабилноста на врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста. Имено, во повеќето студии во кои не било реплицирано основното Волстерово откритие, стимулус-настаните биле помалку структуирани за разлика од оние настани што биле употребени во истражувањата каде што тоа откритие е потврдено.

Освен непостоењето на јасна и непосредна врска меѓу

сторителите и исходите на настаните, исто така и непостоењето јасна дистинкција меѓу сторителите и жртвите на настаните може да доведе до поголема двосмисленост во стимулус-настаните, а следствено и до смалување на ефектот на сериозноста на последиците врз припишувањето на одговорноста. Некои автори (Ugwuegbu i Hendrick , 1974; Gleason i Harris, 1976) сметаат дека недиференцирањето на сторителите од жртвите во описите на несреќните настани, односно истовременото претставување на стимулус-лицата и како сторители и како жртви на настаните, е главна причина што во некои истражувања (Walster, 1967; Shaw i Skolnick, 1971; McKillip i Posavac,1972) не дошло до значајно зголемување на припишаната одговорност со зголемувањето на сериозноста на последиците. Имено, се смета дека во такви ситуации посматрачите веројатно ја смалуваат одговорноста на сторителите, бидејќи тие со самото тоа што страдале во настаните, во извесен степен веќе се и "казнети" (Ugwuegbu i Hendrick, 1974, стр. 77).

И конечно, можеби една од најзначајните причини за појавата на контрадикторните и неуверливите наоди за врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста, е тоа што во овие истражувања не е направен обид попрецизно да се одреди самиот поим на одговорноста. Имено, и покрај Хајдеровите запазувања дека при припишувањето на одговорноста луѓето можат да користат различни атрибуциски критериуми, односно дека одговорноста на сторителот на некој настан можат да ја протолкуваат на различни начини, во зависност од перцепцијата на улогата на персоналните и ситуационите фактори во појавувањето на настанот, во истражувањата на мотивациската пристрасност во припишувањето на одговорноста за несреќни настани, не е проучувана, а ниту кон-

тролирана потенцијалната условеност на врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста од нивоата на одговорноста. Фишбеин и Ајзен сметаат дека прашањето коешто најчесто им е поставувано на испитаниците: "Дали 'стимулус-лицето' е одговорно за несреќниот настан?", во суштина е двосмислено, и тоа може да доведе до припишување на квалитативно различни видови на одговорност. Одговорноста, на стимулус-лицето може да му биде припишана или затоа што лицето на некој начин било поврзано со настанот (ниво на асоцијација), или затоа што лицето го предизвикало настанот (ниво на каузалност), или затоа што можело да го предвиди исходот на настанот (ниво на предвидливост), или затоа што намерно го предизвикало настанот (ниво на намера), или затоа што под влијанието на околностите, морало да го предизвика настанот (ниво на оправдување) (Fishbein i Ajzen, 1973, стр.150). Ако на тоа се додаде и фактот што и во описите на несреќните настани не биле контролирани нивоата на одговорноста, и дека различни испитаници проценката на одговорноста на исто стимулус-лице можат да ја вршат на различни нивоа, и дека притоа големината на припишаната одговорност може да варира во зависност од нивото на кое се припишува одговорноста, тогаш, според Фишбеин и Ајзен, не изненадува фактот што во истражувањата на припишувањето на одговорноста за несреќни настани се појавиле неконзистентни и противречни наоди.

Според тоа, ако се имаат предвид сите овие потенцијални причини за контрадикторните наоди за врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста, може да се заклучи дека смалувањето на можноста за појава на такви наоди, не е само обусловена со обезбедувањето на клучните предуслови за поттикну-

вање на само-одбранбената тенденција, туку и со контролирање и на други фактори коишто можат значајно да влијаат на оваа врска. А тоа значи дека судејќи по се́, појавата на одбранбено-атрибутивниот феномен во суштина е повеќекратно условена и дека тој феномен би можел да се очекува во помал број случаи кога се врши припишување на одговорност за несреќни настани.

Освен проблемот со нееднозначната емпириска подршка, одбранбено-атрибутивната хипотеза е соочена со уште две отворени прашања коишто исто така бараат поподробна анализа. Едното прашање се однесува на врската меѓу одбранбено-атрибутивната хипотеза и сличните концепциски пристапи во објаснувањето на промените во припишувањето на одговорноста, а другото е поврзано со постоењето на можноста за објаснување на тие промени и врз основа на други, немотивациски фактори.

## Одбранбено-атрибутивната хипотеза и алтернативните мотивациски концепти

Појавата на мотивациската пристрасност во припишувањето на одговорноста не е проучувана само од позицијата на одбранбено-атрибутивната хипотеза. Постојат и други, слични концепциски пристапи, коишто промените во припишувањето на одговорноста ги објаснуваат со помош на поинакви мотивациски конструкти. Така, мотивациската пристрасност е разгледувана и врз основа на **хипотезата за праведен свет** (Lerner, 1970; Lerner i Matthews , 1967; Lerner i Miller, 1978), потоа, во рамките на проучувањата за влијанието на **емпатијата** на припишувањето на одговорноста за

несреќни настани (Aderman, Brehm i Katz,1974; Aderman, Archer i Harris, 1975), реакциите на само-обвинувања на вистински жртви (Janoff-Bulman i Wortman, 1977; Janoff-Bulman, 1979) и припишувањето на одговорност за настани со позитивни исходи (Shaw i Skolnick, 1971).

Бидејќи може да се претпостави дека меѓу одбранбено-атрибутивната хипотеза и овие концепти постои извесен паралелизам, за да би се одбегнале неоправданите воопштувања или минимизирања на значењето на само-одбранбените мотиви специфицирани во одбранбено-атрибутивната хипотеза, а исто така и за да уште попрецизно би се одредило во кои ситуации може да се очекува нивното појавување, неопходно е да се објасни во што се состојат сличностите, односно разликите меѓу одбранбено-атрибутивната хипотеза и овие концепти.

**Хипотезата за праведен свет.** Според хипотезата за праведен свет, луѓето се мотивирани светот да го перцепираат како место на праведноста во кое, општо земено, луѓето го добиваат она што го заслужуваат, т.е. го заслужуваат она што го добиваат. Или, со други зборови, луѓето имаат потреба светот да го гледаат како контролабилно место каде што добрите нешта им се случуваат на "добрите луѓе", а лошите нешта на "лошите луѓе". Според Лернер (Lerner, 197o), во основата на верувањето за праведноста на светот се наоѓа потребата за одбрана од несаканите искуства. На пример, ако некој забележал дека пешакот настрадал во сообраќајна несреќа бидејќи едноставно "налетал" на автомобилот, или дека некој ништо не превземал за да ја оневозможи појавата на неговата болест, за него психолошки е посмирувачки да верува дека тие лица тоа и го заслужиле (притоа, тоа може да биде коментирано на следниот начин:

"Сигурно дека ќе настрада кога невнимателно ја преминува улицата", или "Јасно му беше на секој дека ќе се разболи бидејќи и понатаму продолжи неконтролирано да пие") отколку да верува дека таквите настани случајно се појавиле, бидејќи таквото верување ја имплицира можноста нешто слично и нему да му се случи.

Ова објаснување на извесен начин сугерира дека предвидувањата што можат да се изведат од хипотезата за праведен свет, изгледа како да се паралелни со оние коишто произлегуваат од одбранбено-атрибутивната хипотеза. Всушност, се чини дека и двете хипотези се засновуваат на идентична само-одбранбена тендеција. Лернер и Милер, образложувајќи ја хипотезата за праведен свет тврдат дека: "Праведноста во судбините на другите има јасни импликации за идната судбина на поединецот. Ако другите можат да страдаат неправедно, тогаш поединецот мора да ја прифати вознемирувачката можност дека исто така и тој може да страда неправедно. ..... Самиот израз **праведен свет** можеби не е сосема прецизен. Имено, луѓето не веруваат, а ниту имаат потреба да веруваат дека се што се случува во светот е праведно. Ако ја имаме предвид функцијата на верувањето, тогаш јасно е дека луѓето се примарно заинтересирани за сопствениот свет, за средината во која тие мораат да живеат и функционираат. Перцепирањето и прифаќањето на неправедноста во другите средини за луѓето не е толку загрозувачко, бидејќи настаните во тие средини не се многу релевантни за нивната судбина. Меѓутоа, како што настаните стануваат се поблиски до нивниот свет, се повеќе се зголемува интересот за надвладување на неправедноста, а исто така се зголемува и потребата за објаснување или разбирање на настаните" (Lerner i Miller, 1978, стр. 1031). Според тоа, ако се има во вид ова образложение, про-

излегува дека и во двете хипотези како клучна претпоставка се појавува неприпишувањето на настаните на случајноста во функција на избегнување штета, и тоа особено во оние ситуации кога сличноста меѓу "световите" на посматрачите и жртвите е зголемена. А тоа значи дека справдано е да се заклучи, како што заклучиле и Чеикин и Дарли, дека одбранбено-атрибутивната хипотеза и хипотезата за праведен свет произлегуваат од исти претпоставки за поединците (Chaikin i Darley, 1973, стр. 274). Меѓутоа, ако тоа е точно, тогаш, тоа истовремено би можело да значи дека не постојат ситуации во кои обете хипотези би довеле до различни предвидувања. Но, бидејќи во врска со оваа можност, односот меѓу хипотезите не е доволно разјаснет, се чини поприфатливо мислењето дека овие хипотези всушност претставуваат различни поставки на една иста основна теорија. Односно, дека разликата меѓу нив едноставно лежи во фокусирањето на различни реакции спрема несреќните настани. Одбранбено-атрибутивната хипотеза главно ги постулира и проучува промените во припишувањето на одговорноста и наизменичните промени во перцепцијата на личната сличност со жртвата на несреќниот настан. Од друга страна пак, хипотезата за праведен свет обично го проучува омаловажувањето на жртвата. Преку перцепција на жртвата како "лошо лице", посматрачот може да го поткрепи своето чувство за праведност кога го посматра нејзиното страдање. Меѓутоа, претпоставката дека омаловажувањето на жртвата всушност е само рефлексија на одбивањето на личната сличност со неа, која на одреден начин е потенцирана во одбранбено-атрибутивната хипотеза, изгледа прилично логична.

Можеби уште позамрсено е прашањето за значењето и улогата

на **емпатијата** во одбранбено-атрибутивниот феномен. Еден одговор на ова прашање произлегува од истражувањето на Адерман и неговите соработници за влијанието на емоционалното сoживување на припишувањето на одговорноста (Aderman, Archer i Harris, 1975). Овие истражувачи, испитаниците прво ги поттикнувале емоционално да се сoживеат со жртвите коишто страдале во сообраќајни несреќи, за време од неколку минути додека се возеле со инвалидски колички по ходниците на една болница. Емоционалното сoживување е варирано на тој начин што од испитаниците се барало себеси да се замислат или како невина жртва, или како одговорна жртва, или како одговорна жртва којашто истовремено е и сторител на несреќата, и, или како лице кое едноставно учествува во експеримент во којшто се проверува физичката издржливост. После тоа, испитаниците биле соочени со приказни за различни несреќни настани и притоа од нив е барано да извршат проценка на одговорноста на секој сторител на несреќата. Приказните биле така конципирани да ги репрезентираат Хајдеровите нивоа на одговорноста. Резултатите на истражувањето, меѓу другото, покажале дека "невините"жртви, општо земено, а посебно во случаите на предвидливи но ненамеравани несреќи, им припишале поголема одговорност на сторителите на несреќите, за разлика од "одговорните" жртви, или од оние испитаници коишто не биле во улога на жртва. Овој наод сугерира дека ефектите што се предизвикани со емпатичките инструкции кај "невините" жртви изгледаат како да се паралелни со ефектите на перцепираната сличност меѓу испитаниците и жртвите во некои одбранбено-атрибутивни студии. Тоа во извесен степен зборува во прилог на претпоставката дека емпатијата може да игра некоја улога во појавувањето на одбранбените атрибуции, но бидејќи нема доволно

емпириски докази, не може точно да се прецизира начинот на нејзиното влијание. Односно, врз основа на досегашните сознанија за претпоставената низа: перцепција на сличност, емпатија, сосредоточување на вниманието, мотивација за избегнување штета или вина и припишување на одговорност, не е сосема јасно на кој начин емпатички индуцираните инструкции би можеле взаемно да влијаат со сериозноста на последиците на припишувањето на одговорноста.

**Реакциите на само-обвинување на вистинските жртви.** Како што е веќе наведено на почетокот од оваа расправа за мотивациската пристрасност во припишувањето на одговорноста за несреќни настани (стр. 39, 4о), појавата на мотивациската пристрасност е евидентирана и во припишувањето на одговорноста од страна на вистинските жртви што страдале во реални несреќни настани (Janoff-Bulman i Wortman, 1977; Janoff-Bulman, 1979). Мотивациската пристрасност манифестирана преку реакциите на само-обвинување на тие жртви за наизглед случајни настани, се чини дека има некоја врска со одбранбено-атрибутивната хипотеза. Имено, се претпоставува дека само-обвинувачките атрибуции, пред сé произлегуваат од потребата за контрола, т.е. од потребата за избегнување на такви настани во иднина преку модификација на однесувањето. Меѓутоа, и покрај претпоставката дека само-обвинувачката стратегија има одредена само-одбранбена основа, судејќи по сé, врската меѓу оваа концепција и одбранбено-атрибутивната хипотеза може да се сведе само на сличноста во нивните појдовни позиции. За да одбранбено-атрибутивната хипотеза би можела да опфаќа и некои феномени на само-обвинување неопходно е нејзино проширување.

И на крајот, одбранбено-атрибутивната хипотеза, според мислењето на Шоу и Сколник (Shaw i Skolnick, 1971), на извесен начин

може да биде поврзана и со припишувањето на одговорноста за настани со позитивни исходи. Овие автори сугерираат дека ако посматрачите се мотивирани да веруваат дека последиците на некој несреќен настан се повеќе отколку случајно поврзани со сторителот на тој настан, и дека поради тоа тие можат и да се избегнат, тогаш тие исто така можат да бидат мотивирани да веруваат дека корисноста врзана за позитивните исходи е случајно распределена, т.е. таа не е врзана само за дадениот сторител, така што таа исто така може и ним да им се случи. Со други зборови, Шоу и Сколник сметаат дека со цел да се заштити верувањето дека "среќните" исходи се случајно дистрибуирани, посматрачите на таквите настани се повикуваат на "случајноста" како на објаснување наместо да се сосредоточат на самата одговорност на сторителите. Ова одбранбено-атрибутивно објаснување имплицитно сугерира дека со зголемувањето на позитивноста на последиците на настаните, се зголемува и увереноста во случајната дистрибуираност на "среќните околности", а консеквентно, сторителите се повеќе ќе се перцепираат како помалку одговорни. Меѓутоа, и покрај тоа што Шоу и Сколник, а подоцна и Мек Мартин и Шоу (McMartin i Shaw, 1977), навистина откриле дека дошло до смалување на припишаната одговорност со зголемувањето на позитивноста на исходите на настаните, сепак, се чини дека теориската релација меѓу ова објаснување и одбранбено-атрибутивната хипотеза не е сосема оправдана. Имено, само-одбранбените мотиви коишто се наоѓаат во основата на човековите реакции спрема негативните консеквенци на настаните, малку е веројатно дека така едноставно се присутни и во реакциите спрема позитивните исходи на настаните. Односно, кај овие вторите, поверојатно е дека доаѓаат до израз мотиви од друг вид, коишто не се поврзани со одбранбено-атрибутивниот феномен.

Според тоа, од оваа анализа на основните поставки на алтернативните пристапи во проучувањето на мотивациската пристрасност во припишувањето на одговорноста и нивниот однос со одбранбено-атрибутивната хипотеза, може да се заклучи дека и покрај тоа што во сите тие пристапи се поаѓа речиси од идентична претпоставка дека во основата на промените во припишувањето на одговорноста се наоѓаат само-одбранбени мотиви, очигледно е дека тие мотиви не се така прецизно одредени како во случајот на одбранбено-атрибутивната хипотеза, и дека врз основа на досегашните сознанија, општо земено, најзначајна и најексплицитна емпириска поддршка имаат, пред сé, мотивите за избегнување штета или вина специфицирани во одбранбено-атрибутивната хипотеза.

Освен тоа, оваа анализа покажува дека ако за хипотезата за праведен свет оправдано може да се тврди дека е во тесна врска со одбранбено-атрибутивната хипотеза, и дека тие во суштина се разликуваат само по тоа што се занимаваат со различни односи на посматрачите спрема несреќните настани, а за улогата на емпатијата дека таа веројатно има некое влијание на врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста, односот на одбранбено-атрибутивната хипотеза со концептот на мотивациската заснованост на само-обвинувачките реакции и припишувањето на одговорноста за настани со позитивни исходи, судејќи по сé, не е така непосреден.

## Одбранбено-атрибутивната хипотеза и немотивациските објаснувања на промените во припишувањето на одговорноста

Идејата за мотивациското искривување на атрибуцискиот процес потекнува уште од Хајдеровата анализа на здраворазумската психологија. Имено, Хајдер разгледувајќи го односот меѓу каузалните атрибуции и афективната значајност на перцепираните настани, смета дека еден од факторите од кои зависи изборот на една прифатлива атрибуција е причината да биде во склад со желбите на поединецот. Односно, дека изборот на атрибуцијата може да биде детерминиран од личната прифатливост на одредена причина, којашто на посматрачот повеќе му одговара и којашто може да го претстави во подобро светло (Heider,1958, стр. 172). Појавата на мотивациската пристрасност е разгледувана и во рамките на теоријата на кореспондентното заклучување на Џоунс и Дејвис. Според Џоунс и Дејвис, во случаите кога акциите на посматраното лице на извесен начин се насочени кон посматрачот (хедонистичка релевантност) или кога тие можат да имаат непосредни консеквенци по него (персонализам), постои голема веројатност дека тие ќе бидат припишани на диспозициите на лицето, за разлика од случаите кога акциите се перцепирани дека не се лично релевантни или дека не можат да имаат некое влијание на посматрачот. Исто така, и Кели во својата теорија на атрибуцијата, развил еден концепт за "делотворноста на контролата", кој во извесна смисла е компатибилен со основните претпоставки за улогата на мотивациските фактори во процесот на атрибуцијата. Имено, Кели претпоставувајќи дека за поединците е прилично значајно успешно да ја контролираат својата средина, врската меѓу

потребата за успешна контрола и атрибуцискиот процес ја опишува на следниот начин: "Припишувањето на успехот на себе и припишувањето на неуспехот на срединските фактори, на обидите за контрола им обезбедува континуитет" (Kelley, 1971, стр. 23).

Иако, општо земено, во теоријата на атрибуцијата основните поставки за улогата и значењето на мотивациските фактори биле проширени и попрецизно одредени, а исто така и во извесен степен и емпириски потврдени, сепак мора да се напомене дека некои теоретичари и истражувачи на атрибуцискиот процес заzеле скептичен став спрема оправданоста на мотивациските објаснувања (Bem, 1972; Miller i M. Ross, 1975; L. Ross, 1977; Nisbett i L. Ross, 1980). Според мислењето на овие автори, самиот факт што атрибуциите можат да имаат извесна его-одбранбена функција не мора да значи дека тие се и поттикнати од его-одбранбени импулси. Дури, некои од нив, како на пример Бем (Bem, 1972), и експлицитно ја отфрлиле можноста дека мотивацијата игра некоја улога во атрибуцискиот процес. Сите овие критичари на мотивацискиот пристап во објаснувањето на промените во атрибуциите сметаат дека тие промени можат исто така успешно, а во некои случаи дури и подобро, да се објаснат врз основа на когнитивните процеси.

Одбранбено-атрибутивната хипотеза, како што е познато, недвосмислено се повикува на мотивациските фактори во објаснувањето на промените во припишувањето на одговорноста за несреќните настани, во услови кога се контролирани и манипулирани варијаблите: сериозност на штетните последици, ситуациона и лична сличност. Меѓутоа, исто како и во случајот со другите слични атрибуциски феномени, извесен број истражувачи сметаат дека промените во припишувањето на одговорноста евидентирани во одбранбено-атрибутив-

ните истражувања можат да се објаснат и со немотивациски фактори. Бруер (Brewer, 1977) и Вортман и Линдер (Wortman i Linder, 1973), на пример, ги критикувале истражувачите коишто откриле поврзаност меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста, поради неоправданото мешање на сериозноста на последиците на несреќите со веројатноста на нивното појавување. Имено, според нив, недвосмислено може да се докаже дека сериозните несреќи многу помалку се јавуваат од незначителните несреќни настани, кои на секого можат да му се случат и кои поради тоа не можат да се перципираат дека коваририраат со одредени поединци. Меѓутоа, во случајот на сериозните несреќи, бидејќи малку веројатно е дека тие можат да се поврзат со сите поединци, постои поголема веројатност тие да се припишуваат на нивните сторители. Според тоа, појавата на основниот одбранбено-атрибутивен ефект (припишувањето на поголема одговорност со зголемувањето на сериозноста на последиците) може да биде објаснета не само со помош на одреден самоодбранбен мотив, туку и врз основа на разликата во проценката на веројатноста поврзана со појавата на незначителните и сериозните несреќи.

Бруер (1977), поаѓајќи од идејата за когнитивната заснованост на врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста, развила еден немотивациски модел на обработка на податоци, со помош на кој се обидела да го објасни ефектот на карактеристиките на исходот, сторителите и жртвите на несреќните настани врз припишувањето на одговорноста. Во рамките на тој модел, Бруер припишаната одговорност ја одредува како функција на разликата меѓу перципираната веројатност дека до одреден исход на некоја акција навистина ќе дојде доколку таа биде изведена од ли-

цето (конгруенција) и перцепираната веројатност дека исходот, без оглед на однесувањето на лицето, ќе се јави врз основа на претходните околности или врз основа на природниот тек на настанот (претходно очекување). Притоа, се претпоставува дека вредноста на конгруенцијата е директно, а вредноста на претходното очекување инверзно поврзана со припишаната одговорност. Според овој модел, влијанието на било која поединечна информација на припишувањето на одговорноста зависи од нејзиниот "заеднички" ефект на двете одвоени проценки на веројатноста. А врз основа на потенцијалните варијации во конгруенцијата и претходното очекување, можат да се објаснат повеќето наоди во истражувањата на врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста.

За можноста на немотивациското објаснување на промените во припишувањето на одговорноста постои и извесна емпириска евиденција. Вортмен и Линдер (1973), коишто во своето истражување, покрај сериозноста на последиците ја манипулирале и веројатноста на нивното појавување, откриле дека во случаите кога веројатноста на појавувањето на сериозните последици на несреќните настани била голема, испитаниците на сторителот му припишале поголема одговорност, за разлика од оние случаи во кои и покрај тоа што се појавиле такви последици, веројатноста на нивното појавување била мала. Додека пак, во едно друго истражување (Tyler i Devinitz, 1981), во кое е проверуван ефектот на сериозноста на последиците на криминалните акти и веројатноста на појавувањето на тие настани врз припишувањето на одговорноста на лицата коишто страдале во тие настани, откриено е дека припишаната одговорност на жртвите на криминалните акти, без оглед на сериозноста на последиците, била поголема во случаите кога тие настани биле претставени како

многу ретки отколку во случаите кога тие биле претставени како вообичаени и фреквентни.

Меѓутоа, мора да се истакне дека иако на прв поглед изгледа дека е сосема можно наодите на повеќето студии на одбранбено-атрибутивниот феномен да се објаснат врз основа на когнитивните процеси, сепак постои и поинаква емпириска евиденција која сугерира дека и само-одбранбените мотиви исто така можат да имаат значајна улога во продуцирањето на промените во припишувањето на одговорноста. Прво, во неколку истражувања биле применети атрибуциски прашалници коишто вклучувале и прашања за можноста или веројатноста на исходите на презентираните настани. Во две од тие истражувања (Schroeder i Linder, 1976; Younger, Earn i Arrowood, 1978) е откриено дека не постоела значајна разлика меѓу различните степени на сериозноста на последиците ниту на мерките за одговорноста на сторителите, ниту на мерките за веројатноста на нивното појавување. Додека, во други две студии (Medway i Lowe, 1975; Lowe i Medway, 1976) е соопштено дека не е утврден ефектот на сериозноста на последиците на мерките за веројатноста на исходите, односно дека ефектот на сериозноста на последиците е утврден само на мерките за одговорноста на сторителите (што всушност е конзистентно со одбранбено-атрибутивната хипотеза). Според тоа, иако веројатно е точно дека во некои случаи објаснувањето на ефектот на извесен начин е "замаглено" поради мешањето на сериозноста на последиците и веројатноста на исходите, исто така изгледа оправдано да се заклучи дека е можно да се создадат услови во кои може да се демонстрира појавата на одбранбено-атрибутивниот феномен при што не би дошло до такво мешање.

Второ, неможноста во рамките на немотивациските објаснувања да се даде задоволителен одговор за појавата на интеракциските ефекти на сериозноста на последиците и сличноста врз припишувањето на одговорноста, претставува уште позначаен доказ дека само врз основа на веројатноста на исходите на настаните не можат да се објаснат сите одбранбено-атрибутивни откритија. Имено, како што е веќе наведено, одбранбено-атрибутивната хипотеза добила поголема поткрепа во оние истражувања во кои се проучувани ефектите на ситуационата и/или личната сличност меѓу посматрачите и сторителите на настаните. Ако за некои случаи и може да се докаже дека веројатноста на исходите, а не сериозноста на последиците била клучната детерминанта на зголемувањето на припишаната одговорност со зголемувањето на сериозноста на последиците, се чини дека врз основа на повикувањето на веројатноста на исходот тешко може да се објасни појавата на намалувањето на овој ефект со зголемувањето на сличноста, т.е. зголемувањето на овој ефект со намалувањето на сличноста. Иако Бруер во рамките на својот модел се обидела да ја објасни таа појава, сугерирајќи дека при перцепцијата на поголема сличност, посматрачите изгледа перцепираат помала конгруенција меѓу однесувањето на сторителите и исходите на несреќните настани, сепак мора да се каже дека не постои никаква индикација за такво нешто во оние студии во кои е пронајдена значајна интеракција меѓу сериозноста на последиците и сличноста.

Значи, да заклучиме, и покрај тоа што во некои истражувања, во кои е направен обид главниот ефект на сериозноста на последиците да се објасни со помош на когнитивните процеси, е докажано дека разликите во припишувањето на одговорноста биле условени од проценките на веројатноста на исходите, сепак врз осно-

ва на тие процеси неможат да се објаснат сите одбранбено-атрибутивни откритија, а особено не оние за постоењето на интеракцискиот ефект меѓу сериозноста на последиците и сличноста врз припишувањето на одговорноста. Со други зборови, врз основа на досегашната емпириска евиденција оправдано може да се тврди дека барем во неколку ситуации навистина може да дојде до појава на мотивациската пристрасност во припишувањето на одговорноста за несреќни настани, поради актуелизацијата на само-одбранбените мотиви што се специфицирани во рамките на одбранбено-атрибутивната хипотеза. Но, во врска со појавата на таквата мотивациска пристрасност, како што покажува анализата на емпириските проверки на одбранбено-атрибутивната хипотеза, сеуште постојат отворени прашања на кои би требало да се даде попрецизен одговор. Односно, поради претпоставената повеќекратна условеност на одбранбено-атрибутивниот феномен, неопходно е да се провери дали причините за неконзистентните наоди во повеќето одбранбено-атрибуциски истражувања навистина лежат во методолошките и концепциските непрецизности при проучувањето на врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста, или не, и под кои услови може да се очекува најдоследна манифестација на одбранбено-атрибутивниот феномен во припишувањето на одговорноста за несреќни настани.

# ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## Вовед во проблемот на истражувањето

Ова истражување е иницирано со неконзистентните и противречните наоди за појавата на одбранбено-атрибутивниот феномен во припишувањето на одговорноста за несреќни настани. Иако врз основа на досегашната емпириска евиденција не е спорно дека во одредени случаи може да дојде до појава на мотивациска пристрасност во припишувањето на одговорноста за несреќните настани со зголемувањето на сериозноста на штетните последици на настаните, сепак, поради одредени методолошки и концепциски пропусти во повеќето истражувања во кои е испитувана врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста, сеуште останува отворено прашањето, под кои услови може да се очекува подоследна манифестација на само-одбранбените мотиви, т.е. мотивот за избегнување штета или мотивот за избегнување вина, специфицирани во одбранбено-атрибутивната хипотеза.

Од анализата на емпириските проверки на одбранбено-атрибутивната хипотеза, произлегува дека постојат неколку клучни недоследности или пропусти во досегашните истражувања, коишто се идентификувани од повеќе автори во нивниот обид да ги откријат основните причини за нееднозначната емпириска поддршка на одбранбено-атрибутивната хипотеза.

Како еден од главните пропусти, кој особено е потенциран од Бургер (1981), е тоа што и покрај објаснувањето на Шејвер (1970-b) дека само-одбранбените мотиви се актуелизираат само во

случаите кога се перцепира постоење на ситуациона и/или лична сличност меѓу посматрачите и сторителите на несреќните настани, во најголемиот број студии од оваа област, истражувачите не вршеле ниту контрола ниту манипулација на овие варијабли. Дека во испитувањето на врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста е неопходно вклучување и контролирање на овие варијабли, укажуваат и наодите добиени во неколку студии во кои е вршена манипулација на ситуационата и/или личната сличност, кои, всушност претставуваат најсугестивна потврда на одбранбено-атрибутивната хипотеза. Меѓутоа, како што е веќе истакнато, иако перцепцијата на ситуационата и личната сличност се појавува како неопходен услов за да би дошло до манифестација на одбранбено-атрибутивниот феномен, таа веројатно често пати не претставува и доволен услов, бидејќи во текот на заклучувањето за одговорноста доаѓаат до израз и други фактори, коишто во извесен степен можат значајно да ја поттикнат или оневозможат актуелизацијата на само-одбранебените мотиви. Еден таков фактор претставува и самата структуираност на несреќните настани, која во досегашните испитувања на врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста била контролирана само во студијата на Фарс и Вилсон (1972), а во која е и потврдено дека стабилноста на врската може да биде значајно детерминирана и од степенот на јасноста и непосредноста на поврзаноста меѓу постапките на сторителите на несреќните настани и нивните исходи. Друг фактор, чија контрола исто како и во случајот на структуираноста на настаните е неопходна за редуцирање на нивната двосмисленост, а со самото тоа и за намалување на можноста за појава на контрадикторни наоди, претставува јасната идентификација и дистинкција

меѓу сторителите и жртвите на несреќните настани.

Покрај овие фактори, за кои постои и емпириска евиденција за неопходноста на нивната контрола во функција на обезбедување поконзистентна манифестација на одбранбено-атрибутивниот феномен во припишувањето на одговорноста за несреќни настани, од повеќе автори е сугерирано дека можеби најзначајниот недостаток, и главна причина за варијабилните наоди во досегашните истражувања на врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста, е тоа што во ниедно од овие истражувања не се контролирани нивоата на кои испитаниците ја припишувале одговорноста на сторителите на несреќните настани (Fishbein i Ajzen, 1973; Vidmar i Crinklaw, 1974; Burger, 1981). Бидејќи и по емпириски пат е докажано дека Хајдеровите нивоа на припишувањето на одговорноста претставуваат значајни одредници во процесот на заклучувањето за нечија одговорност, и дека големината на припишаната одговорност значајно варира во зависност од тоа на кое ниво се врши проценката на нечија одговорност, контролата на потенцијалната условеност на врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста од нивоата на одговорноста, се чини неопходна во настојувањето за попрецизно специфицирање на условите во кои може да се очекува подоследна манифестација на одбранбено-атрибутивниот феномен во припишувањето на одговорноста за несреќни настани.

Поаѓајќи од овие пропусти и сугестии за тоа дека во проверката на одбранбено-атрибутивната хипотеза би требало далеку поголемо внимание да се посвети на погоре споменатите фактори, основната задача на ова истражување се состои во тоа, преку контролата и манипулацијата на овие фактори, да се овозможи посеоп-

фатно испитување на проблемот на поврзаноста меѓу сериозноста на штетните последицина несреќните настани и степенот на припишаната одговорност на сторителите на настаните, односно да се утврди под кои услови може да се очекува подоследна манифестација на само-одбранбените мотиви во припишувањето на одговорноста за несреќни настани.

## Проблем и хипотези

Основен проблем на ова истражување претставува **поврзаноста меѓу сериозноста на штетните последици на несреќните настани и припишувањето на одговорноста на сторителите на тие настани, во зависност од степенот на личната сличност меѓу проценувачите и сторителите на настаните, и нивоата на припишувањето на одговорноста.** Во врска со проблемот, во истражувањето се поставени следните прашања и хипотези:

1. Каква е поврзаноста меѓу сериозноста на штетните последици на несреќните настани и припишувањето на одговорноста на сторителите на тие настани?

**- Степенот на припишаната одговорност на сторителите на несреќните настани варира во зависност од големината на сериозноста на штетните последици на тие настани.**

2. Како поврзаноста меѓу сериозноста на штетните последици на несреќните настани и припишувањето на одговорноста на сторителите на тие настани се манифестира во услови на различен степен на лична сличност меѓу проценувачите и сторителите на настаните?

- Со зголемувањето на сериозноста на штетните последици на несреќните настани, степенот на припишаната одговорност на сторителите на тие настани се зголемува во услови на помала односно се намалува во услови на поголема лична сличност меѓу проценувачите и сторителите на настаните.

3. Како поврзаноста меѓу сериозноста на штетните последици на несреќните настани и припишувањето на одговорноста на сторителите на тие настани се манифестира во услови на различен степен на лична сличност меѓу проценувачите и сторителите на настаните во зависност од нивоата на одговорноста?

- Со зголемувањето на сериозноста на штетните последици на несреќните настани, степенот на припишаната одговорност на сторителите на тие настани, во услови на помала лична сличност меѓу проценувачите и сторителите на настаните различно се зголемува, односно во услови на поголема лична сличност различно се намалува во зависност од нивоата на одговорноста.

Варијабли

Независни варијабли:

а) Сериозност на штетните последици на несреќниот настан - Големина на материјалната штета на автомобилот и телесните повреди на лицето кое се наоѓало во автомобилот што бил оштетен во сообраќајната несреќа, којашто била предизвикана од страна на друго лице, означено како сторител на несреќата. Сериозноста на штетните последици е изразена во вид на мали (незначителна материјална штета) и големи последици (значителна материјална штета и телесна повреда на едно лице).

б) **Лична сличност** - Сличност меѓу испитаниците и сторителите на несреќните настани, т.е. сообраќајните несреќи во однос на одреден број нивни заеднички карактеристики (пол, возраст, степен на образование, категорија на моторни возила за која тие имаат положено возачки испит, возачки стаж и лични особини кои што доаѓаат до израз во текот на возачката активност), изразена во вид на мала (сличност само во однос на две заеднички карактеристики) и голема лична сличност (сличност во однос на сите евидентирани заеднички карактеристики). Обезбедувањето на перцепцијата на личната сличност на испитаниците со сторителите на сообраќајните несреќи се врши преку презентација на заедничките карактеристики на сите сторители на несреќите, карактеристики, кои се така избрани да всушност му одговараат на секој испитаник поединечно. Притоа, за да кај испитаниците се обезбеди перцепција на малата лична сличност меѓу нив и сторителите, ним им се презентираат само две, прилично општи, нивни заеднички карактеристики: пол и категорија на моторни возила за која тие имаат положено возачки испит. Додека, перцепцијата на големата лична сличност се обезбедува преку презентацијата на сите можни, претходно утврдени, карактеристики на секој испитаник поединечно, како заеднички карактеристики на сите сторители на сообраќајните несреќи.

в) **Нивоа на одговорност** - Различни видови на одговорност на сторителите на сообраќајните несреќи означени како **ниво на каузалност** (I ниво), **ниво на предвидливост** (II ниво), **ниво на намера** (III ниво) и **ниво на оправдување** (IV ниво), чии клучни одредници се: причинско-последичниот однос меѓу постапките на сторителите и појавувањето на несреќите (I ниво), постоење можност за предвидување на појавата на несреќите од страна на сто-

рителите (II ниво), намерно предизвикување на несреќите (III ниво) и постоење на ситуациона условеност кај намерно предизвиканите несреќи (IV ниво). Операционализацијата на нивоата на одговорноста, што е вршена во рамките на стимулус-приказните во кои се опишани сообраќајните несреќи, е заснована на Хајдеровите концептуализации на нивоата на припишувањето на одговорноста.*

Зависна варијабла:

Степен на припишаната одговорност - Квантитативна проценка на големината на одговорноста на сторителот на сообраќајната несреќа, којашто ја дава испитаникот соочен со несреќата на една скала на проценка која содржи седум степени на одговорност - "1 2 3 4 5 6 7", при што "1" означува минимална, а "7" целосна одговорност, а останатите броеви различни степени меѓу минималната и целосната одговорност.

*Иако Хајдер во својот модел на припишувањето на одговорноста дефинира пет нивоа на кои луѓето ја припишуваат одговорноста, во ова истражување не се испитувани ефектите на сите нивоа, односно не е испитуван ефектот само на најпримитивното ниво - нивото на асоцијација. Ова е направено од причина што: од една страна, во досегашните емпириски проверки на Хајдеровите нивоа се покажало дека испитаниците (посебно возрасните) не биле доволно сензитивни на ова ниво, т.е. не дошло до манифестирање на подиференциран однос, како во проценките што се дадени на ова ниво, така и во однос на проценките на одговорноста кои се вршени на теориски соседното ниво - нивото на каузалноста; а од друга страна, операционализацијата на нивото на асоцијација во ова истражување, каде што стимулус-приказните опишуваат различни сообраќајни несреќи, судејќи по сé, тешко може да се изведе, а да не се појави поголема артифициелност на приказните

## МЕТОД

### Експериментален нацрт

Во ова истражување е применет 2 X 2 X 4 факторијален нацрт со една група при што се варирани: сериозноста на штетните последици на сообраќајните несреќи (мали и големи последици), личната сличност (мала и голема) и нивоата на одговорноста (каузалност, предвидливост, намера и предвидување). Манипулацијата на сериозноста на штетните последици и нивоата на одговорноста е извршена во рамките на стимулус-приказните коишто во текот на испитувањето им се презентирани на испитаниците, додека личната сличност е манипулирана во рамките на упатството за работа на стимулус приказните.

### Стимулус-приказни

Во испитувањето се користени осум приказни коишто опишуваат различни сообраќајни ситуации во кои се случиле сообраќајни несреќи. Приказните се составени само за оваа прилика и тоа по пример на званичните записници што се изработуваат од сообраќајната милиција при обработката на сообраќајните несреќи, но, за разлика од нив, тие се конципирани согласно на потребите на истражувањето така што на извесен начин се и поедноставени во однос на повеќето информации што се содржани во званичните записници. Главни актери во приказните се осум возачи, претставе-

ни со иницијали, коишто возејќи автомобили предизвикуваат сообраќајни несреќи во кои секогаш е вклучен и друг автомобил што страда во несреќата. Сите приказни имаат иста структура, односно нивната композиција ја чинат четири епизоди: 1. Опис на почетната сообраќајна ситуација во којашто се нашол возачот кој подоцна предизвикал несреќа; 2. Промена на сообраќајната ситуација; 3. Постапка на возачот и предизвикување на несреќата; и 4. Опис на штетните последици на несреќата. Овие епизоди помалку или повеќе се разликуваат од една до друга приказна. Варијациите присутни во првите две епизоди се резултат на настојувањето да се обезбеди поголема природност на настаните, додека варијациите во третата односно четвртата епизода произлегуваат од операционализациите на нивоата на одговорноста и сериозноста на штетните последици.

Во првата епизода се прикажани вообичаени и за испитаниците (возачи) лесно препознатливи сообраќајни ситуации со кои тие секојдневно се сретнуваат. Описот на почетните ситуации содржи повеќе релевантни информации (информации за коловозот, правецот на движење на автомобилите, распоредот и растојанието меѓу автомобилите, првенството на минување) што се неопходни за јасна мисловна реконструкција на битните околности и настани што и претходеле на секоја несреќа.

Промената на тие почетни ситуации е претставена во втората епизода и иако таа во приказните е различна во зависност од склопот на почетната ситуација, таа на одреден начин секогаш е поврзана со донесување одлука и промена на однесувањето на возачот.

Во третата епизода се опишани постапките на возачот коишто се непосредно поврзани со појавата на несреќите. Оваа епизода

всушност претставува операционализација на нивоата на одговорноста, при што експлицитно се наведени соодветните атрибуциски критериуми што доаѓаат до израз при проценките на одговорноста. Секое од четирите нивоа на одговорноста е операционализирано во две приказни. Приказните што репрезентираат исто ниво содржат многу слични информации за целиот настан и идентични информации за постапките на возачите коишто ги предизвикале несреќите. Операционализацијата на нивоата во оваа епизода на приказните е извршена на следниот начин:

I. ниво на каузалност

.... . Возачот М.Н. исто така со обидел веднаш да закочи, но и покрај тоа што навреме неколку пати притиснал на педалата за кочење, автомобилот продолжил и понатаму да се движи. Увидувајќи дека неговата ножна кочница сосема неочекувано и непредвидливо откажала, тој веднаш реагирал и ја кренал рачната кочница но, неговиот автомобил бил веќе толку близу до автомобилот што се наоѓал пред него, така што тој сепак удрил во него. .... Се до оваа непредвидлива случка, возачот М.Н. немал никаков проблем со уредот за кочење на неговиот автомобил, ниту пак таков проблем бил забележан на последниот технички преглед направен пред два месеца.

и

.... . Во тој момент, и возачот С.П. се обидел веднаш да закочи но иако неколку пати притиснал на педалата за кочење, автомобилот продолжил и понатаму да се движи. Увидувајќи дека неговата ножна кочница сосема неочекувано и непредвидливо откажала, тој веднаш реагирал и ја кренал рачната кочница, но, бил веќе толку близу до другиот автомобил, така што сепак удрил во него. .... Се до оваа непредвидлива случка, возачот С.П. немал никаков проблем со уредот за кочење на неговиот автомобил, ниту пак таков проблем бил забележан на последниот технички преглед направен пред еден месец.

II. ниво на предвидливост

.... . Но престројувањето го направил сосема невнимателно, бидејќи навреме можел да забележи дека во тој момент веднаш зад него по средната лента се движел друг автомобил, со иста брзина како и неговата, и на тој начин да предвиди дека може да предизвика несреќа. И покрај тоа што возачот на другиот автомобил веднаш закочил, тој не можел а да не удри во задниот дел на автомобилот на В.И. кој одеднаш се препречил пред него.

и

.... . Но престројувањето го направил сосема невнимателно, бидејќи можел навреме да забележи дека во тој момент веднаш зад него по левата лента се движел друг автомобил со иста брзина на движење како и неговата, и на тој начин да предвиди дека може да предизвика несреќа. Возачот на другиот автомобил, иако веднаш закочил, не можел а да не удри во задниот лев дел од автомобилот на Л.Б., којшто одеднаш се препречил пред него.

III. ниво на намера

.... А.Ј. решил по секоја цена него да го престигне. Притоа, тој ја зголемил брзината и го почнал престигнувањето. Кога веќе речиси го престигнал, тој својот автомобил намерно го свртел в десно, со цел да му го затвори патот на другиот автомобил. Во тој момент, возачот на другиот автомобил бидејќи бил намерно принуден од А.Ј. морал да сврти в десно и притоа веднаш закочил. Меѓутоа, иако закочил тој сепак не можел а да не удри во контејнерот кој бил поставен на ивицата на тротоарот.

и

.... В.Р. се одлучил по секоја цена да го престигне автомобилот, тој значително ја зголемил брзината и без проблеми можел него успешно да го престигне. Меѓутоа, во моментот кога го престигнал, наместо да продолжи право, В.Р. веднаш го свртел својот автомобил в десно, и намерно му го затворил патот на другиот автомобил, принудувајќи го возачот да сврти в десно и да излезе од коловозот. Притоа, возачот на другиот автомобил иако веднаш закочил, тој не можел а да не удри во светлосниот столб на тротоарот.

IV. ниво на оправдување

.... . Возачот Р.Л. иако навреме закочил, увидувајќи дека неизбежно ќе го удри пешакот ако не сврти в десно, тој намерно го свртел автомобилот в десно и покрај тоа што забележал дека ќе мора да удри во автомобилот што се движел по десната лента. На тој начин, возачот Р.Л. го избегнал пешакот и намерно удрил во другиот автомобил.

и

.... . Возачот К.С. иако навреме закочил, увидувајќи дека неизбежно ќе го удри пешакот, а неможејќи да сврти в десно, бидејќи на тротоарот се наоѓала група пешаци, тој намерно го свртел автомобилот в лево, и покрај тоа што забележал дека ќе мора да удри во автомобилот со кого во тој момент требало да се размине. На тој начин, возачот К.С. го заобиколил пешакот и намерно удрил во другиот автомобил.

Четвртата епизода на приказните претставува операционализација на варијаблата сериозност на штетните последици на сообраќајните несреќи којашто има две вредности: мали и големи последици. Во приказните коишто репрезентираат исто ниво на одговорност, во еден случај штетните последици на сообраќајната несреќа се мали, а во вториот случај се големи. Природата и величината на малите последици во сите случаи е релативно иста, а истото тоа важи и за големите последици. Малите последици се операционализирани во вид на незначителна материјална штета (искривен браник и лим, искривен браник и скршен жмигавец, делумно набиено крило и скршен жмигавец, делумно набиено крило и скршен жмигавец), а големите последици во вид на значителна материјална штета и телесна повреда на едно лице во оштетениот автомобил, кое е вон животна опасност, но поради повредата мора да биде пренесено во болница (две сплескани врати и сериозен прелом на раката, сплескано едно крило и дел од моторот и сериозен прелом на раката, сплеснако едно крило и дел од моторот и сериозен прелом на раката, и сплескана една врата и едно крило и сериозен прелом на раката).

Во врска со описот на последиците потребно е да се напомене дека во приказните се прикажани само оние последици што ги претрпел другиот автомобил, т.е. оној автомобил којшто е "жртва" на несреќата. Штетните последици по автомобилот на возачот што ја предизвикал несреќата не се наведени. Тоа е направено за да би постоела јасна дистинкција меѓу сторителот и жртвата на сообраќајната несреќа. Бидејќи, како што е сугерирано од некои автори (Ugwuegbu i Hendrick, 1974), во случај да не постои таква дистинкција, и ако сторителот истовремено се прикажува и како

жртва на несреќата, тоа кај некои испитаници може да предизвика одредена сочуствителност кон него којашто би резултирала во смалување на неговата одговорност, односно која би довела до редуцирање на ефектот на сериозноста на последиците врз припишувањето на одговорноста.

Освен тоа, бидејќи врската меѓу сериозноста на штетните последици и припишувањето на одговорноста може да биде посредувана и од степенот на структуираноста на стимулус-настаните (во смисла дека ефектот на сериозноста на последиците доаѓа пред се́ до израз во структуираните настани - Phares i Wilson, 1972), во приказните е контролирано потенцијалното влијание на овој фактор на тој начин што врската меѓу постапките на сторителите на сообраќајните несреќи и нивните исходи секогаш е недвосмислена и непосредна.

## Постапка на испитувањето

Стимулус-приказните на испитаниците им се презентирани на двапати, односно, испитувањето е извршено во две фази на исти испитаници во временски интервал од три месеци. Испитаниците се испитувани поединечно, а самата постапка на испитувањето е вршена на следниот начин:

На почетокот, на секој испитаник му е соопштено дека испитувањето е анонимно и дека нему ќе му бидат презентирани различни сообраќајни ситуации во коишто се случиле сообраќајни несреќи. После тоа, на испитаникот му е дадена тетратаката со приказните (редоследот на приказните во тетратката е случајно одре-

ден и идентичен во обете фази на испитувањето) и од него е барано најпрво внимателно да го прочита упатството за работа што се наоѓа на првата страница од тетратката.

Ова упатство е составено од три дела: во првиот дел е содржана информацијата дека во тетратката се наоѓаат осум приказни во кои се опишани исто толку сообраќајни несреќи кои се претставени, не како измислени, туку како реално случени во подрачјето на градот Скопје; во вториот дел се опишани заедничките карактеристики на возачите коишто ги предизвикале несреќите; и на крајот, во третиот дел, е објаснета задачата на испитаникот после читањето на секоја приказна, која всушност се состои во давање проценка за одговорноста на возачот што ја предизвикал несреќата. Имено, после секоја приказна на испитаникот му се поставува следното прашање: "Во кој степен, според Ваше мислење, возачот X.X. е одговорен за случената сообраќајна несреќа?" и притоа од него се бара својот суд за одговорноста на возачот да го изрази преку една скала на проценка којашто содржи седум степени на одговорност - "1 2 3 4 5 6 7", при што "1" означува минимална, а "7" целосна одговорност. На тој начин, во обете фази на испитувањето, од испитаникот е извршено проценувањето на одговорноста на секој од осумте сторители на сообраќајните несреќи.

Во првата фаза на испитувањето, после работата на приказните, од испитаниците е барано да одговорат и на еден краток прашалник којшто содржи осум прашања. Со помош на овој прашалник се добиени податоци за возраста на секој испитаник, степенот на образованието, категоријата на моторни возила за којашто има положено возачки испит, за годините на поседување на возачка дозвола и активно возење, за тоа дали во текот на својата возачка кариера

учествувал во некоја сообраќјна несреќа и дали во својот живот страдал во некоја сообраќајна несреќа, а исто така и за особините за кои самиот испитаник смета дека него го карактеризираат како возач. Во врска со особините што испитаникот го карактеризираат како возач, потребно е да се напомене дека тие се утврдени на тој начин што во рамките на последното прашање содржано во прашалникот, секој испитаник самиот себеси се проценува со помош на десет пара на контрастни атрибути кои всушност претставуваат позитивни и негативни пола на десет особини (решителен-колеблив, толерантен-нетолерантен, дисциплиниран-недисциплиниран, смирен-нервозен, снаодлив-неснаодлив, внимателен-невнимателен, сигурен-несигурен, одговорен-неодговорен, трпеливнетрпелив и коректен-некоректен), при што за секој атрибут во парот се врзани по три степени на екстремност. Како особини што испитаникот го карактеризираат како возач се прифаќани само оние што од испитаникот се означени дека ги поседува во најголем степен и притоа е земан предвид само оној атрибут што е избран во парот.

Податоците што се добиени со помош на овој прашалник имаа двојна функција: од една страна, тие беа во функција на изборот на испитаниците, а од друга страна, тие послужија како основа за обезбедување поголема лична сличност меѓу секој испитаник поединечно и сторителите на сообраќајните несреќи.

Во описот на нацртот на експериментот е наведено дека манипулацијата на личната сличност е вршена во рамките на упатството за работа на стимулус-приказните. Имено, во обете фази на испитувањето, при презентирањето на стимулус-материјалот се беше иден-

тично освен вториот дел од упатството за работа, во којшто се опишани заедничките карактеристики на сторителите на сообраќајните несреќи. Токму во тој дел е вариран степенот на личната сличност меѓу испитаниците и сторителите на несреќите, при што во првата фаза на испитувањето, испитаниците работеа во услови на мала, а во втората фаза, во услови на голема лична сличност. Обезбедувањето на перцепцијата на малата лична сличност е направено преку презентирање на кратка и идентична информација на сите испитаници: "Во сите осум сообраќајни несреќи, сторители на несреќите се мажи-возачи со положена Б категорија". Додека, обезбедувањето на перцепцијата на големата лична сличност е остварено на тој начин што врз основа на одговорите на секој испитаник што тој ги дал на прашалникот е конципиран склоп на карактеристики за секој испитаник поединечно, кои во втората фаза на испитувањето на испитаникот му беа презентирани како заеднички карактеристики на сите осум сторители на сообраќајните несреќи. На пример: "Во сите осум сообраќајни несреќи, сторители на несреќите се мажи-возачи со положено Б категорија, на возраст од 40 години, со завршено високо образование и со возачки стаж од 20 години. Во нивната досегашна возачка кариера тие немале доживеано сообраќајни несреќи и како возачи биле одлучни, снаодливи и сигурни". Значи, во повтореното задавање на стимулус-материјалот, вториот дел од упатството за работа на приказните, и покрај тоа што во основа содржеше ист вид на податоци, беше конципиран така за да одговара на секој испитаник поединечно и поради тоа тој беше различен за сите испитаници.

Примерок

Примерокот го сочинуваа 84 испитаници од машки пол, на возраст од 28 до 46 години (M = 37 год.). Сите испитаници беа возачи-аматери, со возачки стаж од 3 до 27 години (M = 13 год.), при што ниеден од нив во својот живот немал доживеано, а ниту како возач учествувано во некоја сообраќајна несреќа. Шеесет испитаници имаа високо, а останатите средно образование.

Изборот на испитаниците е извршен врз основа на неколку критериуми, применети со цел да се обезбеди контрола на извесен број варијабли, за кои оправдано се претпоставува дека можат да бидат повеќе или помалку релевантни за појавата и интензитетот на мотивациската пристрасност во припишувањето на одговорноста на сторителите на сообраќајните несреќи.

Основниот критериум при изборот на испитаниците се состоеше во тоа, за испитаници да бидат избрани такви лица за кои реално може да се очекува дека би перцепирале поголем степен на ситуациона сличност (бидејќи како што е познато, според одбранбено-атрибутивната хипотеза, перцепцијата на ситуационата сличност претставува неопходниот услов за актуелизација на само-одбранбената тенденција во припишувањето на одговорноста за несреќни настани), односно да се изберат лица кои навистина можат да се најдат во исти или слични околности, во коишто се нашле и актерите на сообраќајните несреќи (сторителите и жртвите). Од тие причини, за испитаници се избрани лица коишто се возачи, бидејќи тие се оние кои секојдневно се наоѓаат во исти или слични сообраќајни ситуации што им претходеле на несреќите, а кои исто така себеси можат да се видат не само како активни учесници, туку

и како потенцијални сторители или жртви на некои идни сообраќајни несреќи. Поради претпоставката дека перцепцијата на ситуационата сличност од страна на испитаниците во однос на различните експериментални ситуации, би можела во одреден степен да варира од испитаник до испитаник, контролата на таквите можни варијации во перцепцијата на ситуационата сличност е обезбедена на тој начин што промените во припишувањето на одговорноста се следени кај исти испитаници.

Вториот критериум на изборот се однесуваше на полот на испитаниците, во смисла за испитаници да бидат избрани лица од ист пол како и сторителите на несреќите. Овој критериум е применет со цел, од една страна да се држат под контрола евентуалните полови разлики во припишувањето на одговорноста, а од друга страна, да се поттикне перцепцијата на личната сличност меѓу испитаниците и сторителите.

Третиот критериум на изборот се состоеше во тоа испитаниците, било како активни било како пасивни учесници во сообраќајот, да немаат доживеано сообраќајни несреќи. Со примената на овој критериум се сакаше да се контролира, т.е. избегне потенцијалното влијание на порано доживеаните непријатни искуства од сообраќајните несреќи. Освен тоа, со изедначувањето на испитаниците врз основа на овој критериум се сакаше на извесен начин и да се контролираат потенцијалните разлики во перцепцијата на степенот на ситуационата сличност.

Четвртиот критериум на изборот се однесуваше на возачкото искуство на испитаниците. Имено, во испитувањето се опфатени само искусни возачи, т.е. возачи коишто имаат најмалку три години активен возачки стаж. Овој критериум е применет од причина што

меѓу возачите почетници и искусните возачи постои разлика во пристапот и проценката на сообраќајните несреќи, која во извесен степен можно е да има и одреден ефект на припишувањето на одговорноста. Избрани се искусни возачи, а не почетници, бидејќи првите имаат постабилна и поизедначена сознајна схема за сообраќајните ситуации, а исто така тие се и најбројни во популацијата на возачите.

И на крајот, во испитувањето се вклучени само возачи аматери, а не и возачи професионалци, бидејќи се претпоставуваше дека кај овие вторите, поради природата на самата работа што ја вршат, може да дојде до појава на неконтролирано влијание и на други фактори врз припишувањето на одговорноста.

На почетокот од испитувањето беа опфатени 122 испитаника од кои, после првата фаза на испитувањето, врз основа на примената на горе споменатите критериуми се избрани 88. Во текот на втората фаза на испитувањето, поради разни причини отпаднаа четири така што повторно беа испитани само 84 испитаници чиишто податоци се и обработени.

## РЕЗУЛТАТИ

Бидејќи испитаниците двапати беа соочени со стимулус-приказните, од секој испитаник поединечно се добиени по шеснаесет проценки за степенот на одговорноста на сторителите на сообраќајните несреќи. Овие проценки, кои се движат од минимална (1) до целосна (7) одговорност, се основните податоци што се обработу-

вани со цел да се проверат поставените хипотези.

Статистичката обработка на податоците содржеше пресметка на аритметичките средини и стандардните девијации на скоровите на припишаната одговорност, примена на трофакторска анализа на варијанса за повторени мерења и проценка на статистичката значајност на разликите меѓу аритметичките средини со помош на тестот за повеќекратни споредувања на Шефе (Scheffé, кај Kiess i Bloomquist, 1985, стр. 289)

Аритметичките средини (M) и стандардните девијации (SD) на скоровите на припишаната одговорност како функција на сериозноста на штетните последици, личната сличност и нивоата на одговорноста се дадени во Табелата 1. Со едноставно споредување на аритметичките средини може да се забележи дека во припишувањето на одговорноста од страна на испитаниците постоеле извесни тенденции, кои на еден глобален план, зборуваат во прилог на претпоставената условеност на проценките за одговорноста од големината на сериозноста на штетните последици, степенот на личната сличност и нивоата на одговорноста. Имено, прво, евидентно е дека, како резултат на манипулацијата на сериозноста на штетните последици на несреќите, дошло до припишување на различни степени на одговорност на нивните сторители. Односно, очигледно е дека испитаниците, сторителите на несреќите со големи последици, тежеле да ги означат како повеќе одговорни за разлика од оние сторители коишто предизвикале несреќи со мали последици. Второ, во ситуациите кога сторителите биле претставени како повеќе слични на испитаниците, кај испитаниците постоела тенденција на сторителите да им припишат помал степен на одговорност и обратно. И трето, испитаниците тежеле одговорноста на сторителите да ја проценат и

Табела 1. Аритметички средини и стандардни девијации на скоровите на припишаната одговорност како функција на сериозноста на штетните последици, личната сличност и нивоата на одговорноста.

| Сериозност на штетните последици (А) | Лична сличност (В) | | Нивоа на одговорноста (С) |
|---|---|---|---|
| | мала лична сличност ($B_1$) | голема лична сличност ($B_2$) | |
| мали последици ($A_1$) | M = 1,77<br>SD = 1,o2 | M = 1,93<br>SD = o,94 | I. ниво на каузалност ($C_1$) |
| големи последици ($A_2$) | M = 2,86<br>SD = 1,35 | M = 1,79<br>SD = 1,oo | |
| мали последици ($A_1$) | M = 6,21<br>SD = 1,18 | M = 6,38<br>SD = o,79 | II. ниво на предвидливост ($C_2$) |
| големи последици ($A_2$) | M = 6,62<br>SD = o,71 | M = 6,12<br>SD = o,91 | |
| мали последици ($A_1$) | M = 6,77<br>SD = o,77 | M = 6,74<br>SD = o,62 | III. ниво на намера ($C_3$) |
| големи последици ($A_2$) | M = 6,9o<br>SD = o,29 | M = 6,65<br>SD = o,65 | |
| мали последици ($A_1$) | M = 2,39<br>SD = 1,23 | M = 2,32<br>SD = o,89 | IV. ниво на оправдување ($C_4$) |
| големи последици ($A_2$) | M = 3,55<br>SD = 1,59 | M = 2,29<br>SD = o,98 | |

во зависност од нивоата на кои тие биле претставени како одговорни.

Проверката на значајноста на главните и интеракциските ефекти на сериозноста на штетните последици, личната сличност и нивоата на одговорноста е извршена со помош на трофакторска анализа на варијанса за повторени мерења. Во рамките на оваа анализа, освен главните фактори и нивните интеракции, како посебен фактор се земени и самите испитаници, коишто се проверувани на сите нивоа на трите фактори, и кои се вклучени во сите нивни интеракции. Резимето на анализата на варијансата е дадено во Табела 2.

Како што може да се види од Табелата 2., сите три фактори поединечно имале значаен ефект на припишувањето на одговорноста:

а) **сериозност на штетните последици**, $F(1,83) = 664,5o$, $MS_e = o,o4$, $p < o,o1$, бидејќи е припишана поголема одговорност на оние сторители кои предизвикале несреќи со големи ($M_{A_2} = 4,6o$) наспроти оние кои предизвикале несреќи со мали последици ($M_{A_1} = 4,31$);

б) **лична сличност**, $F(1,83) = 49,67$, $MS_e = o,87$, $p < o,o1$, бидејќи во услови на мала лична сличност е припишана поголема одговорност на сторителите на несреќите ($M_{B_1} = 4,63$) отколку во услови на голема лична сличност ($M_{B_2} = 4,27$); и

в) **нивоа на одговорноста**, $F(3,249) = 935,62$, $MS_e = 2,13$, $p < o,o1$, бидејќи во зависност од нивоата на одговорноста на сторителите на несреќите, ним им се припишани различни степени на одговорност ($M_{C_1} = 2,o9$, $M_{C_2} = 6,33$, $M_{C_3} = 6,76$, $M_{C_4} = 2,64$).

Табела 2. Анализа на варијансата на припишаната одговорност

| Извори на варијациите | | SS | df | MS | F |
|---|---|---|---|---|---|
| Испитаници | (S) | 360,04 | 83 | 4,34 | |
| Сериозност на последиците | (A) | 26,58 | 1 | 26,58 | 664,50* |
| Лична сличност | (B) | 43,21 | 1 | 43,21 | 49,67* |
| Нивои на одговорноста | (C) | 5978,65 | 3 | 1992,88 | 935,62* |
| A X B | | 57,09 | 1 | 57,09 | 190,30* |
| A X C | | 18,77 | 3 | 6,26 | 16,92* |
| B X C | | 15,82 | 3 | 5,27 | 9,24* |
| A X B X C | | 14,54 | 3 | 4,85 | 28,53* |
| A X S | | 3,66 | 83 | 0,04 | |
| B X S | | 71,91 | 83 | 0,87 | |
| C X S | | 529,97 | 249 | 2,13 | |
| A X B X S | | 25,17 | 83 | 0,30 | |
| A X C X S | | 92,24 | 249 | 0,37 | |
| B X C X S | | 142,31 | 249 | 0,57 | |
| A X B X C X S | | 41,45 | 249 | 0,17 | |
| Тотал | | 7421,41 | 1343 | | |

*$p < 0,01$

Во врска со последниот наод на анализата на варијансата, бидејќи главниот ефект на нивоата на одговорноста се покажал значаен, а во овој случај се работи за односи меѓу четири аритметички средини, се поставува прашање, дали сите разлики меѓу аритметичките средини се статистички значајни. Проверката на значајноста на разликите извршена со помош на Шефеовиот тест за повеќекратни споредувања (Табела 3.) покажала дека се значајни следните разлики меѓу аритметичките средини на припишаната одговорност: I и II, I и III, II и IV, и III и IV ниво, додека разликите меѓу I и IV, и II и III ниво не се значајни.

Табела 3. Аритметички средини и разлики меѓу аритметичките средини на припишаната одговорност, како функција на нивоата на одговорноста.

| | Нивоа на одговорност | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I (2,o9) | II (6,33) | III (6,76) | IV (2,64) |
| I (2,o9) | - | 4,24* | 4,67* | o,55 |
| II (6,33) | | - | o,43 | 3,69* |
| III (6,76) | | | - | 4,12* |
| IV (2,42) | | | | - |

Напомена: Во заградите се наведени аритметичките средини на припишаната одговорност. Критичната вредност на разликата меѓу аритметичките средини на нивото o,o5 изнесува o,63.

*$p < 0,05$

Анализата на варијансата открива дека биле значајни и сите интеракциски ефекти на трите фактори на припишувањето на одговорноста. Имајќи ги предвид поставените хипотези, овде особено би требало да се издвојат наодите за значајноста на интеракциските ефекти на сериозноста на штетните последици и личната сличност - $F(1,83) = 190,30$, $MS_e = 0,30$, $p < 0,01$, и сериозноста на штетните последици, личната сличност и нивоата на одговорноста - $F(3,249) = 28,53$, $MS_e = 0,17$, $p < 0,01$.

Исходот на интеракцискиот ефект на сериозноста на штетните последици и личната сличност е прикажан на Сликата 2. Како што




Слика 2. Аритметички средини на припишаната одговорност како функција на сериозноста на штетните последици и личната сличност.

се гледа на сликата, со зголемувањето на сериозноста на штетните последици, степенот на припишаната одговорност во услови на мала лична сличност бил зголемен ($M_{A_1B_1}$= 4,28 - $M_{A_2B_1}$= 4,98), додека во услови на голема лична сличност бил намален ($M_{A_1B_2}$= 4,34 - $M_{A_2B_2}$= 4,21). Проверката на значајноста на разликите меѓу аритметичките средини, која всушност претставува зголемување односно намалување на припишаната одговорност, со помош на тестот на Шефе (CV /критична вредност на разликата/ = о,24, $p<$ о,о5) открива дека само зголемувањето е статистички значајно (о,7о), а не и намалувањето (о,13) на припишаната одговорност.

Бидејќи и интеракцискиот ефект на трите фактори исто така бил значаен, ефектот на интеракцијата меѓу сериозноста на штетните последици и личната сличност варирал во зависност од нивоата на одговорноста. Варијациите на тој ефект се прикажани на Сликата 3., на којашто може да се забележи дека покрај тоа што на сите нивоа постои тенденција на припишување на поголема одговорност со зголемувањето на сериозноста на штетните последици во услови на мала лична сличност, односно тенденција на припишување на помала одговорност со зголемувањето на сериозноста на штетните последици во услови на голема лична сличност, постои исто така и друга тенденција, степенот на припишаната одговорност различно да се зголеми, т.е.намали во зависност од нивоата на одговорноста. Притоа, видливо е дека обете тенденции повеќе се изразени во услови на мала отколку во услови на голема лична сличност. Проверката на значајноста на пројавените тенденции на зголемување односно намалување во зависност од нивоата на одговорноста, со помош на тестот на Шефе (CV = о,33, $p<$ о,о5)




Слика 3. Аритметички средини на припишаната одговорност како функција на сериозноста на штетните последици и личната сличност на различни нивоа на одговорноста.

открива: (а) дека зголемувањето на припишаната одговорност е значајно на нивото на каузалност (1,09), нивото на предвидливост (0,41) и нивото на оправдување (1,16), но не и на нивото на намера (0,13); и (б) дека намалувањето на припишаната одговорност не е значајно ни на едно ниво (ниво на каузалност - 0,14; ниво на предвидливост - 0,26; ниво на намера - 0,09; и ниво на оправдување - 0,03).

## ДИСКУСИЈА

Според наодите на анализата на варијансата и Шефеовиот тест за повеќекратни споредувања, може да се заклучи дека општо земено, промените во припишувањето на одговорноста како исход на поединечното и заедничкото влијание на сериозноста на штетните последици, личната сличност и нивоата на одговорноста, не се во целост согласни со сите очекувања содржани во хипотезите.

- Добиените резултати во целост ја потврдуваат само првата хипотеза, дека степенот на припишаната одговорност ќе варира во зависност од сериозноста на штетните последици на несреќните настани. Имено, испитаниците им припишале поголем степен на одговорност на оние сторители коишто предизвикале сообраќајни несреќи со големи наспроти на оние коишто предизвикале несреќи со мали последици. Според тоа, ваквиот исход на влијанието на сериозноста на штетните последици на припишувањето на одговорноста, сосема е во склад со основното Волстерово откритие (1966) за постоењето на позитивна поврзаност меѓу овие две варијабли која

се засновува на само-одбранбениот мотив за избегнување на штетни последици од потенцијалните несреќи во иднина. Меѓутоа, за да не би дошло до погрешно заклучување во врска со општоста на таквата евидентирана поврзаност, овде би требало да се напомене дека потврдата на основното Волстерово откритие не значи дека испитаниците во сите случаи ја зголемиле одговорноста на сторителите со зголемувањето на сериозноста на штетните последици на сообраќајните несреќи. Како што покажуваат останатите резултати на истражувањето, до таквото зголемување дошло само во одредени експериментални ситуации, бидејќи врската меѓу сериозноста на штетните последици и припишувањето на одговорноста била значајно посредувана како од степенот на личната сличност меѓу испитаниците и сторителите на несреќите, така и од нивоата на кои испитаниците ја проценувале одговорноста на сторителите.

- Втората хипотеза, дека со зголемувањето на сериозноста на штетните последици на несреќните настани ќе дојде до зголемување на степенот на припишаната одговорност на сторителите во услови на мала, односно до смалување на степенот на припишаната одговорност во услови на голема лична сличност меѓу испитаниците и сторителите на несреќите, резултатите само делумно ја потврдуваат. Односно, во условите на мала лична сличност, како што и се очекуваше, испитаниците им припишале поголема одговорност на сторителите на несреќите со големи, наспроти на оние сторители кои предизвикале несреќи со мали последици. Меѓутоа, во услови на голема лична сличност, и покрај тоа што кај испитаниците се пројавила извесна тенденција да им припишат помала одговорност на сторителите на несреќите со големи, наспроти на оние кои предизвикале несреќи со мали последици, спротивно на очекувањето, тоа сма-

лување на припишаната одговорност со зголемувањето на штетните последици не се покажало значајно.

Ваквиот исход на интеракцискиот ефект на сериозноста на штетните последици и личната сличност на припишувањето на одговорноста не е сосема во склад со одбранбено-атрибутивната хипотеза (Shaver, 1970-b), според која, перцепцијата на мала односно голема лична сличност би требало да доведе до актуелизација на различни само-одбранбени мотиви (во првиот случај, мотивот за избегнување штета, а во вториот случај, мотивот за избегнување вина), коишто би имале спротивни ефекти на врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста. Очигледно, добиените резултати ја поткрепуваат одбранбено-атрибутивната хипотеза само во врска со ситуацијата во која постоела мала лична сличност меѓу испитаниците и сторителите. Во таа ситуација, зголемувањето на сериозноста на штетните последици, судејќи по се, довело до тоа испитаниците на несреќите помалку да гледаат како на настани којишто случајно се појавиле, т.е. до тоа, несреќите тие повеќе да ги перцепираат како настани што произлегле од неспособноста или несоодветното и погрешното однесување на сторителите. И притоа, најверојатно не увидувајќи дека меѓу нив и сторителите постојат некои сличности, односно, сметајќи дека такви несреќи тие не би можеле да предизвикаат, а истовремено имајќи предвид дека сепак постои можност и ним да им се случат такви несреќи во кои тие би страдале, за да на извесен начин би се одбраниле од таквите несакани искуства, тие со зголемувањето на сериозноста на штетните последици ја зголемиле и одговорноста на сторителите. Меѓутоа, ако во ситуацијата на мала лична сличност, дошло до очекуваната позитивна поврзаност меѓу сериозноста на

штетните последици и припишувањето на одговорноста, заснована на мотивот за избегнување штета, второто очекување базирано на одбранбено-атрибутивната хипотеза, дека во ситуацијата на голема лична сличност кај испитаниците ќе дојде до појава на мотивот за избегнување вина, а со самото тоа, и до припишување на помала одговорност на сторителите со зголемувањето на сериозноста на последиците, не се потврдило.

Во врска со оваа неуспешна потврда на второто очекување, можат да се наведат неколку потенцијални причини за тоа зошто во ситуацијата на голема лична сличност, и покрај тоа што испитаниците биле стимулирани да перцепираат поголема лична сличност со сторителите, кај нив не дошло до актуелизација на само-одбранбениот мотив за избегнување на вина.

Прво, можно е применетата постапка за обезбедување на голема лична сличност да не била доволно адекватна во смисла на релевантноста на употребените лични карактеристики, врз основа на кои испитаниците требало да забележат дека меѓу нив и сторителите на несреќите навистина постои голема лична сличност. Меѓутоа, иако можеби некои од избраните карактеристики навистина не биле доволно стимулативни во функција на перцепирање на поголема лична сличност, сепак се чини дека за тоа што испитаниците не биле доволно поттикнати на само-одбрана поради увидувањето дека постои можност и тие да се најдат во слични ситуации во кои би биле обвинети исто како и сторителите, причината не лежи само во самиот избор на личните карактеристики. Бидејќи, ако тоа не е така, тогаш како да се објасни наодот на анализата на варијансата дека испитаниците, општо земено, на сторителите им припишале значајно помала одговорност во ситуацијата на голема отколку

во ситуацијата на мала лична сличност.

Второ, исто така можно е и самата сложеност и обемност на стимулус-приказните, да се појавила како фактор којшто во извесен степен оневозможил сознанието на испитаниците за нивната сличност со сторителите да дојде до очекуваниот израз во текот на проценувањето на одговорноста на секој сторител поединечно. Со други зборови, поради обемноста, разновидноста и значајноста на информациите содржани во описите на сообраќајните несреќи (со кои, како што знаеме, испитаниците биле соочени после презентацијата на личните карактеристики на сите сторители заедно), можно е, испитаниците при проценувањето на одговорноста да биле многу повеќе сосредоточени на тие информации отколку на сознанието за постоењето на личната сличност, што на извесен начин довело и до смалување на можноста за појава на мотивациската пристрасност.

И на крајот, како трета потенцијална причина може да се наведе и тоа што кај испитаниците веројатно не дошло до очекуваната перцепција на поголема ситуациона сличност во однос на повеќето сообраќајни ситуации со кои тие биле соочени во текот на испитувањето, така што не постоел основниот предуслов за појава на мотивот за избегнување вина. Имено, и покрај оправданоста на претпоставката дека испитаниците, бидејќи речиси секојдневно се наоѓаат во слични или исти сообраќајни ситуации коишто претходеле на несреќите, ќе перцепираат постоење на поголема ситуациона сличност, сепак, можно е перцепираниот степен на ситуациона сличност во однос на повеќето ситуации да не бил доволно висок, за да тие навистина увидат дека постои голема веројатност дека и ним може да им се случи предизвикување на такви или слични несреќи. А тоа што кај нив не дошло до перцепирање на неопходниот степен на ситу-

aциона сличност, може да биде детерминирано како од бројноста и разновидноста на сообраќајните несреќи - бидејќи изгледа дека тешко е прифатлива самата веројатност дека навистина можат да се предизвикаат сите тие несреќи од еден човек, така и од недоволната природност и непосредност во презентацијата и соочувањето со несреќните настани (коишто во ова испитување очигледно неможена задоволителен начин да се обезбедат, поради неопходната контрола и манипулација на поголем број варијабли) - бидејќи за перцепирање на поголема ситуациона сличност изгледа е неопходно да постои поголем степен на реалност во врска со самите стимулус-ситуации.

Од сите овие погоре наведени причини за непојавувањето, или попрецизно речено, за недоволната актуелизација на мотивот за избегнување вина во ситуацијата на голема лична сличност, како најверојатна, а истовремено и како најзначајна, може да се прифати третата причина. Бидејќи, како што покажува анализата на поединечните одговори на сите испитаници, кај некои испитаници, иста стимулација за перцепција на голема лична сличност имала различен ефект на врската меѓу сериозноста на штетните последици и припишувањето на одговорноста. Односно, во некои случаи, перцепцијата на голема лична сличност имала такво влијание на испитаниците што тие ја намалиле одговорноста на сторителите со зголемувањето на сериозноста на штетните последици (што значи, кај нив веројатно дошло до актуелизација на мотивот за избегнување вина), а во други случаи, таа иста перцепција на голема лична сличност не довела до намалување (а исто така ни до зголемување) на припишаната одговорност со зголемувањето на сериозноста на штетните последици. Според тоа, ако кај еден ист испитаник при

проценувањето на одговорноста на едни сторители на несреќите се појавила очекуваната мотивациска пристрасност, а при проценувањето на одговорноста на други сторители отсуствувала било каква мотивациска пристрасност, тогаш прилично веројатно е дека во вториот случај, за разлика од првиот, не постоел основниот предуслов за појава на мотивациската пристрасност, т.е. не дошло до перцепција на неопходниот степен на ситуациона сличност. А што се однесува до првиот случај, каде што судејќи по сѐ, дошло до перцепција на неопходниот степен на ситуационата сличност за поттикнување на само-одбранбената тенденција кај испитаникот, можно е таа перцепција да е врзана за некое поранешно непријатно искуство коешто испитаникот го доживеал во врска со некои конкретни сообраќајни ситуации во кои се случиле несреќи.

И на крајот, во врска со оваа делумна потврда на одбранбено-атрибутивната хипотеза неопходно е да се истакне и следното: И покрај тоа што добиените резултати покажуваат да само во ситуацијата на мала лична сличност дошло до очекуваната позитивна поврзаност меѓу сериозноста на штетните последици и припишувањето на одговорноста, а додека во ситуацијата на голема лична сличност, не само што не дошло до очекуваната негативна поврзаност, туку во таа ситуација отсуствувала и било каква поврзаност меѓу тие варијабли, сепак ако резултатите се посматраат во целина, може да се каже дека тие во извесна смисла заедно зборуваат во прилог на одбранбено-атрибутивната хипотеза. Имено, ако првата ситуација се посматра одвоено, тогаш постои извесна можност зголемувањето на приписаната одговорност со зголемувањето на сериозноста на штетните последици не само да се објасни врз основа на појавата на мотивот за избегнување штета, туку и врз основа на разлики-

та во проценките на веројатноста на незначителните и сериозните исходи на перцепираните сообраќајни несреќи (види стр. 67-73). Меѓутоа, имајќи во вид дека и во првата и во втората ситуација испитаниците биле соочени со исти сообраќајни несреќи, и дека во втората ситуација не дошло ниту до негативна, а исто така ниту до позитивна поврзаност меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста, можноста за немотивациското објаснување на промените во припишаната одговорност коишто се појавиле во првата ситуација е сведена на минимум.

- Слично како и во случајот со втората хипотеза, добиените резултати делумно ја потврдуваат и третата хипотеза, во која се тврдеше дека со зголемувањето на сериозноста на штетните последици на несреќните настани, степенот на припишаната одговорност на сторителите на тие настани различно ќе се зголеми во услови на мала, односно различно ќе се намали во услови на голема лична сличност меѓу испитаниците и сторителите, во зависност од нивоата на одговорноста. Прво, во услови на мала лична сличност, со зголемувањето на сериозноста на штетните последици, степенот на припишаната одговорност на сторителите не бил зголемен на сите нивоа на одговорноста. Односно, зголемувањето на припишаната одговорност било манифестирано на нивото на каузалност, нивото на предвидливост и на нивото на оправдување, но не и на нивото на намера. И второ, во услови на голема лична сличност, ниту на едно ниво на одговорноста не дошло до значајно смалување на припишаната одговорност со зголемувањето на сериозноста на штетните последици на сообраќајните несреќи.

Очигледно, неуспехот во потполност да се потврди третата хипотеза, исто како и во случајот со втората хипотеза, произле-

гува пред се́ од тоа што во ситуацијата на голема лична сличност не дошло до актуелизација на само-одбранбениот мотив за избегнување вина. Меѓутоа, мора да се напомене дека иако добиените резултати само делумно ја потврдуваат оваа хипотеза, тоа не значи дека тие не се во функција на основната задача на ова истражување. Напротив, овие резултати можат да послужат и како емпириска основа за подобро расветлување на некои противречни наоди во поранешните проверки на одбранбено-атрибутивната хипотеза, а со самото тоа, и за поуспешна идентификација на условите во кои може да се очекува подоследна манифестација на мотивациската пристрасност во припишувањето на одговорноста за несреќни настани.

Имено, како што е веќе истакнато на почетокот од презентацијата на ова истражување, според мислењето на известен број автори, основниот пропуст во досегашните испитувања на одбранбено-атрибутивниот феномен, којшто истовремено се смета како за една од најзначајните причини на варијабилните наоди за врската меѓу сериозноста на последиците и припишувањето на одговорноста, е тоа што во рамките на тие истражувања не била контролирана ниту проверувана потенцијалната условеност на оваа врска од нивоата на кои може да се проценува нечија одговорност. Бидејќи не постои емпириска евиденција за оправданоста на оваа забелешка, во ова истражување е направен обид, преку манипулацијата на нивоата на одговорноста во рамките на стимулус-приказните да се провери можноста за постоењето на таквата условеност.

Според претходно наведените резултати, произлегува дека општо земено може да се зборува за постоењето на таква можност, бидејќи врската меѓу сериозноста на штетните последици и степенот на припишаната одговорност навистина била во одреден степен детер-

минирана од нивоата на кои испитаниците ја проценувале одговорноста на сторителите. Од една страна, иако во ситуацијата на мала лична сличност, гледано во целина, испитаниците ја зголемиле одговорноста на сторителите со зголемувањето на сериозноста на штетните последици, тоа зголемување не било манифестирано на сите нивоа на одговорноста. Или поточно, тоа зголемување се појавило во случаите кога испитаниците ја проценувале одговорноста на нивоата каузалност, предвидливост и оправдување. Додека, во случајот кога испитаниците ја проценувале одговорноста на оние сторители кои намерно ги предизвикале несреќите (без да постои некоја "оправдана" причина за тоа), и покрај тоа што тие ним им припишале во просек најголема одговорност, во однос на сите останати сторители чија одговорност била проценувана врз основа на другите атрибуциски критериуми, сепак, со зголемувањето на сериозноста на штетните последици на сообраќајните несреќи тие значајно не ја зголемиле и нивната одговорност. Според тоа, ако во случаите кога одговорноста на сторителите била проценувана на нивоата каузалност, предвидливост и оправдување, може да се тврди дека кај испитаниците се појавила мотивациската пристрасност, поради актуелизацијата на мотивот за избегнување штета, очигледно таквата мотивациска пристрасност не била манифестирана во случајот кога одговорноста на сторителите била проценувана на нивото на намера. "Неуспехот" што на ова ниво не дошло до актуелизација на мотивот за избегнување штета, а со самото тоа и до позитивна поврзаност меѓу сериозноста на штетните последици и припишувањето на одговорноста, најверојатно произлегува од тоа што сознанието на испитаниците за намерното предизвикување на несреќите претставувало клучен, а можеби и единствен критериум

којшто испитаниците го примениле при проценувањето на одговорноста. Така што, без оглед на видот и големината на штетните последици, преку припишувањето на најголема одговорност, тие на одреден начин тежеле што повеќе да го санкционираат таквото однесување на сторителите, кое не само што не е исправно туку е и недопустливо да дојде до израз при возењето. Од друга страна, резултатите исто така укажуваат дека и на оние нивоа на кои дошло до припишување на поголема одговорност со зголемувањето на сериозноста на последиците, постои тенденција степенот на зголемувањето на припишаната одговорност да не биде идентично манифестиран на тие нивоа. Самата појава на таквата тенденција претставува сугестивна индикација дека позитивната поврзаност меѓу сериозноста на последиците и припишувањето може да варира во зависност од нивото на коешто се врши проценка на одговорноста. Ако на тоа се додаде и претходно наведениот наод за непостоењето на позитивната поврзаност меѓу сериозноста на штетните последици и припишувањето на одговорноста на нивото на намера, тогаш јасно е дека неконтролирањето на нивоата на припишувањето на одговорноста може навистина да доведе до варијабилни наоди во однос на таа поврзаност.

## ЗАКЛУЧОК

Ако се има во вид дека ова истражување е спроведено со цел да се изврши проверка на одбранбено-атрибутивната хипотеза, на тој начин што ќе се контролираат и манипулираат поголем број релевант-

ни варијабли, за да во извесна смисла би се овозможило попрецизно специфицирање на условите во кои може да се очекува подоследна манифестација на мотивациската пристрасност во припишувањето на одговорноста за несреќни настани, врз основа на добиените резултати на ова истражување може да се заклучи следното:

Прво, судејќи по сé, за да би дошло до подоследна манифестација на мотивациската пристрасност во припишувањето на одговорноста за несреќни настани, поради актуелизацијата на само-одбранбените мотиви за избегнување штета или вина, неопходно е да постојат неколку битни предуслови. Како најзначаен, т.е. нужен предуслов претставува перцепцијата на постоењето на ситуациска сличност во врска со посматраните несреќни настани. Односно, неопходно е посматраните несреќни настани да бидат навистина релевантни за посматрачите, во смисла тие настани на одреден начин да имаат некои загрозувачки импликации по нив. Бидејќи само во тој случај може да се очекува дека кај посматрачите ќе дојде до израз самоодбранбената тенденција од која произлегува појавата на мотивациската пристрасност во припишувањето на одговорноста. Потоа, неопходно е несреќните настани од посматрачите да бидат перцепирани како настани коишто се повеќе структуирани, во смисла да постои недвосмислена поврзаност меѓу постапките на сторителите и исходите на настаните. А освен тоа, при перцепирањето на несреќните настани, потребно е кај посматрачите да постои јасна дистинкција меѓу сторителите на настаните и лицата коишто страдале во тие настани.

Второ, иако спрема одбранбено-атрибутивната хипотеза, појавата на само-одбранбениот мотив за избегнување штета, т.е. мотивот за избегнување вина, непосредно е условена од перцепираниот сте-

пен на личната сличност на посматрачот со сторителот на несреќниот настан, се чини дека и степенот на перцепираната ситуациона сличност може на одреден начин да ја поттикне или оневозможи нивната актуелизација, посебно кога станува збор за појавата на мотивот за избегнување вина. Имено, ако посматрачот не перципира многу висок степен на ситуациона сличност тоа можеби нема да претставува ограничувачки фактор за појавата на мотивот за избегнување штета, но кога станува збор за актуелизацијата на мотивот за избегнување вина, по се изгледа перцепцијата на недоволно висок степен на ситуациона сличност може да претставува оневозможувачки фактор за појавата на таквиот само-одбранбен мотив. Или, со други зборови, за да кај посматрачот би се актуелизирал мотивот за избегнување вина, покрај перцепцијата на поголема лична сличност, изгледа дека е неопходно степенот на перцепираната ситуациона сличност да биде поголем во однос на неопходниот степен на перцепираната ситуациона сличност за актуелизација на мотивот за избегнување штета. Според тоа, ако се има предвид дека општо земено, постои помала веројатност дека при припишувањето на одговорноста на сторителите на несреќните настани, истовремено би дошло до перцепција на висок степен на ситуациона и лична сличност, тогаш оправдано е да се претпостави дека појавата на мотивациската пристрасност поради актуелизацијата на мотивот за избегнување вина, може многу помалку да се очекува при припишувањето на одговорноста за несреќни настани, отколку мотивациската пристрасност во чија основа се наоѓа мотивот за избегнување штета.

И трето, изгледа дека степенот на мотивациската пристрасност, а исто така и нејзиното јавување, може да биде значајно

условена и од нивоата на коишто посматрачите ја проценуваат одговорноста на сторителите на несреќните настани. Добиените резултати во ова истражување сугерираат дека ако посматрачите ја проценуваат одговорноста на сторителите на нивото на каузалноста и нивото на оправдување, постои поголема веројатност кај нив да дојде до актуелизација на мотивот за избегнување штета (се разбира, доколку постојат претходно наведените неопходни предуслови за неговата актуелизација). Истото тоа може да се очекува, но со помала веројатност, и во случаите кога одговорноста на сторителите се проценува на нивото на предвидливост. Меѓутоа, ако посматрачите одговорноста на сторителите ја проценуваат на нивото на намера, тогаш по се изгледа во тие случаи нема да дојде до појава на таквата мотивациска пристрасност, бидејќи перцепцијата на намерата се појавува како доминантен фактор во атрибуцискиот процес, којшто на извесен начин го "неутрализира" значењето на сите оние сознанија неопходни за појавата на само-одбранбената тенденција кај посматрачите.

Според тоа, врз основа на резултатите добиени во ова истражување, а исто така и врз основа на досегашните емпириски сознанија за појавата на одбранбено-атрибутивниот феномен во припишувањето на одговорноста за несреќни настани, произлегува дека, општо земено, не треба да се сомнева дека во одредени случаи кога се припишува одговорноста на сторителите на несреќните настани може да дојде до појава на мотивациска пристрасност поради актуелизацијата на само-одбранбените мотиви за избегнување штета или вина. Меѓутоа, имајќи ја предвид нејзината повеќекратна условеност, помалку веројатно е дека таа може да дојде до израз во поголем број на случаи кога се врши проценка на нечија одговорност за појавата на одреден несреќен настан.

## ЛИТЕРАТУРА


- Aderman, D., Archer, R. L. and Harris, J. L.: Effect of emotional empathy on attribution of responsibility. JOURNAL OF PERSONALITY, 1975, 156-167.

- Aderman, D., Brehm, S. S. and Katz, L. B.: Empathic observations of an innocent victim: The just world revisited. JOURNAL OF PERSONALITY AND SOCIAL PSYCHOLOGY, 1974, 29, 342-347.

- Bem, D. J.: Self-perception theory. Vo: L. Berkowitz (Ed.): ADVANCES IN EXPERIMENTAL SOCIAL PSYCHOLOGY (Vol. 6). New York: Academic Press, 1972.

- Brewer, M. B.: An information-processing approach to attribution of responsibility. JOURNAL OF EXPERIMENTAL SOCIAL PSYCHOLOGY, 1977, 13, 58-69.

- Bucher, R.: Blame and hostility in disaster. AMERICAN JOURNAL OF SOCIOLOGY, 1957, 62, 467-475.

- Burger, J. M.: Motivational biases in the attribution of responsibility for an accident: A meta-analysis of the defensive-attribution hypothesis. PSYCHOLOGICAL BULLETIN, 1981, 9o, 496-512.

- Chaikin, A. L. and Darley, J. M.: Victim or perpetrator ? Defensive attribution of responsibility and the need for order and justice. JOURNAL OF PERSONALITY AND SOCIAL PSYCHOLOGY, 1973, 25, 268-275.

- Chodoff, P., Friedman, S. B. and Hamburg, D. A.: Stress, defenses and coping behavior: Observations in parents of children with malignant disease. AMERICAN JOURNAL OF PSYCHIATRY, 1964, 12o, -749.

- Fincham, F. D. and Jaspars, J. M.: Attribution of responsibility to self and other in children and adults. JOURNAL OF PERSONALITY AND SOCIAL PSYCHOLOGY, 1979, 37, 1589-1602.

- Fincham, F. D. and Jaspars, J. M.: Attribution of responsibility: From man the scientist to man as lawyer. Vo: L. Berkowitz (Ed.): ADVANCES IN EXPERIMENTAL SOCIAL PSYCHOLOGY (Vol. 13). New York, Academic Press, 1980.

- Fishbein, M. and Ajzen, I.: Attribution of responsibility: A theoretical note. JOURNAL OF EXPERIMENTAL SOCIAL PSYCHOLOGY, 1973, 9, 148-153.

- Fiske, S. T. and Taylor, S. E.: SOCIAL COGNITION. Reading, Mass.: Addison-Wesley, 1984.

- Gleason, J. M. and Harris, V. A.: Perceived freedom, accident severity and empathic value as determinants of the attribution of responsibility. SOCIAL BEHAVIOR AND PERSONALITY, 1976, 4, 171-176.

- Hamilton, V. L.: Who is responsible? Toward a social psychology of responsibility attribution. SOCIAL PSYCHOLOGY, 1978, 41, 316-328.

- Hamilton, V. L.: Intuitive psychologist or intuitive lawyer? Alternative models of the attribution process. JOURNAL OF PERSONALITY AND SOCIAL PSYCHOLOGY, 1980, 39, 767-772.

- Harris, B.: Developmental differences in the attribution of responsibility. DEVELOPMENTAL PSYCHOLOGY, 1977, 13, 257-265.

- Hart, H. L. A. and Honoré, A. M.: CAUSATION IN THE LAW. Oxford England: Claredon Press, 1959.

- Hart, H. L. A. and Honoré, A. M.: Causation in the law. Vo: H. Morris (Ed.): FREEDOM AND RESPONSIBILITY. Stanford, Calif.: Stanford University Press, 1961.

- Havelka, N.: SOCIJALNA PERCEPCIJA, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1992.

- Heider, F.: Social perception and phenomenal causality. PSYCHOLOGICAL REVIEW, 1944, 51, 358-374.

- Heider, F.: THE PSYCHOLOGY OF INTERPERSONAL RELATIONS. New York, Wiley, 1958.

- Janoff-Bulman, R.: Characterological versus behavioral self-blame: Inquiries into depression and rape. JOURNAL OF PERSONALITY AND SOCIAL PSYCHOLOGY, 1979, 37, 1798-18o9.

- Janoff-Bulman, R. and Wortman, C.B.: Attributions of blame and coping in the "real world": Severe accident victims react to their lot. JOURNAL OF PERSONALITY AND SOCIAL PSYCOLOGY, 1977, 35, 351-363.

- Jones, E.E. and Davis, K.E.: From acts to dispositions: The attribution process in person perception. Vo:L. Berkowitz (Ed.), ADVANCES IN EXPERIMENTAL SOCIAL PSYCHOLOGY (Vol.2). New York: Academic Press, 1965.

- Kelley, H.H.: Attribution theory in social psychology. Vo: D. Levine (Ed.), NEBRASKA SYMPOSIUM ON MOTIVATION (Vol. 15). Lincoln: University of Nebraska Press, 1967.

- Kelley, H.H.: ATTRIBUTION IN SOCIAL INTERACTION. Morristown, N.J.: General Learning Press, 1971.

- Kelley, H.H.: Causal schemata and the attribution process. Vo: E.E. Jones, D.E. Kanouse, H.H. Kelley, R.E. Nisbett, S. Valins, and B. Weiner (Ed.), ATTRIBUTION: PERCEIVING THE CAUSES OF BEHAVIOR. Morristown, N.J. General Learning Press, 1972.

- Kiess, H.O. and Bloomquist, D.W.: PSYCHOLOGICAL RESEARCH METHODS, Allyn and Bacon, inc., Boston, 1985.

- Lerner, M.J.: The desire for justice and reactions to victims. Vo: J. McCauley and L. Berkowitz (Ed.): ALTRUISM AND HELPING BEHAVIOR. New York: Academic Press, 197o.

- Lerner, M.J. and Matthews, G.: Reactions to suffering of others under conditions of indirect responsibility. JOURNAL OF PERSONALITY AND SOCIAL PSYCHOLOGY, 1967, 5, 319-325.

- Lerner, M.J. and Miller, D.T.: Just world research and the attribution process: Looking back and ahead. PSYCHOLOGICAL BULLETIN, 1978, 85, 1o3o-1o51.

- Lowe, C.A. and Medway, F.J.: Effects of valence, severity, and relevance on responsibility and dispositional attribution. JOURNAL OF PERSONALITY, 1976, 44, 518-538.

- McKillip, J. and Posavac, E.J.: Attribution of responsibility for an accident: Effects of similarity to the victim and severity of consequences. PROCEEDINGS OF THE 80th ANNUAL CONVENTION OF THE AMERICAN PSYCHOLOGICAL ASSOCIATION, 1972, 7, 181-182.

- McKillip, J. and Posavac, E.J.: Judgments of responsibility for an accident. JOURNAL OF PERSONALITY, 1975, 43, 248-265.

- McMartin, J.A. and Shaw, J.I.: An attributional analysis of responsibility for a happy accident: Effects of ability, intention, and effort. HUMAN RELATIONS, 1977, 3o, 899-918.

- Medway, F.J. and Lowe, C.A.: Effects of outcome valence and severity on attribution of responsibility. PSYCHOLOGICAL REPORTS, 1975, 36, 239-246.

- Miller, D.T. and Ross, M.: Self-serving biases in the attribution of causality: Fact or fiction? PSYCHOLOGICAL BULLETIN, 1975, 82, 213-225.

- Nisbett, R. and Ross, L.: HUMAN INFERENCE: STRATEGIES AND SHORTCOMINGS OF SOCIAL JUDGMENT, Englewood Cliffs, N. J.: Prentice-Hall, 198o.

- Phares, E.J. and Wilson, K.G.: Responsibility attribution: Role of outcome severity, situational ambiguity, and internal-external control. JOURNAL OF PERSONALITY, 1972, 4o, 392-4o6.

- Ross, L.: The intuitive psychologist and his shortcomings. Vo: L. Berkowitz (Ed.): ADVANCES IN EXPERIMENTAL SOCIAL PSYCHOLOGY (Vol. 1o). New York: Academic Press, 1977.

- Rotter, J.B.: Generalized expectancies for internal versus external control of reinforcement. PSYCHOLOGICAL MONOGRAPHS, 1966, 8o, 1-28.

- Schroeder, D.A. and Linder, D.E.: Effects of actor's causal roles, outcome severity, and knowledge of prior accidents upon attribution of responsibility. JOURNAL OF EXPERIMENTAL SOCIAL PSYCHOLOGY, 1976, 12, 34o-356.

- Shaver, K.G.: Redress and conscientiousness in the attribution of responsibility for accidents. JOURNAL OF EXPERIMEN - TAL SOCIAL PSYCHOLOGY, 197o, 6, 1oo-11o. (a)

- Shaver, K.G.: Defensive attribution: Effects on severity and relevance on the responsibility assigned for an accident. JOURNAL OF PERSONALITY AND SOCIAL PSYCHOLOGY, 197o, 14, 1o1-113 (b).

- Shaw, M.E. and Iwawaki, S.: Attribution of responsibility by Japanese and Americans as a function of age. JOURNAL OF CROSS-CULTURAL PSYCHOLOGY, 1972, 3, 71-81.

- Shaw, J.I. and McMartin, J.A.: Perpetrator or victim? Effects of who suffers in an automobile accident on judgemental strictness. SOCIAL BEHAVIOR AND PERSONALITY, 1975, 3, 5-12.

- Shaw, M.E. and Reitan, H.T.: Attribution of responsibility as a basis for sanctioning behavior. BRITISH JOURNAL OF SOCIAL AND CLINICAL PSYCHOLOGY, 1969, 8, 217-226.

- Shaw, M.E. and Schneider, F.W.: Negro-white differences in attribution of responsibility as a function of age. PSYCHONOMIC SCIENCE, 1969, 16, 289-291.

- Shaw, J.I. and Skolnick, P.: Attribution of responisbility for a happy accident. JOURNAL OF PERSONALITY AND SOCIAL PSYCHOLOGY, 1971, 18, 38o-383.

- Shaw, M.E. and Sulzer, J.L.: An empirical test of Heider´s levels in attribution of responsibility. JOURNAL OF ABNORMAL AND SOCIAL PSYCHOLOGY, 1964, 69, 39-46.

- Sosis, H.R.: Internal-external control and the perception of responsibility of another for an accident. JOURNAL OF PERSONALITY AND SOCIAL PSYCHOLOGY, 1974, 3o, 393-399.

- Tyler, T. and Devinitz, V.: Self-serving bias in the attribution of responsibility: Cognitive versus motivational explanations. JOURNAL OF EXPERIMENTAL SOCIAL PSYCHOLOGY, 1981, 17, 4o8-416.

- Ugwuegbu, D.C. and Hendrick, C.: Personal causality and attribution of responsibility. SOCIAL BEHAVIOR AND PERSONALITY, 1974, 2, 76-86.

- Veltfort, H.R. and Lee, G.E.: The Cocoanut Grove fire: A study in scapegoating. JOURNAL OF ABNORMAL AND SOCIAL PSYCHOLOGY, 1943, 38, 138-154.

- Vidmar, N. and Crinklaw, L.D: Attributing responsibility for an accident: A methodological and conceptual critique. CANADIAN JOURNAL OF BEHAVIOURAL SCIENCE, 1974, 6, 112-13o.

- Walster, E.: Assignment of responsibility for an accident. JOURNAL OF PERSONALITY AND SOCIAL PSYCHOLOGY, 1966, 3, 73-79.

- Walster, E.: "Second guessing" important events. HUMAN RELATIONS, 1967, 2o, 239-249.

- Wortman, C.B. and Linder, D.E.: Attribution of responsibility for an outcome as a function of its likelihood. PROCEEDINGS OF THE 81st ANNUAL CONVENTION OF THE AMERICAN PSYCHOLOGICAL ASSOCIATION, 1973, 8, 149-15o.

- Younger, J.C., Earn, B.M. and Arrowood, A.J.: Happy accidents: Defensive attribution or rational calculus? PERSONALITY AND SOCIAL PSYCHOLOGY BULLETIN, 1978, 4, 52-55.

# ПРИЛОГ А.

- Упатство за работа во I-та фаза на испитувањето
- Упатство за работа во II-та фаза на испитувањето
- Стимулус приказни
- Прашалник

( I фаза )



## УПАТСТВО ЗА РАБОТА

На следните неколку страници се прикажани осум описи на сообраќајни несреќи. Овие описи се всушност скратени записници направени од сообраќајната милиција на Градскиот секретаријат за внатрешни работи-Скопје, за несреќи случени во 1990 год.

Во сите осум сообраќајни несреќи, сторители на несреќите се мажи-возачи, со положено "Б" категорија.

Вашата задача се состои во тоа, внимателно да го прочитате секој опис, и потоа да дадете свое мислење за степенот на одговорноста на сторителот на сообраќајната несреќа, со помош на една скала на процена која содржи седум степени на одговорност - " 1 2 3 4 5 6 7 ". Проценката за одговорноста на сторителот ќе ја изразите со заокружување на еден од наведените броеви, кои го имаат следното значење: "1" означува минимална, а "7" целосна одговорност, додека останатите, означуваат различни степени меѓу минималната и целосната одговорност.

( II фаза )

## УПАТСТВО ЗА РАБОТА

На следните неколку страници се прикажани осум описи на сообраќајни несреќи. Овие описи се всушност скратени записници направени од сообраќајната милиција на Градскиот секретаријат за внатрешни работи-Скопје, за несреќи случени во 199о год.

Во сите осум сообраќајни несреќи, сторители на несреќите се мажи-возачи со положено "Б" категорија, на возраст од 37 години, со завршено високо образование, и со возачки стаж од 16 години. Во нивното досегашно возачко искуство тие немале доживеано сообраќајни несреќи, и како возачи биле дисциплинирани, внимателни и трпеливи.

Вашата задача се состои во тоа, внимателно да го прочитате секој опис, и потоа да дадете свое мислење за степенот на одговорноста на сторителот на сообраќајната несреќа, со помош на една скала на процена која содржи седум степени на одговорност - "1 2 3 4 5 6 7". Проценката за одговорноста на сторителот ќе ја изразите со заокружување на еден од наведените броеви, кои го имаат следното значење: "1" означува минимална, а "7" целосна одговорност, додека останатите, означуваат различни степени меѓу минималната и целосната одговорност.

Возачот М.Н. со својот автомобил се движел во колона од неколку возила по средната лента, на коловозот со три сообраќајни ленти по кои возилата се движат во иста насока, во правец кон раскрсницата пред којашто се случила сообраќајната несреќа. Брзината на движењето на возилата била во рамките на дозволената и тие се наоѓале на прописно растојание еден од друг.

Кога возачот М.Н. со својот автомобил се нашол на пеесетина метри од раскрсницата, на семафорот се запалило црвеното светло. Во тој момент, возачот на првото возило од колоната наеднаш закочил, а истото тоа го сториле и возилата зад него. Возачот М.Н. исто така се обидел веднаш да закочи, но и покрај тоа што навреме неколку пати притиснал на педалата за кочење, автомобилот продолжил и понатаму да се движи. Увидувајќи дека неговата ножна кочница сосема неочекувано и непредвидливо откажала, тој веднаш реагирал и ја кренал рачната кочница но, неговиот автомобил бил веќе толку близу до автомобилот што се наоѓал пред него, така што тој сепак удрил во него.

Ударот не бил силен и последиците по другиот автомобил биле незначителни. Задниот браник на другиот автомобил бил свиткан, а лимот над задната регистерска таблица бил малку набиен.

Се до оваа непредвидлива случка, возачот М.Н. немал никаков проблем со уредот за кочење на неговиот автомобил, ниту пак таков проблем бил забележан на последниот технички преглед направен пред два месеци.

---

1. Во колкав степен, според Ваше мислење, возачот М.Н. е одговорен за случената сообраќајна несреќа ?

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| минимална одговорност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | целосна одговорност |

---

Возачот К.С. со својот автомобил се движел по десната сообраќајна лента, на коловозот што има две сообраќајни ленти, по кои возилата се движат во спротивни насоки, во правец на раскрсницата на којашто се случила сообраќајната несреќа. Брзината со која се движел била во рамките на дозволената, и тој имал првенство на минување преку раскрсницата, бидејќи на семафорот било запалено зеленото светло.

Кога возачот К.С. се нашол на петнаесетина метри од раскрсницата, еден невнимателен пешак не забележувајќи дека во тој момент нема право на минување преку коловозот, и дека од неговата лева страна наидува автомобил, се обидел да премине преку коловозот. Возачот К.С. иако навреме закочил, увидувајќи дека неизбежно ќе го удри пешакот, а неможејќи да сврти в десно, бидејќи на тротоарот се наоѓала група пешаци, тој намерно го свртел автомобилот в лево, и покрај тоа што забележал дека ќе мора да удри во автомобилот со кого во тој момент требало да се размине. На тој начин, возачот К.С. го заобиколил пешакот и намерно удрил во другиот автомобил.

Од ударот, последиците по другиот автомобил биле прилично сериозни. Вратата и задното лево крило биле сплескани, а патникот што седел на задното лево седиште претрпел сериозен прелом на левата рака и веднаш бил префрлен в болница.

---

1. Во колкав степен, според Ваше мислење, возачот К.С. е одговорен за случената сообраќајна несреќа ?

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| минимална одговорност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | целосна одговорност |

---

На коловозот со две сообраќајни ленти, по кои возилата се движат во спротивни насоки, возачот В.Р. со својот автомобил се движел по десната лента. По истата лента пред него се движел друг автомобил.

Возачот В.Р. неколку пати се обидел да го престигне автомобилот, но во сите тие обиди тој не успеал да го стори тоа. При сите тие неуспешни обиди тој сметал дека другиот возач нему не му дава пат, иако другиот возач сосема правилно возел. Кога на крајот, В.Р. се одлучил по секоја цена да го престигне автомобилот, тој значително ја зголемил брзината и без проблеми можел успешно него да го престигне. Меѓутоа, во моментот кога го престигнал, наместо да продолжи право, В.Р. веднаш го свртел својот автомобил в десно, и намерно му го затворил патот на другиот автомобил, принудувајќи го возачот да сврти в десно и да излезе од коловозот. Притоа, возачот на другиот автомобил иако веднаш закочил, тој не можел а да не удри во светлосниот столб на тротоарот.

Од ударот, последиците по другиот автомобил биле прилично сериозни. Десното предно крило и еден дел од моторот биле уништени, а совозачот што седел на предното десно седиште претрпел сериозна повреда на десната рака и веднаш бил префрлен в болница.

---

1. Во колкав степен, според Ваше мислење, возачот В.Р. е одговорен за случената сообраќајна несреќа ?

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| минимална одговорност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | целосна одговорност |

---

Автомобилот со кој управувал возачот В.И. се движел по левата лента од коловозот со три сообраќајни ленти,по кои возилата се движат во иста насока. По левата сообраќајна лента се движат сите возила кои на следната раскрсница свртуваат лево.

Кога возачот В.И. се нашол на пеесетина метри од раскрсницата, тој ја променил својата одлука за правецот на движењето и наместо да врти лево, се одлучил да оди право. Тој, набрзина дал десен жмигавец и веднаш се обидел да се престрои на средната лента со цел да продолжи право. Но престројувањето го направил сосема невнимателно, бидејќи навреме можел да забележи дека во тој момент веднаш зад него по средната лента се движел друг автомобил, со иста брзина на движење како и неговата, и на тој начин да предвиди дека може да предизвика несреќа. И покрај тоа што возачот на другиот автомобил веднаш закочил, тој не можел а да не удри во задниот десен дел од автомобилот на В.И. кој одеднаш се препречил пред него.

Од ударот другиот автомобил бил незначително оштетен. Неговиот преден браник од левата страна бил искривен, а предниот лев жмигавец скршен.

---

1. Во колкав степен, според Ваше мислење, возачот В.И. е одговорен за случената сообраќајна несреќа ?

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| минимална одговорност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | целосна одговорност |

---

Сообраќајната несреќа се случила на раскрсница на која што се вкрстуваат два тесни коловоза со по две сообраќајни ленти, по кои возилата се движат во спротивни насоки. Возачот С.П. со својот автомобил се движел по десната лента на едниот коловоз и заедно со другите возила што се движеле по тој коловоз имале пр - венство на минување на раскрсницата, бидејќи на семафорот било запалено зелено светло. Брзината на движењето на возилата била во рамките на дозволената, а исто така тие се наоѓале на прописно растојание еден од друг.

На раскрсницата возачот С.П., заедно со уште неколку возила што се наоѓале пред него, свртел в лево за да се вклучи на десната лента на другиот коловоз. Кога се нашол веќе на средината на раскрсницата, возачот што возел пред него наеднаш закочил, бидејќи еден невнимателен пешак се обидел да претрча преку коловозот, и од наглото кочење неговиот автомобил се занесол в десно. Во тој момент, и возачот С.П. се обидел веднаш да закочи но иако неколку пати притиснал на педалата за кочење, автомобилот продолжил и понатаму да се движи. Увидувајќи дека неговата ножна кочница сосема неочекувано и непредвидливо откажала, тој веднаш реагирал и ја кренал рачната кочница, но, бил веќе толку близу до другиот автомобил, така што сепак удрил во него.

Од ударот, другиот автомобил бил сериозно оштетен. Вратите од левата страна, особено задната, биле прилично сплескани, а патникот што седел на задното лево седиште претрпел сериозна скршеница на левата рака и веднаш бил префрлен во болница.

Се до оваа непредвидлива случка, возачот С.П. немал никаков проблем со уредот за кочење на неговиот автомобил, ниту пак таков проблем бил забележан на последниот технички преглед направен пред еден месец.

---

1. Во колкав степен, според Ваше мислење, возачот С.П. е одговорен за случената сообраќајна несреќа ?

| минимална одговорност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | целосна одговорност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

---

Сообраќајната несреќа се случила на раскрсница на која сообраќајот е регулиран со семафори. Возачот Р.Л. со својот автомобил се движел по левата лента на коловозот што има две сообраќајни ленти по кои возилата се движат во иста насока. Речиси паралелно со него, по десната лента се движел друг автомобил. Брзината и на двата автомобила во рамките на дозволената и тие имале првенство на минување преку раскрсницата, бидејќи на семафорот било запалено зеленото светло.

Кога двата автомобила биле веќе на дваесетина метра од раскрсницата, еден невнимателен пешак, иако немал право на минување преку коловозот, и што од неговата лева страна наидувале двата автомобила, сакајќи набрзина да премине, се обидел да претрча преку коловозот. Тој успеал да помине преку првата лента и да го избегне автомобилот што се движел по неа, но кога се нашол при крајот на втората лента, тој веќе бил толку близу до автомобилот со кој управувал возачот Р.Л.така што неминовно ќе бил удрен од него. Возачот Р.Л. иако навреме закочил, увидувајќи дека неизбежно ќе го удри пешакот ако не сврти в десно, тој намерно го свртел автомобилот в десно и покрај тоа што забележал дека ќе мора да удри во автомобилот што се движел по десната лента. На тој начин, возачот Р.Л. го избегнал пешакот и намерно удрил во другиот автомобил.

Притоа, тој удрил во задниот дел на другиот автомобил. Од ударот последиците по автомобилот биле незначителни бидејќи само задниот дел на крилото бил делумно набиен, а задниот лев жмигавец скршен.

---

1. Во колкав степен, според Ваше мислење, возачот Р.Л. е одговорен за случената сообраќајна несреќа ?

| минимална одговорност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | целосна одговорност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

---

Сообраќајната несреќа се случила на коловозот со две сообраќајни ленти, по кои возилата се движат во иста насока. Возачот Л.Б. со својот автомобил се движел по десната лента, сакајќи на следната раскрсница да продолжи право.

На триесетина метри пред раскрсницата тој ја променил својата одлука за правецот на движењето, и наместо да продолжи право, се обидел веднаш да се престрои на левата сообраќајна лента, за да на раскрсницата сврти лево. Притоа, возачот Л.Б. набрзина дал лев жмигавец и веднаш се обидел да се престрои. Но престројувањето го направил сосема невнимателно, бидејќи можел навреме да забележи дека во тој момент веднаш зад него по левата лента се движел друг автомобил со иста брзина на движење како и неговата, и на тој начин да предвиди дека може да предизвика несреќа. Возачот на другиот автомобил, иако веднаш закочил, не можел а да не се удри во задниот лев дел од автомобилот на Л.Б., којшто одеднаш се препречил пред него.

Сударот бил таков така што другиот автомобил бил прилично оштетен. Десното предно крило и еден дел од моторот биле прилично уништени, а совозачот што седел на предното десно седиште претрпел сериозен прелом на десната рака и расекотини на главата, и веднаш бил префрлен во болница.

---

1. Во колкав степен, според Ваше мислење, возачот Л.Б. е одговорен за случената сообраќајна несреќа ?

| минимална одговорност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | целосна одговорност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

---

Возачот А.Ј. со својот автомобил се движел во колона од возила, по десната лента на коловозот со две сообраќајни ленти, по кои возилата се движат во спротивни насоки. Во колоната тој бил втор по ред и пред него се наоѓал само еден автомобил.

Возачот А.Ј. неколку пати се обидел него да го престигне, но сите негови обиди му биле неуспешни поради возилата коишто доаѓале од спротивната насока. Мислејќи дека возачот на другиот автомобил не му дава пат, иако тој цело време прописно си возел, А.Ј. решил по секоја цена него да го престигне. Притоа, тој ја зголемил брзината и го почнал престигнувањето. Кога веќе речиси го престигнал, тој својот автомобил намерно го свртел в десно, со цел да му го затвори патот на другиот автомобил. Во тој момент, возачот на другиот автомобил бидејќи бил намерно принуден од А.Ј. морал да сврти в десно и притоа веднаш закочил. Меѓутоа, иако закочил тој сепак не можел а да не удри во контејнерот кој бил поставен на ивицата на тротоарот.

Ударот не бил силен така што последиците по автомобилот биле незначителни. Неговото предно десно крило било делумно набиено, а жмигавецот скршен.

---

1. Во колкав степен, според Ваше мислење, возачот А.Ј. е одговорен за случената сообраќајна несреќа ?

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| минимална одговорност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | целосна одговорност |

---

ПРАШАЛНИК

1. Година на раѓање __________

2. Степен на образование: а) основно
   б) средно
   в) више
   г) високо

3. За која категорија моторни возила имате положен возачки испит?

   А Б Ц Д Е

4. Колку години поседувате возачка дозвола?

   __________

5. Колку години активно возите?

   __________

6. Дали во Вашето досегашно возачко искуство сте доживеале било каква сообраќајна несреќа, без оглед дали Вие неа сте ја предизвикале или таа била предизвикана од некој друг?

   а) Да

   б) Не

7. Дали во Вашиот досегашен живот сте биле жртва на било каква сообраќајна несреќа, без оглед дали полесно или потешко сте биле повредени?

   а) Да

   б) Не

8. Како Вие самите себе се проценувате како <u>возач</u> односно, во колкав степен Вие како возач ги поседувате подолу наведените особини ?

---

Самопроценувањето треба да го вршите на следниот начин:

ПРИМЕР

ВЕШТ 3 2 1 о 1 2 3 НЕВЕШТ

Прво треба да определите дали себеси се сметате за вешт или за невешт возач, па потоа да означите колку сте вешт односно, колку сте невешт возач, заокружувајќи еден од броевите што стојат покрај вешт односно невешт. Броевите го имаат следното значење:

3 - сосема вешт или сосема невешт возач

2 - многу вешт или многу невешт возач

1 - повеќе вешт отколку невешт или повеќе невешт отколку вешт возач

о - ниту вешт, ниту невешт возач

---

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | РЕШИТЕЛЕН | 3 | 2 | 1 | о | 1 | 2 | 3 | КОЛЕБЛИВ |
| 2. | ТОЛЕРАНТЕН | 3 | 2 | 1 | о | 1 | 2 | 3 | НЕТОЛЕРАНТЕН |
| 3. | ДИСЦИПЛИНИРАН | 3 | 2 | 1 | о | 1 | 2 | 3 | НЕДИСЦИПЛИНИРАН |
| 4. | НЕРВОЗЕН | 3 | 2 | 1 | о | 1 | 2 | 3 | СМИРЕН |
| 5. | СНАОДЛИВ | 3 | 2 | 1 | о | 1 | 2 | 3 | НЕСНАОДЛИВ |
| 6. | НЕВНИМАТЕЛЕН | 3 | 2 | 1 | о | 1 | 2 | 3 | ВНИМАТЕЛЕН |
| 7. | СИГУРЕН | 3 | 2 | 1 | о | 1 | 2 | 3 | НЕСИГУРЕН |
| 8. | НЕОДГОВОРЕН | 3 | 2 | 1 | о | 1 | 2 | 3 | ОДГОВОРЕН |
| 9. | ТРПЕЛИВ | 3 | 2 | 1 | о | 1 | 2 | 3 | НЕТРПЕЛИВ |
| 1о. | НЕКОРЕКТЕН | 3 | 2 | 1 | о | 1 | 2 | 3 | КОРЕКТЕН |

# ПРИЛОГ Б.

- Скорови на припишаната одговорност на сторителите на сообраќајните несреќи од страна на испитаниците

Табела Б. Скорови на припишаната одговорност на сторителите на сообраќајните несреќи од страна на испитаниците во двете фази на испитувањето

| | | $C_1$ | | $C_2$ | | $C_3$ | | $C_4$ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Испитаници | | $A_1$ | $A_2$ | $A_1$ | $A_2$ | $A_1$ | $A_2$ | $A_1$ | $A_2$ |
| 1. | $B_1$ | 1 | 2 | 7 | 7 | 7 | 7 | 1 | 3 |
| | $B_2$ | 1 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 1 | 2 |
| 2. | | 6 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 3 | 6 |
| | | 3 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 1 |
| 3. | | 2 | 2 | 7 | 7 | 7 | 7 | 3 | 4 |
| | | 2 | 1 | 6 | 6 | 7 | 7 | 3 | 3 |
| 4. | | 2 | 3 | 6 | 7 | 6 | 7 | 3 | 4 |
| | | 2 | 1 | 7 | 6 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| 5. | | 1 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 1 | 1 |
| | | 1 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 1 | 1 |
| 6. | | 2 | 2 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 4 |
| | | 2 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 2 |

Напомена:

$A_1$- мали последици

$A_2$- големи последици

$B_1$- мала лична сличност

$B_2$- голема лична сличност

$C_1$- ниво на каузалност

$C_2$- ниво на предвидливост

$C_3$- ниво на намера

$C_4$- ниво на оправдување

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. | 3 | 3 | 7 | 7 | 7 | 7 | 3 | 3 |
| | 1 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| 8. | 1 | 3 | 7 | 7 | 7 | 7 | 1 | 3 |
| | 2 | 1 | 6 | 6 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| 9. | 1 | 3 | 7 | 7 | 7 | 7 | 1 | 1 |
| | 3 | 3 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| 10. | 4 | 5 | 7 | 7 | 7 | 7 | 1 | 1 |
| | 4 | 2 | 6 | 6 | 7 | 7 | 1 | 1 |
| 11. | 3 | 3 | 6 | 7 | 7 | 7 | 2 | 4 |
| | 2 | 2 | 7 | 6 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| 12. | 3 | 5 | 7 | 7 | 7 | 7 | 4 | 4 |
| | 4 | 4 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 1 |
| 13. | 2 | 3 | 6 | 6 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| | 1 | 2 | 6 | 6 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| 14. | 2 | 4 | 7 | 7 | 7 | 7 | 5 | 7 |
| | 4 | 4 | 7 | 6 | 7 | 7 | 4 | 3 |
| 15. | 1 | 2 | 4 | 6 | 7 | 7 | 1 | 2 |
| | 2 | 1 | 3 | 4 | 7 | 6 | 2 | 1 |
| 16. | 1 | 3 | 6 | 6 | 6 | 6 | 1 | 2 |
| | 2 | 3 | 5 | 5 | 3 | 3 | 1 | 1 |
| 17. | 2 | 4 | 7 | 7 | 7 | 7 | 3 | 4 |
| | 2 | 2 | 5 | 5 | 7 | 7 | 3 | 3 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18. | 1 | 2 | 6 | 6 | 7 | 7 | 1 | 2 |
| | 1 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| 19. | 1 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 1 | 1 |
| | 1 | 1 | 6 | 6 | 7 | 7 | 1 | 1 |
| 20. | 3 | 4 | 7 | 7 | 7 | 7 | 1 | 2 |
| | 4 | 4 | 7 | 6 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| 21. | 1 | 2 | 3 | 5 | 6 | 6 | 2 | 3 |
| | 2 | 2 | 5 | 5 | 6 | 6 | 3 | 3 |
| 22. | 2 | 2 | 6 | 7 | 7 | 7 | 1 | 1 |
| | 2 | 1 | 7 | 6 | 7 | 7 | 2 | 1 |
| 23. | 1 | 2 | 6 | 6 | 7 | 7 | 3 | 5 |
| | 1 | 1 | 6 | 6 | 7 | 7 | 3 | 3 |
| 24. | 2 | 4 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 4 |
| | 3 | 4 | 7 | 6 | 7 | 7 | 3 | 3 |
| 25. | 2 | 3 | 5 | 5 | 7 | 7 | 3 | 4 |
| | 4 | 4 | 5 | 5 | 7 | 7 | 4 | 3 |
| 26. | 1 | 2 | 7 | 7 | 7 | 7 | 1 | 2 |
| | 1 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| 27. | 4 | 4 | 6 | 6 | 7 | 7 | 3 | 5 |
| | 3 | 1 | 6 | 6 | 7 | 7 | 3 | 3 |
| 28. | 3 | 6 | 7 | 7 | 7 | 7 | 4 | 6 |
| | 3 | 3 | 7 | 7 | 7 | 7 | 5 | 6 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 29. | 1 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 3 |
| | 1 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 3 | 3 |
| 30. | 1 | 1 | 4 | 7 | 1 | 6 | 1 | 1 |
| | 1 | 1 | 6 | 6 | 7 | 7 | 1 | 1 |
| 31. | 1 | 3 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 4 |
| | 2 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 3 | 2 |
| 32. | 1 | 2 | 6 | 7 | 7 | 7 | 1 | 2 |
| | 1 | 2 | 6 | 6 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| 33. | 2 | 4 | 5 | 6 | 6 | 7 | 2 | 3 |
| | 3 | 3 | 6 | 5 | 6 | 6 | 3 | 2 |
| 34. | 1 | 2 | 5 | 5 | 7 | 7 | 1 | 1 |
| | 1 | 1 | 6 | 4 | 7 | 7 | 1 | 1 |
| 35. | 1 | 3 | 7 | 7 | 7 | 7 | 6 | 6 |
| | 2 | 2 | 6 | 6 | 7 | 6 | 3 | 3 |
| 36. | 1 | 3 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 3 |
| | 2 | 2 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| 37. | 1 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 5 | 7 |
| | 1 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 3 | 3 |
| 38. | 1 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 1 | 2 |
| | 1 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| 39. | 1 | 3 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 4 |
| | 1 | 2 | 7 | 6 | 6 | 6 | 3 | 2 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 40. | 2 | 4 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 3 |
| | 2 | 1 | 7 | 6 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| 41. | 1 | 2 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 4 |
| | 1 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| 42. | 1 | 5 | 7 | 7 | 7 | 7 | 3 | 6 |
| | 2 | 3 | 7 | 7 | 7 | 7 | 3 | 3 |
| 43. | 1 | 1 | 5 | 6 | 7 | 7 | 1 | 1 |
| | 2 | 1 | 6 | 4 | 7 | 7 | 1 | 1 |
| 44. | 2 | 3 | 7 | 7 | 7 | 7 | 4 | 5 |
| | 2 | 2 | 7 | 7 | 7 | 6 | 4 | 3 |
| 45. | 1 | 1 | 6 | 6 | 7 | 7 | 1 | 2 |
| | 1 | 1 | 6 | 6 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| 46. | 3 | 4 | 6 | 6 | 5 | 6 | 3 | 5 |
| | 2 | 2 | 5 | 5 | 6 | 6 | 3 | 3 |
| 47. | 3 | 4 | 7 | 7 | 7 | 7 | 3 | 3 |
| | 2 | 2 | 7 | 7 | 5 | 5 | 3 | 3 |
| 48. | 2 | 3 | 5 | 5 | 6 | 6 | 2 | 3 |
| | 1 | 1 | 6 | 4 | 6 | 6 | 2 | 2 |
| 49. | 1 | 2 | 6 | 7 | 7 | 7 | 1 | 2 |
| | 1 | 1 | 6 | 7 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| 50. | 1 | 2 | 6 | 7 | 7 | 7 | 3 | 4 |
| | 1 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 2 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 51. | 1 | 4 | 4 | 4 | 7 | 7 | 3 | 6 |
| | 2 | 2 | 6 | 5 | 7 | 6 | 3 | 3 |
| 52. | 1 | 2 | 3 | 6 | 7 | 7 | 2 | 4 |
| | 2 | 1 | 7 | 6 | 7 | 7 | 3 | 3 |
| 53. | 3 | 3 | 7 | 7 | 7 | 7 | 3 | 4 |
| | 1 | 1 | 7 | 6 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| 54. | 1 | 2 | 7 | 7 | 7 | 7 | 4 | 4 |
| | 1 | 1 | 7 | 7 | 7 | 6 | 3 | 2 |
| 55. | 1 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 1 | 1 |
| | 1 | 1 | 7 | 6 | 7 | 7 | 1 | 1 |
| 56. | 3 | 3 | 7 | 7 | 7 | 7 | 3 | 4 |
| | 3 | 3 | 7 | 7 | 7 | 7 | 3 | 3 |
| 57. | 3 | 4 | 5 | 7 | 7 | 7 | 3 | 4 |
| | 3 | 4 | 6 | 6 | 7 | 6 | 3 | 3 |
| 58. | 3 | 6 | 7 | 7 | 7 | 7 | 4 | 7 |
| | 4 | 5 | 7 | 7 | 7 | 7 | 4 | 5 |
| 59. | 2 | 3 | 6 | 6 | 6 | 6 | 2 | 4 |
| | 3 | 3 | 6 | 6 | 6 | 6 | 2 | 3 |
| 6o. | 2 | 3 | 6 | 6 | 7 | 7 | 4 | 5 |
| | 2 | 2 | 5 | 5 | 6 | 6 | 4 | 4 |
| 61. | 1 | 3 | 7 | 7 | 7 | 7 | 1 | 4 |
| | 2 | 2 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 2 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 62. | 1 | 3 | 1 | 7 | 5 | 7 | 3 | 5 |
| | 1 | 2 | 7 | 6 | 7 | 7 | 3 | 3 |
| 63. | 3 | 5 | 4 | 4 | 7 | 7 | 4 | 5 |
| | 3 | 1 | 4 | 3 | 6 | 6 | 2 | 3 |
| 64. | 2 | 2 | 7 | 7 | 7 | 7 | 5 | 5 |
| | 1 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 3 | 3 |
| 65. | 2 | 3 | 5 | 5 | 6 | 6 | 2 | 4 |
| | 1 | 2 | 5 | 4 | 6 | 6 | 3 | 3 |
| 66. | 1 | 4 | 7 | 7 | 7 | 7 | 4 | 6 |
| | 2 | 2 | 7 | 7 | 7 | 7 | 3 | 4 |
| 67. | 4 | 5 | 7 | 7 | 7 | 7 | 4 | 5 |
| | 2 | 1 | 6 | 7 | 7 | 7 | 3 | 2 |
| 68. | 2 | 3 | 5 | 7 | 7 | 7 | 1 | 3 |
| | 1 | 1 | 6 | 6 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| 69. | 2 | 4 | 7 | 7 | 6 | 7 | 3 | 4 |
| | 1 | 2 | 7 | 7 | 6 | 6 | 2 | 2 |
| 70. | 1 | 3 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 4 |
| | 2 | 2 | 6 | 6 | 6 | 6 | 3 | 3 |
| 71. | 1 | 2 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 4 |
| | 2 | 2 | 7 | 7 | 7 | 7 | 3 | 4 |
| 72. | 4 | 5 | 7 | 7 | 7 | 7 | 3 | 5 |
| | 3 | 3 | 7 | 6 | 7 | 7 | 1 | 1 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 73. | 1 | 2 | 5 | 7 | 7 | 7 | 2 | 4 |
| | 2 | 2 | 6 | 6 | 5 | 5 | 2 | 3 |
| 74. | 1 | 3 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 4 |
| | 1 | 1 | 6 | 6 | 7 | 7 | 1 | 2 |
| 75. | 1 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| | 1 | 1 | 7 | 7 | 7 | 6 | 1 | 1 |
| 76. | 1 | 1 | 6 | 6 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| | 2 | 1 | 6 | 6 | 6 | 6 | 1 | 1 |
| 77. | 1 | 1 | 4 | 6 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| | 1 | 1 | 6 | 5 | 6 | 6 | 2 | 2 |
| 78. | 2 | 4 | 7 | 7 | 7 | 7 | 3 | 3 |
| | 2 | 2 | 6 | 6 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| 79. | 1 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 2 |
| | 1 | 1 | 7 | 6 | 7 | 7 | 1 | 1 |
| 80. | 1 | 1 | 6 | 6 | 7 | 7 | 1 | 1 |
| | 2 | 1 | 6 | 6 | 7 | 7 | 1 | 1 |
| 81. | 1 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 6 | 6 |
| | 1 | 1 | 6 | 6 | 7 | 7 | 4 | 4 |
| 82. | 1 | 3 | 6 | 7 | 7 | 7 | 2 | 3 |
| | 3 | 2 | 6 | 6 | 7 | 7 | 2 | 1 |
| 83. | 3 | 4 | 7 | 7 | 6 | 6 | 3 | 3 |
| | 4 | 4 | 6 | 6 | 6 | 6 | 2 | 2 |
| 84. | 3 | 3 | 6 | 7 | 7 | 7 | 2 | 5 |
| | 3 | 2 | 7 | 7 | 7 | 7 | 2 | 3 |